## ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРЕТХОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ

Во претходните четири (4) документи беше наведен начинот на моето уништување... Овде се наведува преостанатото, она што не е објавено, и тоа само групирано по државни органи и друго.

**1.** ПРАВОСУДСТВО: а) за судски спор и б) повторување истиот.

**а) Судски спор** П.бр.987/91-92 за дисциплинска мерка престанок на работен однос од 20.05.1991 и губење право на вработување.

На 27.12.1997 за П.бр.987/91 до РЕПУБЛИЧКИ СУДСКИ СОВЕТ на Собранието на Р.Македонија испратив предмет: ″Ж А Л Б А

Бев прераспределен бесправно на несоодветно и без основа на друго работно место во ЗК ′Пелагонија′- Битола. Спорот го добив и решението го потврди Врховнниот суд на Македонија во 1991 година. Судиите Ристо Георгиевски, Бранко Цокински, Благој Стојковски и Владимир Атанасов- Капакот го укинаа решението на Врховниот суд и недозволија да се изврши. Токму затоа за нив поднесов кривична пријава и барав нивно иземање кај претседателот на Окружниот суд Божидар Кочов за следниот предмет 987/91, што следи потоа.

Се јавив на конкурс за директор на ЗК ′Пелагонија′. Бев одбиен и заведив спор. Судијата беше Ѓорѓи Христовски. Спорот го изгубив, бидејќи судијата беше лажго: против кандидатот Вангел Гагачев немаше поднесено развојна програма, а судијата докажуваше дека неговата била прифатена и затоа тој бил избран за директор. За оваа услуга сопругата на судијата реди унапредувања во ЗК ′Пелагонија′. Следи одмазда и ми монтира судски спор без докази и факти. Ова го потврдува комисијата оформена од Кабинетот на претседателот на Извршниот совет на СРМ, со предмет од 03.05.1991.За тоа беше повод дека преку 90% вработени беа потписници за да постане Свињарската фарма како порано работна единица а да се издвои од составот на пресметковна единица сточарство на работната единица ′Коле Канински′ с.Породин. Затоа заведивме спор. Спорот го изгубивме кај судијата Ѓорѓи Христовски, Ристо Георгиевски, Бранко Цокински и Никола Николовски- Коши. За судијата Никола Николовски- Коши до Божидар Кочов поднесов барање за иземање за предметот 987/91. Следи дисциплинска мерка престанок на работен однос на 20.05.1991 и тоа на водачот Китан Минчевски, кој беше обвинет за повеќе и потешки дела, и мене како негов подржувач. Заведивме судски спор и судија беше Христина Белева. Против нас беше сведок братот на судијата и претседател на Синдикатот, кој не го запозна истиот и неговиот став го прогласи за синдикален.

Окружниот суд во февруари 1992 година донесува решение, дека нема докази и факти, процесот бил монтиран и нахнадно се проширени обвиненијата. Тоа го потврдува Општинскиот суд и донесува времена мерка за личен доход до завршување на спорот. Ристо Георгиевски, Бранко Цокински и Никола Николовски- Коши судат непречено. Го враќаат предметот назад и ги прошируваат моите обвиненија. Поднесов повторна кривичнна пријава против нив и барав повеќе да не судат за предметот.

Без мое знаење беше иземен судијата (Васко Радевски, Р.И.) во Општинскиот суд и беше назначен Благој Доновски. Тој го потврди решението од Окружниот суд. Го поткупија нашиот адвокат Ицко Димовски и тој ја закасна нашата жалба за еден ден. Судиите во Окружниот суд Ристо Георгиевски, Бранко Цокински и Никола Николовски- Коши судат непречено и го отрлаат предметот како неблаговремено поднесен. Поднесов кривична пријава против адвокатот. Тој не беше казнет оти за нив не ме оштетил. Јас како неука странка имав поднесено истиот ден жалба до Врховниот суд, кога адвокатот го примил решението. Предметот се врати на повторно разгледување. Барав иземање на судијата Благој Доновски. Тој понатаму судеше. Барањето на адвокатот беше одбиено, а беше прифатено моето да се врати предметот во првобитна состојба. Предметот се враќа во првобитна состојба да се разгледа во Окружниот суд. Тој го препраќа предметот до Врховниот суд, каде постанал врховен судија првиот братучед на директорот Вангел Гагачев судијата на Окружниот суд- Битола Вангел Гагачев. По година се враќа предметот со решение од судиите Ранко Максимовски, Даринка Стојановска, Петар Голубовски, Кочо Хаџи Лега и Димитар Узунов, каде стои дека нема докази и факти, предметот требало да го решава Окружниот суд, зошто до нив се испраќа недозавршени предмети и Окружниот суд не си ја обавил работата. Се менуваат су-

диите во Окружниот суд и тој носи решение дека нема докази и факти, процесот е монтиран и обвиненијата нахнадно се проширени. Се враќа предметот до Општинскиот суд и не беше прифатено новото мое барање за иземање на судијата Благој Доновски. Го поткупија Китан Минчевски и тој ја повлече тужбата, што беше неможно оти таа беше заедничка, него го вратија на исто работно место, му го исплатија обештетувањето и продолжија да ме судат само мене. Мојата жалба ја отфрлија судиите Божидар Кочов, Благој Стојковски и Владимир Атанасов- Капакот, при што ќерката на Божи-дар Кочов беше стажантка кај Благој Доновски. Овде има и дрскост- судиите не го проучиле предметот: се наведува правната работа за тужителите Ристо Ивановски и Китан Минчевски, а се донесува пресуда само за тужителот (Ристо Ивановски). Предметот со години го држи во својата фиока Вангел Гагачев. Директорот Вангел Гагачев на локалните избори постанува советник во Битола за СДСМ и по налог на партијата на власт судиите Ранко Максимовски, Кирил Чавдар, Петар Голубовски, Лубинка Муратовска- Маркова и Виолета Јосифова донесуваат пресуда, се одбива ревизијата. Одлуката не е едногласна, каде се среќаваат истите судии Ранко Максимовски, Петар Голубовски кои несмеат за ист предмет да имаат два става, како и Кирил Чавдар кој гласал за мене и се борел против крволочниот Вангел Гагачев како силеџија и човек без општа култура, кој злоупотребува функција да го украде Комбинатот неговиот прв братучед, за кого сум поднесол кривична пријава за грабеж од 3,5 милиони германски марки, што ќе се реши кога да е. Тој издејствувал да не се почитува законот за камати од Врховниот суд што е како предлог до Уставниот суд од граѓани на Битола.

Јас како странка не постојам, кај сите расправи беше уништуван предметот од Кабинетот на претседателот. Така со овој судски спор му се нанесе штета на Комбинатот: 100% се ликвидира свињарската фарма од чумата, 100% умреа кравите од глад и студ, преку 100 потрошачи на свинско месо од стафилококоза итн. На луѓето на кои треба да им се суди за злодела Вангел Гагачев и други поситни живи суштества ме ликвидираа.

Молам да се почитуваат законите и прифати мојата жалба″.

На 04.02.1998 за П.бр.987/91 до Републичкиот судски совет- Скопје испратив предмет: ″З А М О Л Н И Ц А

На 27.12.1997 испратив мој предмет, во кој наведував за маратонскиот процес без докази и факти за монтираниот судски спор. Исто така, на 28.10.1997 поднесов предмет до надлежниот Народен правобранител кој беше основан за заштита на граѓаните за неправдите направени од страна на судовите. За нивната надлежност се говореше насекаде и тој се основа на барање на Европската заедница. Тоа добро го знаеме од изјавата на Елизабет Рен. Бидејќи Народниот правобранител не сакаше да превземи баш ништо, на 03.01.1998 испратив нов предмет за убрзување на постапката. На мојот предмет за убрзување следи предметот на Народниот правобранител бр.24/1 од 15.01.1998 кој го добив на 20.01.1998. Предметот беше испратен од заменикот на народниот правобранител Сузана Салиу со телефон да се договориме за разговор. Бидејќи Народниот правобранител се преселил во друг објект, се одложи расправата и таа се одржа на 27.01.1998. Јас и го приложив на С.Салиу мојот предмет како доказ од Кабинетот на Претседателот на Владата на СРМ од 03.05.1991, таа ми соопшти дека тој (Академик проф. д-р Никола Клусев) бил партиски премиер, што е дрско кога тој беше шев на експетската влада. Освен тоа, таа ми соопшто дека тие не биле надлежни за човековите права и ме упати кај надлежниот Републички судски совет. Јас и соопштив дека до Вас сум испратил предмет и зошто ме повикуваат кога не се надлежни. Токму затоа разговорот заврши. За моите проблеми со приватизираното и партиско судство сум пишувал повеќе пати. Таков последен напис е објавен во ′Дело′ на ден 21.01.1998 со наслов ′Гагачев ги уништи ЗК >Пелагонија< и стручниот кадар′, зашто небил надлежен Народниот правобранител ?!

Како доказ дека Народниот правобранител дрско ги одбегнува неговите надлежности, зашто е основан по принуда на Европската заедница, е предметот од Народниот правобранител на С.Салиу со одлука на истиот потпишана од Бранко Наумовски бр.46-24/2 од 02.02.1998,кој го добив денес 04.02.1998, каде се наведува и ′со оглед на тоа дека судовите се самостојни и независни, Народниот правобранител не може да се впушта во тоа дали нивните одлуки се правилни или неправилни′. Значи, за Народниот правобранител не е битно дали има докази и факти за изречената дисциплинска мерка престанок на работен однос, кое

се потврдува со предметот на Кабинетот на претседателот на Владата на СРМ, одлуката на Окружниот и Општинскиот суд, како и Врховниот суд, а со иземање на судиите како самоволен чин се менуваат одлуките и тие постануваат конечно за да се уништи личноста која не припаѓа во групата на државниот непријател тиквар и арамија директорот Вангел Гагачев и неговиот прв брачед судија Вангел Гагачев (прво време како окружен, а потоа како врховен).

Како обесправен, оштетен и уништен граѓанин од семејната банда Гагачеви која го уништи и укради ЗК ′Пелагонија′- Битола молам да преземите правни дејствија според Вашата надлежност″.

На 02.01.1999 до Министерот за правда Влада на Р.Македонија испратив предмет со наслов ″САМОВОЛИЈАТА НА СУДОВИТЕ Тоа се огледа за мојата обесправеност и оштетеност од 1990 година:

1. Во 1990 година бев насилно преместен на пониско работно место во ЗК ′Пелагонија′-Битола. Спорот го добив и во Врховниот суд на Македонија, но тој до денес не е извршен заради заштитната улога на судијата Вангел Гагачев на неговиот прв братучед и директор на Комбинатот Вангел Гагачев. Освен тоа, насилнички дозволи претседателот на Окружниот суд Божидар Кочов да го водат без прекин со години извршниот предмет И.бр. 2753/91 судиите: Ристо Георгиевски, Бранко Цокински, Благој Стојковски и Владимир Атанасов.

2. Во 1990 година поднесов документи за генерален директор на Комбинатот и незаконски поставен за генерален директор Вангел Гагачев. Тој ми монтира судски процес: 100% без основа. На мој протест до Претседателот на Извршниот совет на СРМ, од неговиот кабинет добив предмет од 03.05.1991 во кого стои дека нема докази и факти. Потоа јас и Китан Минчевски сме избркани од работа од 20.05.1991. Иако Китан Минчевски беше обвинет за повеќе и потешки дела а тужбата ни беше заедничка, тој беше вратен на работа и го прими своето обештетување. Освен тоа, сите судии кои решаваа во моја полза, без изземени, а јас го изгубив правото да бидат изземени судиите: Ристо Георгиевски, Бранко Цокински, Никола Николовски во Окружниот суд, но и други наведени под бр. 1, за кои дури поднесов и кривични пријави. Тие непречено судат заедно со судијата од Општинскиот суд Благој Доновски (за него три пати не беше прифатено моето барање од претседателот Душко Јанкуловски). Значи, 100% одлуките се незаконски. Кај нив постои само една странка, тужениот ЗК ′Пелагонија′. Врховниот суд расправајќи по мојот предмет П.бр.987/92 го обвинува Окружниот суд како тој не си ја обавил својата задача, како делото е монтирано и се испраќаат предмети кои не се дозавршени. Тоа се случи заради поткупувањето на нашиот адвокат (мој и на Китан) Ицко Димовски, кој намерно ја закасна жалбата за да го изгубам спорот. Судбината ја запечати само за мене Божидар Кочов со Благој Стојковски и Владимир Атанасов. Така од вкупно 13 одлуки, започнувајќи со Христина Белева, 7 се на моја штета, а 6 се во моја полза. Значи, ист предмет со исти одлуки на наведени и други ненаведени. Како што се изживуваа за предметот под број 1 благодарејќи на судијата Вангел Гагачев од Окружниот суд, тоа важеше и за број 2. Но кога тој постана врховен судија, тој се закануваше и морав да го изгубам предметот пред суд. Со ваков насилнички начин сум исфрлен на улица и немам средства за живеење од 20.05.1991. Во надеж да се почитува законитоста се обратив до Народниот правобранител: со негов предмет од 02.02.1998 јас сум одбиен, оти мојот предмет немал врска за повреда на човековите права: таква е судбината од такви лица, кои треба да делат правда. Молам, само да се почитува законот и човекот″.

На 23.01.1999 испратив до ″Министер за правда Влада на Р.Македонија Предмет: Замолница за протестот ′Самоволијата во судовите′ од 02. 01.1999.

Во врска со мојот протест од наведениот датум, во кој опишував како јас без основа сум расподелен на несоодветно работно место, а потоа избркан од истото и тоа само заради моите ставови за неспособноста на директорот на ЗК ′Пелагонија′- Битола и моето конкурирање за генерален директор, зашто до денес ништо не е превземено во мојата обесправеност од страна на приватизираноста на правосудството.

Со замолницата молам да се разгледа мојот протест и почитуваат законите, зашто се заблагодарувам″.

Од ″Република Македонија Министерство за правда Бр.08/2-9/3 од 24.02.1999 година Скопје До Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/ 21 Битола.

Во врска со Вашата преставка, Министерството за правда се обрати до Претседателот на основниот суд Битола од каде доби известување дека по предметот И.бр.2753/91 на ден 9.02.1999 година, било донесено решение за запирање на извршувањето, а врз основа на Ваша изјава дадена во записник пред судот.

Со почит. Помошник на министерот за правда Аница Мифтари″.

**б) повторување** на политичкиот судски процес П.бр.987/92.

На 18.02.1999 за П.бр.987/92 до Министерот за правда испратив предмет ″Замолница за повторување на судскиот спор.

Во врска со мојата преставка, испратена до Вас, во 1999 година и на 23.01.1999 за предметот под број 1 И.бр.2753/91 и под број 2 П.бр.987/92, како и по повод на расправата кај извршниот судија, денес добив решение од извршниот судија за И.бр.2753/91, во кое се наведува решението од 06. 06.1991 се става вон сила и извршувањето на предметот. Значи, тоа како правосилно морало да се изврши, но заради самоволијата на претседателот на Окружниот суд Божидар Кочов и неговите извршители судиите Ристо Георгиевски, Бранко Цокински, Благој Стојковски и Владимир Атаннасов тоа не се извршува и дури со укинуваат одлуки на повисок суд, Судот на здружен труд на Македонија. Така овој предмет не се извршува иако П.бр. 987/92 не бил правосилен.

Предметот И.бр.2753/91 беше предигра на моето ликвидирање. Кога се пријавив на конкурс за генерален директор, следи монтиран процес на тогашниот и денешниот генерален директор Вангел Гагачев. Тоа се потврдува со предметот од Кабинетот на претседателот на Извршниот совет на СРМ Никола Клусев од 03.05.1991. Тоа не им пречи да бидам јас и Китан Минчевски избркани на 20.05.1991, што беше потврдено од судијката Христина Белева, чиј брат беше соучесник и сведок против нас.

За овој предмет бр.987/91 го изгубив правото да иземам судии (не беа прифатени моите барања), сите судии кои решаваа во наша полза сите беа иземени без мое знаење, во решенијата беа наведени само искажувањата на тужениот ЗК ′Пелагонија′- Битола (ние за судовите непостоевме), од 13 решенија и одлуки 6 се во наша полза, а 7 против нас, од кои едно од Врховниот суд во наша полза, а второто против нас (исти судии и без едногласна одлука итн.).

Значи, ист предмет, а во зависност на судиите различна одлука. Не само тоа: иако Китан Минчевски беше обвинет за повеќе и потешки дела, тој го вратија на работа и само за мене продолжи судската постапка. Кога не можеа да успеат го поткупија нашиот адвокат Ицко Димовски и тој намерно ја закасна мојата жалба и тоа само да го изгубам спорот. Јас како неука странка се жалев приватно и можеше да се врати предметот во првобитна состојба. Така, од 100% монтиран судски процес сум без работен однос од 20.05.1991 и тоа како дело на наведените судии, надополнети како судии на Божидар Кочов и Никола Николовски.

Против адвокатот и судиите имав поднесено кривични пријави, но бев одбиен од Општинскиот, Окружниот и Републичкиот јавен обвинител. Исто така, поднесов кривични пријави за најголемиот злочин во државата против Министерот за земјоделие Ефтим Анчев и неговиот помошник, кои ја лажеа државата. Имено, за да му работи фирмата на синот на министерот, тој со Владата донесе закон да се ослободат комбинатите од потрошените кредити без камата, а не беа корисници, туку само ЗК ′Пелагонија′- Битола. Владата беше должна да даде извештај, таа го излага Собранието на државата, што важи и за програмот ФАРЕ. Кон ова да се надоврзат и продавањата на национализирана земја на РЕК ′Битола′, чии средства се користат ненаменски злочинот е преголем. За тоа не биле надлежни Општинскиот, Окружниот и Републичкиот јавен обвинител.

Заради се кажаното замолувам да се обнови процесот заП.бр.987″.

На 06.03.1999 за П.бр.987/92 до Министерот за правда на Влада на Р.Македонија поднесов ″Предмет: Замолница за обновувањето на 100% монтираниот судски процес како партиско и подмитено дело.

Како кандидат за генерален директор во ЗК ′Пелагонија′- Битола на ликвидаторот на ЗИК ′Пелагонија′- Битола Вангел Гагачев, тој ми монтира 100% судски процес заради не-

говата партиска припадност, моќ да поткупи судии и неговиот прв брачед Вангел Гагачев како актер за изигрувањето на одлуките во битолските судови и Врховниот суд на Македонија.

Како доказ дека судскиот процес беше 100% монтиран се следните докази: Предметот на претседателот на СРМ од 03.05.1991 бр.К 19-14/8, од 13 судски одлуки 6 се во моја полза а 7 против мене, мојот колега кој беше обвинет за повеќе и потешки дела иако спорот беше на иста тужба таа продолжи да важи само за мене а тој го примија на работа и го доби своето обештетување, го поткупија нашиот адвокат Ицко Димовски да ја закасни жалбата за полесно да го изгубам спорот (тоа пропадна заради моја втора приватна жалба предметот се врати во првобитна состојба), сите судии кои решаваат во моја полза без мое знаење беа изземени, сите судии кои барав да бидат изземени судеа непречено, тие беа Божидар Кочов, Ристо Георгиевски, Бранко Цокински, Никола Николовски, Благој Стојковски и Владимир Атанасов (сите одлуки се неважечки) итн. Значи, јас од 20.05.1991 сум без работен однос без основа.

Ова беше можно заради членот на СДСМ Вангел Гагачев, познат за злочинечки дела на неговиот соработник и министер за земјоделие Ефтим Анчев, на кого за успешно да му работи фирмата на синот ја оплачкаа државата: министерот ги лажеше директорите на Комбинатите да се доделуваат средства со висока камата. Токму затоа никој незеде кредит, а сите ги подигна ЗК ′Пелагонија′. Владата беше должна да му соопшти на Собранието кои беа корисници, тие заради фирмата на синот на министерот го излагаа Собранието, се донесе закон за да се ослободат корисниците, а корисник беше само ЗК ′Пелагонија′- Битола. Слична лага Владата ширеше за програмата ФАРЕ главен корисник пак е ЗК ′Пелагонија′, Комбинатот на РЕК ′Битола′ му продава национализирана земја и со ненаменско користење на средствата редовно Комбинатот си работи. За овие злодела сум објавил повеќе написи. Така од недоходовен Комбинат, тој со лага опстојува.

Во надеж да се прифати мојата замолница се заблагодарувам″.

Од ″Министерство за правда со бр.08/2- 9/8 од 9.03.1999 до Ристо Ивановски,ул. Михајло Андоновски бр.6/21 Битола, предмет: Известување

Министерството за правда по разгледување на Вашата замолница за повторување на судската постапка по предметот П.бр.987/92 Ве известуваме дека согласно одредбите од Законот за процесната постапка член 421 постапката што со одлука на судот е завршена правосилно може по предлог од странката да се повтори ако при донесувањето на одлуката учествувал судија, односно судија- поротник кој според Законот морал да биде изземен, односно кој со решение на судот бил изземен ако на некоја странка со незаконито постапување а особено со пропуштање на доставувањето не и била доставена можност да расправа пред судот, ако во постапката како тужител или тужен учествувало лице кое не може да биде странка во постапка или ако странката која е правно лице не ја застапувало овластено лице или ако процесно неспособна странка не ја застапува законски застапник, или ако законскиот застапник односно полномошникот на странката немал потребно овластување за водење на процесот или за одделни дејствија во постапката, доколу водењето на процесот подносно вршењето на одделни дејствија во постапката не биле дополнително одобрено, ако одлуката на судот се заснова врз исправа што е фалсификувана или во која е заверена невистинита содржина, ако до одлуката на судот дошло поради кривично дело на судијата односно на судијата- поротник, на законскиот застапник или на полномошникот на странката, на спротивната странка или на некое трето лице, ако странката стекне можност да се употреби правосилната одлука на судот која порано меѓу истите странки е донесено за исто барање ако одлуката на судот се заснива врз друга одлука на суд или врз одлука на некој друг орган, а таа одлука ќе биде правосилно преинечена, укината односно поништена, ако странката дознае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука тие факти или докази да биде употребена во поранешната постапка, при што согласно член 424 од Законот за процесната постапка предлогот за повторување на постапката се поднесува секогаш до судот што ја донел одлуката во прв степен. (Па против судиите кои не судеа туку ми ги проширија обвиненијата, имав поднесено кривични пријави за тие да бидат изземени, што не се случи. Токму затоа беа исполнети условите за да се повтори постапката, Р.И.)

Министерството за правда исто така Ве известува дека согласно член 77 од Законот за судовите има надлежност да ги испитува преставките и поплаките на граѓаните на работата на судовите кои се однесуваат на одложување на судската постапка или на работата на судските служби. (Мојот судски спор траеше маратонски: од 1991 се до со 1996 година, Р.И.)

Помошник на министерот за правда Аница Мифтари″.

На 17.03.1999 до министерот на правда за П.бр.987/92 испратив ″Предмет: Замолница за обновување на политичкиот судски процес.

На 06.03.1999 се обратив со мој предмет замолница за обновување на 100% монтираниот судски процес како партиско и подмитено дело. Со Ваш предмет бр.08/2-9/8 од 09.03. 1999 ми се објасна под кои околности е мо жно обновување на судскиот процес регистрирано според законските норми. Секако, законодавецот во никој случај нема донесено норми против својата власт, во случајот партијата СДСМ, чиј член беше монтерот на судскиот процес, инвеститор на изборите за СДСМ и нивни кандидат за министер за земјоделие итн.

Овој судски процес е само политички и затоа ја барав Вашата помош за обновување на истиот како Ваша надлежност, зашто ги приложувам следните докази: Јас сум член на ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година, бев кандидат за пратеник и сум член на Советот на ВМРО-ДПМНЕ.

Како научен соработник од Миннхен- Германија и доктор за наука од Виена- Австрија дадов предлог да се спаси свињарската фарма на ЗК ′Пелагонија′- Битола од ликвидацијата. Тој не се прифати, од свинско месо оболеа преку 100 вработени од стафилококоза, свињите оболеа од чума (значи, таа 100% се ликвидира) и од истиот состав во пресметковната единица сточарство изумреа 100% говедата во говедарската фарма. Или инаку кажано, заради овој монтиран судски процес се ликвидира сточарството, јас сум без работен однос од 20.05.1991, злочинците на државата се уште на власт иако нивната СДСМ неа ја изгуби и јас со Вашиот предмет бр.08/2-9/8 од 09.03.1999 останувам понатаму без работен однос. Значи, непријателите на државата го усмеруваат правото против личностите кои се бореа за интерес на опстанокот на Р.Македонија.

Заради монтираниот политички судски процес се обратив до претседателот на Владата Никола Клусев и од Кабинетот на претседателот добив предмет бр К 19-14/8 од 03.05.1991, каде стои дека нема факти и докази. Значи, иако нема докази и факти јас сум без работен однос од 20.05.1991. Но тоа неважи за Китан Минчевски, кој иако беше обвинет за повеќе дела и потешко, во иста тужба го водевме судскиот спор, тој е вратен на работа и си го прими своето обештетување. Во предметот се говори за спасување на фармата да се одвои како порано со внатрешна организација. ПРИЛОГ: предмет БР К 19-14/8.

Како втор доказ за политичкиот судски процес е предметот на Народниот правобранител бр. 4р-24/2 од 02.02.1998, каде со дрско однесување се отфрла мојот предмет оти безработниот однос не било повреда на основните слободи и права на човекот и граѓанинот итн. Значи, Народниот правобранител е само член на СДСМ. ПРИЛОГ: предмет бр.4р-24/2 од 02. 02.1998.

Кон ова важат понатаму мојот предмет од 06.03.1999, 18.02.1999 итн.

Во надеж да се обнови политичкиот судски процес се заблагодарувам″.

На 09.12.1999 до Претседателот на Врховниот суд на Р.Македонија поднесов ″Предмет: Предлог за повторна ревизија на П.бр.987/91-92.

Во весникот ′Нова Македонија′ од 04. и 05.1999 имав објавено мој напис под наслов ′(Не)пристрасноста на Врховниот суд преку сопствен пример′, кој е последен од многуте мои написи за политичкиот судски процес. Со него ми се нанесе огромна штета.

Бидејќи Врховниот суд е тој кој може по втор пат да го разгледа на мој предлог мојот судски предмет, го испраќам овој предлог како граѓанин и државјанин на Р.Македонија.

Се надевам, дека мојов предлог ќе биде разгледан, а со тоа и прифатен, и воедно ќе ми се соопшти дали мојата ревизија по втор пат е прифатена или одбиена, зашто се заблагодарувам″.

На 21.12.1999 до Претседателот на Р.Македонија, Министерот за правда, Републички судски совет испратив ″Предмет: Замолница за повторна ревизија на монтираниот политички судски процес за предметот бр.987 /91- 92.

Во весникот ′Нова Македонија′ од 04. и 05. декември 1999 година имав објавено мој напис под наслов ′Не-пристрасноста на Врховниот суд преку сопствен пример′, кој е последен од многуте мои написи за политичкиот судски процес, со кој ми се нанесе огромна штета. Сето тоа беше направено, затоашто јас сум член на ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година, бев кандидат за пратеник на првите парламентарни избори и сум член на Советот на Партијата од 1998 година.

Предметот го испраќам до Вас како личност во можност за политичкиот судски процес да се острани, зашто се заблагодарувам″.

На 01.10.2002 за П.бр.987/92 до Претседателот на Врховниот суд на Р.Македонија испратив: ″П О Д Н Е С О К

Со политички судски процес ми е изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос и до денес немам право на вработување. За мојов случај Ви испратив моја претставка на 06.03.2002.

Во неа напишав дека мојот предмет е по жалба од 20.09.2001 во Апелациониот суд Битола за повторување на постапката″.

На 31.08.2006 до Премиерот на Владата на Р.Македонија испратив ″Предмет: Замолница за повторување на судската постапка.

Како член на ВМРО-ДПМНЕ во Битола, кога во Партијата не сакаа да се приклучат кадрите, и кандидат за пратеник во 1990 година, во 1991 година ми беше монтиран судски процес. Од 20.05.1991 останав без работен однос и право на вработување. Ова се потврдува со тоа што јас до денес во Р.Македонија сум единствен кој работел четири години во научна установа во Германија, а докторирав во Виена 1976 година. Иако само јас ги исполнувам условите на Законот за високо образование да бидам наставник во Земјоделскиот факултет-Скопје, Ветеринарниот факултет- Скопје, Институтот за сточарство- Скопје и Вишата земјоделска школа- Битола, денес факултет, само јас сум без работен однос. Ова се гледа и по тоа што од 1990 година јас редовно се пријавувам на конкурси, кои поради мене се растураат, дури сум одбиван на најдрзок начин. Ова најдобро се гледа со судскиот спор со Земјоделскиот факултет, кој трае четири години. Избраниот наставник, ветеринарен техничар, вработен во факултетот,го завршил факултетот и во него магистрирал, дури докторирал, со историска тема за поламатура и матура. Ова тој го добил од наставник кој магистрирал и докторирал кај наставник, кој не бил магистер ниту доктор. Се ова било повод што тој нема ниеден самостоен труд, дури ниеден самостоен напис. Затоа тој бил избран со заклучок, во кој се наведени 44 трудови, своевиден фалсификат итн. Јас досега самостојно имам објавено 18 книги со околу 5000 страни, формат А5, и преку 200 трудови и написи, објавени и во Германија. Мноштво книги се историски, со биолошки методи (домашни животни, ДНК, крвни групи, пигмент, изглед итн.). Со нив се потврдува политичкиот поим Словени, дело на берлинско-виенската школа, која ќе го уништи македонскиот род.

Бидејќи мојов предмет е за повторување на судската постапка, П. бр.987/92, за него пролжувам. Мене ми беше монтиран судски процес, во кој учествуваше Горица Котевска, сопруга на пратеникот Ѓорѓи Котевски. Како потврда дека овој беше против мене, кога бев предложен за министер за земјоделие, тој постави против кандидат (Драгољуб Димитровски: тој бил земјоделски техничар... и директор во ЗИК ″Пелагонија″-Битола. Тој како техничкии директор Земјоделски факултет го завршил, таму магистрирал и докторирал, постанал дури професор на Вишата земјоделска школа- Битола, Р.И.). Токму затоа станал министер Владимир Џабирски итн.

Во судскиот спор, моќникот на СДСМ, директорот на ЗК ′Пелагонија′ Вангел Гагачев, со своите два први братучеди, судии, ме уништија. Спорот траеше маратонски, а јас него го изгубив 7 : 6. Ова се гледа и по тоа што јас испратив приговор до Претседателот на Извршниот совет на СРМ, академик проф.д-р Никола Клусев. Неговата работна група утврди дека нема факти и докази. За судиите овој доказ да го остранат од судската документација, редовно беше уништуван. Поради ова јас него редовно го приложував. Меѓутоа, тој во ниедна одлука не смееше да се спомене. Всушност, тој за судиите не постоеше. Во одлуките постоеше само една странка, тужениот. Не случајно врховни судии станале: Вангел Гагачев, првиот братучед на директорот, кој со години предметот го држеше во својата фиока, Благој Доновски, затворски клучар кој добил диплома правник итн.

Кога се промена власта,се обратив до Претседателот на Врховниот суд, кој беше нов претседател, со замолница, во смисол како што е оваа, дека судскиот спор е политички, кој мене материјално...ме уништи. Претседателот ми излезе во пресрет. Добив предмет од Врховниот суд и поднесов барање да се повтори постапката.

Бидејќи Александар Прчевски беше сменет од Претседател на Основниот суд- Битола, тој како судија го зеде мојот предмет Ама праксата се повтори. Во неговата одлука ништо не стои што беше повод на мојот предмет, јас како подносител и кај него не постоев. Тој, како што го дал Господ, никој друг него не може да го промени, а кого Господ некого казнува прво тој него му го одзема умот, на најдрзок начин врз мене, ме одби ..., исмејувајќи се. За Македонија сум се заложил, доказ моите книги, сите посветени на македонска Македонија и македонските Македонци, антички Македонци=етнички Македонци. Ама јас останав непријател и казненик во Р.Македонија. Не е случајно, што и во 2005 година во МАНУ бев напаѓан за мојата книга за животот на тн.Скендербег, 334 страни. Мој грев беше што јас по околу 160 години, по Григор Прличев, напишав книга за не-го. Овој бил само православен, Македонец, наследник на македонското царско семејство Комнен, од Преспа. Пак, Албанија била сопствен имот на семејството Комнен. Досега за неговиот живот, на македонски јазик, никој нема објавено книга. Ова ќе важи и понатаму. Гревот е голем, што тој е Црногорец, Србин, Бугарин, Грк, Албанец..., а само не Македонец, со татко од Дебарско и мајка од Полошко. Исто така, за моите книги од Р.Македонија бев одбиен. Ова беше повод, што за нивното печатење потрошив свои лични 11.000 евра (досега околу 15.000 евра, Р.И.), а јас од 20.05.1991 сум без работен однос итн. Во надеж да се прифати мојов предмет, кој е замолница, се заблагодарувам. Д-р Ристо Ивановски Ул.Михајло Андон...″.

(Вангел Гагачев не сакаше да служи војска, а јас дури во територијалната одбрана на Р.Македонија од ЈНА го превзедов водоводот на Касарната ″Стив Наумов″- Битола и таму останав неколку недели, Р.И.)

″Влада на Република Македонија Канцеларија на Претседателот на Владата 07-160/3 Скопје, 22.09.2006

До г-дин Ристо Ивановски Битола Почитувани г-дин Ивановски,

Би сакале во оваа прилика да Ве информираме дека Вашето барање е разгледано со должна сериозност од страна на надлежните служби во Кабинетот на Преседателот на Владата на Република Македонија.

Согласно нашите ингиренции, а со цел Вашиот предмет да добие позитивен третман, Ве информираме дека истиот е предаден до соодветните институции.

Во надеж дека Вашиот интерес ќе биде остварен во целост, а со подршка на Вашите обиди, остануваме.

Со почит, Канцеларија на Претседателот на Владата″.

″Влада на Република Македонија Канцеларија на Претседателот на Владата Бр.07-110/2 Скопје, 30.01.2007

До: Д-р Ристо Ивановски Ул.′Михајло Андоновски′бр.6/21-Битола

Предмет: Одговор на Ваше барање Почитувани,

Би сакале да Ве информираме дека Вашето барање е разгледано со должна сериозност од страна на надлежните служби во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија.

Соглсно со уставниот принцип на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, според кој судската власт на РМ е независна, Ве информираме дека Владата на Република Македонија нема ингеренции да интервенира во работењето на судската власт. Доколку не сте задоволни од постапувањето на судот во Вашиот предмет, Ве советуваме да се обратите до Судскиот совет, како тело кое е надлежно да ја следи работата на судовите.

Со почит, Канцеларија на Претседателот на Владата″.

На 31.01.2007 до премиерот на Р.Македонија испратив ″Предмет: Благодарница на Ваш предмет Бр.07-110/2 од 30.01.2007.

Добивајќи го Вашиот предмет со наведениот број, во кого ми укажувате да се обратам до Судскиот совет, истото го направив. Затоа истиот предмет, испратен до Судскиот совет, го испраќам до Вас...″.

На 31.01.2007 до Судскиот совет на Р.Македонија испратив ″Предмет: Замолница за повторување на постапката П.бр.987/92.

Како член на ВМРО-ДПМНЕ во Битола и кандидат во 1990 годи-на, во 1991 година ми беше монтиран судски процес. Од 20.05.1991 останав без работен однос и право на вработување. Ова се потврдува со тоа што јас до денес во Р.Македонија сум единствен кој работел четири години во научна установа, Минхен- Германија, а во 1976 година докторирав во Виена- Австрија. Како член и кандидат за пратеник на ВМРО-ДПМНЕ до денес не сум подобен на Скопскиот и Битолскиот универзитет. Досега имам објавено вкупно 19 книги, со формат А5 со 5400 страни, како и преку 200 самостојни трудови и написи. Ова не важи за наставниот кадар на двата универзитети. 9-та книга е Исхранна на говедата, што досега на двата универзитети ниеден наставник нема издадено. Ова се однесува за Земјоделски факултет, Ветеринарен факултет и Институт за сточарство, сите во Скопје, како и Вишата земјоделска школа -Битола, денес Биотехнички факултет

Од 1990 година кај нив на конкурс редовно без прекин се јавувам. Токму само поради мене тие се растураат или дрско бев одбиван. Затоа се избираат само интерни лица, со што државните установи станале приватни. Избраните лица се без ниедна објавена книга, ниту еден самостоен труд или напис. Конечно се решив да тужам едно подруго за ист предмет говедарство на Земјоделскиот факултет. Предметот го предава само пензионирано лице. Ова како интерно вработен ветеринарен техничар го завршил истиот факултет, дури на него ′магистрирал′ и ′докторирал′. Тој што му доделил звања, спротивно на Законот за високо-образование, тој го предлага. Бидејќи наставниците биле слични на него, тој од нив бил избран за доцент, вонреден и редовен професор. Се ова било иако тој бил без ниеден учебник, ниту самостоен труд или напис, туку само со интерни групни писарии. Па ова не е во склад со Законот за високообразование. Исто така, овој не е всогласен со ниеден закон на европска земја. Токму затоа тој штетно се одразува врз земјата. За првиот спор Јавното обвинителство ја одби молбата, а за повторената постапка 28 П.бр.3556/04, како пракса, го изгубив спорот и сега за ревизија сум на Врховниот суд. Во овој случај има само една странка, само тужениот. Па се ова не е случајно.

Бидејќи предметов е за повторување на судската постапка, П.бр. 987/92, за него продолжувам:

Во судскиот спор, моќникот на СДСМ, директорот на ЗК ′Пелагонија′ Вангел Гагачев со своите два први братучеди, судии, ме уништија. Тоа беше можно поради тоа што тој беше политички. Ова се потврдува и со П.бр.987/92. Овој број беше само на судијата Стево Караманди. Бидејќи тој мораше партиски да го реши, а јас бев другар на неговиот брат, тој го предаде предметот и мене ми се извини, што не може да суди правосудно.

Предметот го доби судијата Васко Радевски. Бидејќи тој утврди дека нема докази и факти, не само што донесе одлука во моја полза, туку го задолжи ЗК ′Пелагонија′ се додека не се заврши спорот, кој беше самоволен чин на директорот на Комбинатот,да ми се исплаќа личен доход.Ова е уште еден доказ, судски спор без факти и докази. Во Окружниот суд одлуката беше укината и судијата беше сменет. Дури тој поради мене не беше избран за судија. Тој беше жртва за мене. Токму затоа тн.судски спор траеше маратонски.

Дури ни беше поткупен адвокатот, Ицко Димовски. Тој за еден ден ја закасна жалбата, за јас да го изгубам спорот. Поднесов кривична пријава, која од Општинското и Окружното јавно обвинителство- Битола беше отфрлено, што укажува на монтираниот политички судски спор. Јас како неука странка поднесов уште една жалба до Врховниот суд. Таа беше уважена и предметот беше вратен во првобитна состојба.

Со мене беше избркан и друго лице, мој колега. Овој беше поткупен, дури со адвокатот, кој беше и негов. Иако тужбата беше заедничка, а тој беше поранешен раководител на Пресметковна единица, него го вратија на работно место, а тој го доби и своето обештетување. Со тоа што тој во заедничката тужба за бранеше за повеќе дела отколку јас, значи тој беше теретен со главните дела, а го вратија на работа, се потврдува, судската постапка беше само партиска. Токму затоа таа само за мене продолжи.

Мојот колега како поранешен раководител беше носител на акцијата на Синдикатот на вработените на Пресметковната единица, таа како порано да биде во Работна единица во рамките на Комбинатот. Цел беше да се спаси Свињарска фарма во с.Породин. Скоро сите

вработени се потпишаа. Со тоа што акцијата беше синдикална, а нас не избркаа од работа и тоа затоа што ние сакавме да ја спасиме фармата, чинот на бркањето е во спротивност на целта за која се создадени синдикатите. Бидејќи водачите на синдикалното организирање беа избркани, се потврдува, најголемиот уставен и законски престап, што ниеден од трите судови не сакаше да го уважи. (Па тој беше само синдикален, ништо друго, Р.И.)

Во судската постапка имаше самоволија: Без мое знаење беше изземен првиот судија, а на мое изненадување на расправата се сретнав со нов судија. Исто така, без мое знаење беа изземени судиите од Окружниот суд- Битола. Кога ќе настапеа други судии, за нив постоеше само една странка, тужениот. Така судскиот спор траеше маратонски, со што тие сакаа мене спихолошки да ме уништат и спорот завршат во полза на тужениот.

Вториот судија и судиите во Окружниот суд- Битола ме оптеретуваа со дејствија кои воопшто не беа предмет на дисциплинската мерка престанок на работен однос. Поради наведеното за судиите поднесов кривични пријави. Не само што тие дрско беа одбиени, што важеше и за адвокатот, спротивно на законитоста тие понатаму непречено судеа, за тие мене да ме уништат, и ме уништија. Токму затоа јас маратонскиот спор го изгубив тесно: само 7 : 6. Резултатот потврдува дека судскиот спор беше монтиран и политички. Токму затоа јас до денес истанав не подобна личност.

За потврда на монтираниот политички спор се и следниве докази: моите сведоци не беа прифаќани. Затоа мене ми беше одземено правото јас да се бранам. Беа носени сведоци, со кои јас немав контакт, дури општи работници, со што се навреди не само моето достоинство, туку и на македонското судство. Кога јас со некои сведоци, општи работници, на пример Пеце, на судската расправа со соочив, тој изјавуваше: ако јас ова не го кажам, ми се закануваат и ќе ме избркаат од работа.

Како потврда дека судскиот спор беше политички и монтиран, затоа 100% без докази, е наводот, што јас испратив приговор до претседателот на Извршниот совет на СРМ, академик проф. д-р Никола Клусев. Беше задолжена Трудовата инспекција, која утврди дека нема факти и докази. Иако ваква беше состобата јас од 20.05.1991 година останав без работен однос и право на вработување.

Овде е најбитно што од судиите во сите судови доказот од Трудовата инспекција- Битола никогаш не беше наведен, дури тој од судиите беше уништуван. Поради ова јас на секоја нова расправа одново доказот го приложував. Се беше залудно, тој за нив не постоеше. За судовите постоеше само една странка, тужениот. Не случајно, врховни судии станале: окружниот судија Вангел Гагачев. Тој беше прв братучед на директорот. Затоа тој во Врховниот суд со години предметот го држеше во својата фиока. Благој Доновски, кој работел затворски клучар..., беше вториот судија во Општинскиот суд. И Владмир Атансовски- Капакот, кој беше окружен судија, мој сокивидатор. Еден судија на Врховниот суд кој судеше во моја полза, бидејќи одлуката во Врховниот суд не беше едногласна, предвремено се пензионира. Како доказ овде е вмешана политиката, Народниот правобранител, Наумовски, писмено ми соопшти, работниот однос не било човеково право и тој за мојот предмет не бил надлежен. Уште на самиот почеток, надлежната на предметот, Албанка, усно ми соопшти дека предметот на Никола Клусев бил партиски. Меѓутоа, Трудовата инспекција беше само општинска. Затоа само партиски мене ме ликвидираа. Наумовски како партиски извршител бил партиски унапреден.

Кога се промена власта, се обратив до Претседателот на Врховниот суд, кој беше нов претседател, со замолница, дека судскиот спор е политички, кој мене материјално...ме уништи. Претседателот ми излезе во пресрет. Добив предмет од Врховниот суд и поднесов барање да се повтори постапката.

Бидејќи Александар Прчевски беше сменет од Претседател на Општинскиот суд- Битола, тој како судија го зеде мојот предмет. Ама праксата се повтори. Во неговата одлука ништо не стои што беше повод на мојот предмет, јас како поднесител и кај него не постоев. Тој кога стана Јавен обвинител, на мојот предмет молба за ревизија до Врховниот суд на мојата тужба против Земјоделскиот факултет- Скопје, на кого предава пензионирано лице, молбата дрско не беше уважена. Ова е само уште еден доказ за политичкиот маратоиннски судски спор.

За мојот предмет сум барал помош и од премиерот Бранко Црвенковски. Покрај моите замолници, тој не се јави. Истото се случи и со Бучковски. Ова го направив на 31.08. 2006 до Премиерот Никола Груевски. Од канцеларијата на претседателот на Владата добив предмет 07-116/3 од 22. 09.2006. Бидејќи јас како човек сум навреден, понижен, материјално... уништен, повеќе пати се обраќав до претседателот. Од канцеларијата денес добив предмет бр.07-110/2 од 30.01.2007. Предметот завршува: ′...Ве советуваме да се обратите до Судскиот совет, како тело кое е надлежно да ја следи работата на судовите′.

Во надеж да се прифати мојата Замолница за повторување на судската постапка П.бр.987/92, се заблагодарувам″.

″Влада на Република Македонија Канцеларија на претседателот на Владата Бр.07-432/4-06 Скопје, 23 февруари 2007

До: Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола

Предмет: Одговор на Ваше барање.

Почитувани

Би сакале да Ве информираме дека Вашето барање е разгледано со должна сериозност од страна на надлежните служби во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија.

Во врска со Вашето барање Ве известуваме дека според уставниот принцип на поделба на власта на законодавна,извршна и судска, Владата на Република Македонија нема ингеренции да интервенира во работата на судовите и воедно Ве информира дека барањето за заштита на законитоста до основното јавно обвинителство според Законот за парична постапка се поднесува лично.

Со почит, Шеф на канцеларијата м-р Мартин Протоѓер″.

″Република Македонија Судски совет на Република Македонија

Бр.07-369/4 1.3.2007 Скопје

До д-р Ристо Ивановски ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Предмет: известување

Во врска со Вашата преставка, Судскиот совет на Република Македонија, побара известување од Претседателот на Основниот суд-Битола, според кое предметот П.бр.987/92 бил завршен и архивиран, после одлуката на Врховниот суд на Република Македонија од 14.01.2004 година, со која ревизијата е одбиена.

Судски совет на Република Македонија Член Ведат Вели″.

На 05.03.2007 до Судскиот совет испратив ″Предмет: Повторена Замолница за повторување на судската постапка П.бр.987/92.

Како член на ВМРО-ДПМНЕ во Битола и кандидат за пратеник во 1990 година, во 1991 година ми беше монтиран судски процес за прекин на работен однос. Бидејќи беа собирани потписи од вработените, што беше синдикална работа, се обративме до Синдикатот во Битола. Тој како партиска испостава, ништо не презеде. Свесен на настанатата состојба, се обратив до Претседателот на Владата на Р.Македонија. Од Кабинетот на Претседателот добив предмет Бр К 19-14/8 од 03.05.1991. Владата го приложи Известувањето бр.08-1721 од 30.04.1991 на Министерството за труд и социјална политика. За повредите на работните обврски во него стои: ′на главната расправа водена од дисциплинската комисија не се докажани со факти и докази дека истите ги сториле...′. Ова не му пречеше, да ми се изречи дисциплинеска мерка престанок на работен однос. Така од 20.05.1991 останав без работен однос и право на вработување. За ова, како и она што јас Ви пишев на 31.01.2007, што важи и за други работи, опширно сум пишел во јавни гласила.

Постапката како партиска траеше маратонски. Таа заврши во Врховен суд Рев. 81/96 на 21.11.1996.

Бидејќи беше основан Народен правобранител, поднесов преставка на 01.12.1997. Народниот правобранител ми достави одлука бр. 73/1/97 на 28.01.1998, потпишана од Заменик на народниот правобранител Сузана Салиу. Одлуката е доставена под Бр. 4П-24/2 од 02.02.1998, потпишана од Народниот правобранител Бранко Наумовски. Во неа стои: ′Се ОТФРЛА преставката поднесена од Ристо Ивановски од Битола, бидејќи од изнесените податоци произлегува дека не се работи за повреда на основните слободи и права на човекот и

граѓанинот...Народниот правобранител не е надлежен да постапува′. Значи, според него, работниот однос кој е најосновно човеково право, за него тоа не е, ниту тој бил надлежен.

Со промена на власта, добив предмет од Врховниот суд да се повтори постапката. На најдрзок начин судијата Прчевски од Основниот суд од 05.09.2001 го одби мојот предмет. При тоа во неговото решение, ниту во решението на Апелациониот суд од 17.09.2002 и Врховниот суд од 14.01.2004 постоеше, што всушност јас во мојот предмет барав, само да се повтори постапката на политичкиот судски процес, со кого бев ликвидиран и уништен.

Од Судскиот совет на Р.Македонија добив, предмет известување, бр.07-369/4 од 01.03. 2007, потпишано од членот Ведат Вели,со следен текст: ′во врска со Вашата преставка, Судскиот совет на Република Македонија побара известување од Претседателот на Основниот суд- Битола, според кое предметот П.бр.987/92 бил завршен и архивиран, после одлуката на Врховниот суд на Република Македонија од 14.01.2004 година, со која одлука ревизијата е одбиена′.

Бидејќи мојот предмет беше само ′Замолница за повторување на судската постапка П.бр.987/92′, истата ја повторувам″,

На 05.03.2007 до Премиерот на Владата на Р.Македонија испратив: ″Предмет: Известување.

Ви благодарам на Вашиот предмет бр.07-432/06 од 23.02.2007.

Бидејќи добив предмет од Судскиот совет на Р.Македонија, на што одговорив, како СООПШТЕНИЕ Ви го испраќам предметот на Судскиот совет и мојот повторен предмет до Судскиот совет″.

″Република Македонија  Судски совет на Република Македонија

Бр.07-652/2  16.03.2007 год.  Скопје

До др Ристо Ивановски ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Предмет: Известување

Судскиот совет на Република Македонија го прими Вашиот допис насловен како ′Повторена Замолница за повторување на судската постапка П.бр.987/92 и во кој барате Судскиот совет на Република Македонија да изврши повторување на судската постапка по наведениот предмет, Ве известуваме дека не се најдени основи за постапување на Судскиот совет на Република Македонија, од причини што одредбите за користење на вонреден правен лекбарање за повторување на постапката се содржани во член 392 до 400 од Законот за парична постапка.

Помеѓу другото, согласно член 395 од наведениот Закон, предлогот за повторување на постапката се поднесува секогаш до судот што ја донел одлуката во прв степен.

Од дадените причини, Судскиот совет на Република Македонија нема надлежност да постапува по Вашето барање за повторување на постапката.

Судски совет на Република Македонија  Член  Ведит Вели″.

На 23.03.2007 до Премиерот на владата на Р.Македонија испратив ″Предмет: Известување.

Добив предмет од Судскиот совет, кој Ви го приложувам на увид″.

На23.03.2007 до Основниот суд е испратен предмет за ″П.бр.987/92 ОСНОВЕН СУД ТУЖИТЕЛ: Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола ТУЖЕН: ЗК ′Пелагонија′-Битола ПРЕДМЕТ: Поништување одлука  П Р Е Д Л О Г  на тужителот за повторување на постапката

Како член на ВМРО-ДПМНЕ, кандидат за пратеник и против кандидат за генерален директор, се ова во 1990 година, во 1991 година од моќникот на СДСМ, директор на Комбинатот, ми беше изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос. Од 20.05.1991 година останав без работа и право за вработување.

Постапката беше во потполност монтирана, потврдена со предметот на Претседателот на Владата, како и изгубениот судски спор, тесно 7 : 6. Во ова допринесоа и судиите во Основниот и Апелациониот суд, кои место да судат според наводите на Дисциплинската комисија, тие ми ги проширувaа обвиненијата, кои немаат врска со дисциплинската мерка престанок на работен однос. Следи против нив да поднесам кривична пријава. Меѓутоа, тие понатаму судеа, па морав да го изгубам монтираниот судски спор.

По добивањето на Пресудата од 21.12.1996 година од Врховниот суд на Македонија се обратив до Народниот правобранител. Во февруари 1998 година добив решение, тој не бил надлежен за оваа работа. Потоа поднесов тужба во Стразбург. Од таму ми беше јавено дека Р.Македонија не била потписник и тој суд не ќе може да расправа. Бев замолен да почекам за тоа да го реши комисијата. Потоа се потврди, она што однапред ми беше кажано.

Како оштетен редовно се обраќав до Претседателот на државата, Премиерот на Владата и Министерот за правосудство, како и до Претседателот на Врховниот суд, да ми се укаже на правото да ја повторам постапката. Никој не ми излезе во пресрет.

Кога се промена Претседателот на Врховниот суд, нему му се обратив. Од Врховниот суд добив предмет бр.12-202/01 од 03.05.2001, со кого се бараше да објаснам. Потоа од Врховниот суд следи предмет бр.12-202/01 од 24.05.2001 година. Во него стои: ′...Располагате со вонредното правно средство барање за повторување на постапката во услови и во постапка пропишана со закон′. На 19.06.2001 поднесов Предлог за повторување на постапката. Од судијата Александар Прчевски на 5.09.2001 се отфрла како ненавремен, без тој да наведе било што, што јас имав пишано во предлогот: монтираниот процес беше политички. На 17.09.2001 Решението беше потврдено од судијата Љубе Неделковски. Истото се потврди на 14.01.2004 во Врховниот суд од судиите: Љубинка Муратовска- Маркова, Стефка Ристевска, Сафет Алиу, Васил Гривчев и Ајет Мехмети. (Одговор=Судија, Р.И.)

Продолжи редовно да се јавувам до Претседателот на државата, Премиерот на Владата и Министерот за правосудство. Се ова е наведено во моите предмети, испратени до Судскиот совет на Р.Македонија од 31.01. 2007 и 05.03.2007. Со цел да не се повторувам, двата предмети се составен дел на Предлогов, зашто ги приложувам.

Во врска со вториот мој предлог до Судскиот совет на Р.Македонија, денес 23.03. 2007, од него добив предмет бр.07-625/2 од 16.03.2007, во кое стои: ′...согласно член 393 од наведениот Закон, предлогот за повторување на постапката се однесува секогаш до судот што ја донел одлуката во пев степен′. И овој го приложувам. (Чесниот одговор за во чесен суд, Р.И.)

Бидејќи мојот предмет, кој не е од редовна судска постапка, туку само политичка, со која ми е уништен животот, поднесувам предлог за повторување на постапката, која нема ништо заедничко со да ′се отфрла како ненавремен′. Ова се образложува со тоа што јас не бев остранет од работа со ′ненавремена′ постапка, со која не може да се уништи човечки живот, туку само со ′навремена′ постапка.

Што се однесува дали имало промени или новости во предметот е тоа што со мене беше избркан Китан Минчевски. Иако кај него беа наведени многу повеќе обвиненија, тој беше вработен на работното место и го прими обештетувањето. Со тоа што двата имавме заедничка тужба, а само само за мене продолжи судењето, видливо е дека судската постапка беше партиска, а и самата траеше маратонски, дури не се истреби душманот од другата партија. Тоа бев јас, а директорот од 2500 вработени на работни места остави само 600, со многу ниски доходи и вработените станале робови во својот Комбинат″.

На 11.09.2007 во Основниот суд е поднесена до ″Претседател на Основниот суд ЗА

М О Л Н И Ц А

На 23.03.2007, до Вашиот суд, преку пошта, беше испратена препорачана пратка. Таа се однесуваше за мојот предмет, П.бр.987/92: ПРЕДЛОГ на тужителот за повторување на постапката.

Меѓутоа, до денес немам добиено никаков одговор.

Токму затоа Ве замолувам да се убрза постапката, зашто се заблагодарувам″.

На 02.10.2007 поднесов до ...″Апелациониот суд Битола...ЖАЛБА

Во Решението П.бр.987/92 од 21.09.2007 не стои ништо од она што тужителот навел, зашто поднел предлог за повторување на постапката. Таа е само едно- единствено, тужителот како ВМРО-ДПМНЕ-ец бил избркан од работа и од 20.05.1991 е без работен однос. Поради неучтивоста на судивката таа политичкото не го навела. Со ова се потврдува, судот е само партиски. Во надеж тој конечно да постане народен, тужителот ја поднесува жалбата, со која бара да се уважи предлогот на тужителот за повторување на постапката.

О б р а з л о ж е н и е

На 23.03.2007 беше поднесен предлог на тужителот за повторување на постапката. Тој започнува со: 'Како член на ВМРО-ДПМНЕ, кандидат за пратеник и против кандидат за генерален директор, се ова во 1990 година, во 1991 година од моќникот на СДСМ, директор на Комбинатот, ми беше изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос. Од 20. 05.1991 година останав без работен однос и право за вработување.

Постапката беше во потполност монтирана, потврдено со предметот на Претседателот на Владата, како и изгубениот судски спор, тесно 7 : 6. Во ова допринесоа и судиите во Основниот и Апелавионен суд, кои место да судат според наводите на Дисциплинската комисија, тие ми ги проширувaa обвиненијата, кои немаа врска со дисциплинската мерка престанок на работен однос. Следи против нив да поднесам кривична пријава. Меѓутоа, тие понатаму судеа, па морав да го изгубам монтираниот судски спор...'. Со тоа што ова не е наведено во Решението од 21.09.2007, се потврдува, Правосудството уште не станало народно, туку партиско, на личности кои партиски го плачкаат народот итн.

За ова да се потвртди, Предлогот беше поднесен на 23.03.2007. Но тоа по партиска препорака останува скриен за партиски цели. Следи тужителот на 11.09.2007, до Претседателот на Основниот суд Битола, да поднесе Замолница. Во неа стои: 'На 23.03.2007, до Вашиот суд, преку пошта, беше испратена препорачна пратка. Таа се однесуваше за мојот предмет, П. бр.987/92 на тужителот за повторување на постапката. Меѓутоа, до денес немам добиено никаков одговор. Токму затоа Ве замолувам да се убрза постапката, зашто се заблагодарувам'.

Таа не се убрза за политичкиот процес 987/92, туку се повтори постапката со преставката на тужителот до Судскиот совет, кој до денес е партиски. Токму затоа тој не е дофрмен, има противење да биде СДСМ-овски

'Судскиот совет на Републиката побара известување од Претседателот на Основниот суд- Битола, според кое предметот П.бр.987/92 бил завршен и архивиран, после одлуката на Врховниот суд на Република Македонија од 14.01.2004 година, со која одлуката ревизија е одбиена'. Од членот Ведат Вели, испратено до тужителот предмет бр.07-363/4 од 1.3.2007. Видлив е одговорот на политичкиот Судски совет. Токму затоа во Решението од 21.09.2007 е потпишано од 'Претседателот на советот Судија Славица Миковска'. Веројатно, таа ќе биде унапредена, како што беше Александар Прчевски, со тешки последици врз народот.

Следи судивката, дрско, како што партискиот Јавен обвинител Прчевски, ништо да не наведе од она што по кој повод е поднесен предлогот, а тоа е само во врска со ВМРО-ДПМНЕ, ништо друго.

Таа, хронолошки, нешто повеќе, од предметот на Судскиот совет од 01.03.2007, во Решението, кое ги штити интересите на партиското приватизирање на ЗК 'Пелагонија'- Битола, кој е уништен и оплачкан, и партискиот П.бр.987/92. Значи, партиски полн погодок, против народот.

Следи таа да наведе само едно: 'Тужителот на 23.03.2007 год., до овој суд повторно поднесе предлог за повторување на постапката со наводи дека што се однесува дали имало промени или новости по предметот П. бр.987/92 е тоа што другиот работник кој бил избркан заедно од работа со тужителот а тоа бил работникот Китан Минчевски тој бил вработен на работно место и примил обештетување'.

Од наводите на личноста која е судија се гледа дека таа намерно го одбегнува главното, дека предлогот е за политички судски постапок, а она што е наведено за Китан Минчевски беше само споредно. Меѓутоа, главно со предлогот беше, што тој не беше член на ВМРО-ДПМНЕ, па поради тоа беше вратен на работа и го прими обештетувањето. Дури лицето потписник на Решението постапува нечесно, оти тужителот и Китан Минчевски поднеле заеднички предмет, а постапката продолжила само за тужителот. Инаку Китан Минчевски на судската расправа, иако обвинет со повеќе дела отколку тужителот, беше поткупен и против тужителот. Вакви злосторнички дејствија во и вон Правосудството се познати.

Најдрско е она што, таа, се повикува: 'Согласно чл.423 ст.3 од ЗПП, кој беше во примена во времето кога се водеше постапката по предметот по истекот на рокот од 5 год., од денот кога одлуката станала правосилна...'. Токму ова и било што друго нема врска со предлогот на тужителот, а тој е еден и единствен: политички судски спор. Ова се потврдува и со

наводот, што кодошот Китан Минчевски не е на работа само 5 години, туку преку 16 години: зема личен доход од Комбинатот итн., итн.

Па затоа Решението 987/92 од 21.09.2007 е 100% ПОЛИТИЧКО, што нема врска со Правосудството, кое мора да е народно. Тоа еднаш ќе го оствари напатениот македонски народ, кој ненародно бил убиван, осудуван..., само од Немакедонци и македонски изроди.

Поради кажаното, не молам, ниту велам дека треба, туку мора да се прифати предлогот на тужителот, и еднаш засекогаш да прекинат судските ѕверства врз Македонците″.

На 03.10.2007 до Премиерот на Владата на Р.Македонија испратив ″Предмет: Запознавање со СДСМ-вското Правосудство.

Во Жалбата се гледа, судијата го пиши Решението, кое нема врска со Тужбата на поднесителот″.

На03.10.2007 до Судски совет на Р.Македонија испратив ″Предмет: ″Запознавање со СДСМ-вското Правосудство.

Во Жалбата се гледа, судијата го пиши Решението, кое нема врска со Тужбата на поднесителот″.

″Република Македонија Судски совет на Република Македонија

Бр.07-2206/4 16.10.2007 Скопје

До Ристо Ивановски Ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Предмет: Известување

Во врска со Вашата преставка доставена до Судскиот совет на Република Македонија, во која изразувате незадоволство од постапката на судот, Судскиот совет на Република Македонија по проучувањето на наводите во преставката и соодвените прописи во контекс на својата надлежност, Ве известува следново:

Согласно чл. 1 ст. 2 од Законот на судовите, судовите се самостојни и независни државни органи.

Согласно чл. 2 од Законот на Судскиот совет на Решублика Македонија, Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите.

Согласно Законот за судовите, никој не може да влијае врз судијата во врска со судењето, судската одлука има неприкосновено дејство и истата може да ја испитува, менува или укинива само надлежен суд и во постапка пропишана со закон.

Според тоа, Судскиот совет на Република Македонија нема овластување да се меша во работа на судовите, да ги преиспитува судските одлуки, па бара нивно изменување или укинивање, ниту има овластување да го спречи извршувањето на судските одлуки.

Оттука како неспорно произлегува дека Судскиот совет на Република Македонија нема законска надлежност да се впушта во утврдување-то на фактичката состојба, нема надлежност да врши преиспитување на пресудата, ниту пак да влијае на судијата за донесување каква било одлука.

Во конкретниот случај, за одлучување по жалба, надлежен е Апелациониот суд Битола.

На основа на пороизнесеното, согласно чл. 105 од Уставот на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија не најде околности кои укажуваат на неговата надлежност.

Судски совет на Република Македонија Член Ведит Вели″.

На 26.10.2007 до Премиерот на Владата на Р.Македонија поднесов ″Предмет: Запознавање со СДСМ-овски Судски совет.

Од Извештајот на Судски совет се гледа, неговиот член го пиши Ивештајот, кој нема врска со предметот на поднесителот″.

На 26.10.2007 до Судскиот совет на Р.Македонија испратив ″Предмет: Приговор на Известувањето од членот на Судскиот совет.

На 03.10.2007 до Судскиот совет на Р.Македонија испратив писмо во кое наведив ′Предмет: Запознавање со СДСМ-вското Правосудство′. Со следен текст: ′Во жалбата се гледа, судијата го пиши Решението, кое нема врска со тужбата на поднесителот′. Во прилог на предметот е приложена и жалбата. Во образложението се наведува: ′На 23.03.2007 беше под-

несен предлог на тужителот за повторување на постапката′. Во него стои: ′Како член на ВМРО-ДПМНЕ, канидат за пратеник и против кандидат за генерален директор, се ова во 1990, во 1991 година од моќникот на СДСМ, директор на Комбинатот, ми беше изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос. Од 20.05.2001 година останав без работен однос и право на вработување′

Во надеж, конечно да прекини да се суди против Македонците, и тоа како членови и симпатизери на ВМРО до 1990 година, а оттогаш на ВМРО-ДПМНЕ, се обратив до Судскиот совет. Токму тој е надлежен. Правосудството повеќе да не е партиско, како и од македонските душмани да се прекини да се прогонуваат и доистребуваат Македонците во Македонија, кои друга немаат, каде тие да бегаат.

На мое разочарување на 25.10.2007 добив предмет Известување од Судскиот совет бр.07-2206/4 од 16.10.2007, од членот на Судскиот совет Ведат Вели.

Во него стои: ′Во врска со Вашата преставка доставена до Судскиот совет на Република Македонија, во која изразувате незадоволство од постапувањето на судот, Судскиот совет на Република Македонија по проучувањето на наводите во преставката и соодветните прописи во контекс на својата надлежност, Ве известуваме следното:

Согласно чл. 1 ст. 2 од Законот на судовите, судовите се самостојни и независни државни органи. (Судовите се само СДСМ-овски, Р.И.)

Согласно чл. 2 од Законот на Судскиот совет на Решублика Македонија, Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите.

Согласно Законот за судовите, никој не може да влијае врз судијата во врска со судењето, судската одлука има неприкосновено дејство и истата може да ја испитува, менува или укинива само надлежен суд и во постапка пропишана со закон. (Веќе кажано во член 1 и 2, а по заповед, Р.И.)

Според тоа, Судскиот совет на Република Македонија нема овластување да се меша во работа на судовите, да ги преиспитува судските одлуки, па бара нивно изменување или укинивање, ниту има овластување да го спречи извршувањето на судските одлуки.

Оттука како неспорно произлегува дека Судскиот совет на Република Македонија нема законска надлежност да се впушта во утврдувањето на фактичката состојба, нема надлежност да врши преиспитување на пресудата, ниту пак да влијае на судијата за донесување каква било одлука.

Во конкретниот случај, за одлучување по жалба, надлежен е Апелациониот суд Битола.

На основа на пороизнесеното, согласно чл. 105 од Уставот на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија не најде околности кои укажуваат на неговата надлежност′.

Изнесеното од членот на Судскиот совет не е во врска со на подносителот ′Предмет; Запознавање со СДСМ-овското Правосудство′. Со следен текст: ′Во жалбата се гледа, судијата го пиши Решението, кое нема врска со тужбата на подносителот′.

Бидејќи во Уставот и законите на Р.Македонија не смеат да се ликвидираат лица со друга партиска припадност, што важи и во Обединета Европа, подносителот продолжува да се бори за својата правда, што важело со векови за истребуваните Македонци. Токму затоа врз членовите и симпатизерите на ВМРО до 1990 година и оттогаш наВМРО-ДПМНЕ еднаш засекогаш мора да се прекини нивното прогонување од Немакедонци и Србомани и тоа од српската и антимакедонската СКМ=СДСМ, чие е Правосудството.

Во надеж, еднаш засекогаш македонска Р.Македонија да стане и остане на македонските Македонци, се заблагодарувам.

Д-р Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола

ПС: Јас сум автор на дваесетчетири (24) книги за македонска Македонија и македонски Македонци. Како додаток на книгите, ОД АВТОРОТ ги регистрирам Немакедонците и македонски изроди учесници во ликвидацијата на македонските Македонци, од кои јас сум редок и единствен пример од 1990 година и тоа како член и кандидат за пратеник на ВМРО-ДПМНЕ″. (Проклет да е Лупчо Георгиевски што во партијата испика бугараши, Р.И.)

На 23.11.200 следи за ″П.бр.987/92 Преку: Основниот суд- Битола До: Врховниот суд- Скопје Тужител: Ристо Ивановски Тужен: ЗК ′Пелагонија′- Битола Предмет: Поништување одлука за отказ Вредност: Неопределена, долу образложена. ПРЕДЛОГ ЗА РЕВИЗИЈА

Со Решение РОЖ.бр.1022/20007 од 09.11.2007, кое го добив на 22. 11.2007,од Апелациониот суд- Битола, се потврди, дека во судската расправа постоа само една странка, тужениот. Ова се гледа во Решението, во кое ништо не се наведува од мојата жалба од 02.10.2007.

Меѓутоа, во него се наведува само ′истекол рокот од 5 год., на предлог за повторување на постапката не може да се поднесе′. Ова не е вистина. Јас од пред да бидам избркан од работа, и тоа без прекин, се обраќав до власта, за да не изгубам ниеден рок. На ова во пресрет ми излезе Премиерот, Никола Клусев, и тоа пред да бидам избркан. Следи Трудовата инспекција да утврди, се било без основа. Токму затоа крумпираните судии во сите три судови го отфрлаат предметот на Премиерот, а постоеше само една странка, тужениот. Јас понатаму редовно пишував и молев да ми се излезе во пресрет. Само со промена нна власта се јави Претседателот на Врховниот суд и одма се пријавив. Следи одговор на СДСМ-овскиот џелат Александар Прчевски. Продолжив понатаму да пишувам. Пак, со промена на власта, повторно се пријавив во судот, предмет на Предлог за равизија, но џелатите знаат само пет години, а јас секој година се јавував до претседателот и премиерот на државата, претседателот на Врховниот суд. Значи, двапати добив одговор, двапати се пријавив и двапати џеладски изгубив. Токму затоа наведените 5 години се вкупно 16 џеладски судски години.

Во жалбата истакнувам, само едно: судскиот спор бил само политички. Тоа било против мене и тоа како член на ВМРО-ДПМНЕ, кандидат за пратеник на ВМРО-ДПМНЕ во 1990 година и во истата година противкандидат за генерален директор на Вангел Гагачев, монтер на судскиот спор, денес газда на од него уништениот и оплачканиот Комбинат, моќникот од СДСМ.

Токму затоа тој со општествени средства се поткупил, а со тоа не ми дозволи да го добијам судскиот спор, ниту да се вработам во двата македонски универзитети, зашто редовно ги губам и тие судски спорови. Бидејќи само јас сум работел во научна установа и докторирал во Германија и Австрија, токму само јас ги исполнувам условите за наставник во двата универзитети, според законите за високо образование во Европа, а не нашиот, секој член во три става. За ова да биде попреставително, во првиот е предвиден образован, вториот полуобразован и третиот необраован. Па секаде е образован, условот бил исполнет. Токму затоа секое интерно лице со магистериум и докторат со тема за поламатура и матура ги исполнува условите. Само најголемата желба на тикварот Вангел Гагачев не му успеала, тој не докторирал. Меѓутоа, тој како таков толку не е глуп се да не поткупи и наплати, традиција на државата. Значи, корумпираноста опстоила во највисок степен.

Ова се потврдува и со наводот, со мене беше избркано и друго лице, кое беше првоглавно и оптеретено со повеќе дела. Двата бевме со една тужба. Бидејќи тој не беше член на ВМРО-ДПМНЕ судскиот спор продолжи само за мене, тој се врати на своето работно место, дури тој наполно беше обештетен.

Тој со адвокатот, кој беше наш, заеднички, од Вангел Гагачев, како судија, беа поткупени, па следи адвокатот да ја закасни жалбата само за еден ден, за само јас да го изгубам спорот. Токму затоа јас против него поднесов кривична пријава. Меѓутоа, корумпираното Обвинителство ја отфрли мојата кривична пријава. Истото корумпирано Обвинителство ги отфрли моите кривични пријави, поднесени против судиите, кои место да судат според она за што бев избркан, во судските расправии тие ме оптеретуваа со работи, за кои никогаш не падна збор. Дури корумпираното судство без мое знаење ги иземаше судиите кои судеа во моја полза, а ги поставаше судиите, како еден затворски клучар, Благој Доновски, денес дури врховен судија, срам за Правниот факултет, правосудството и Р.Македонија. Дури во тоа корумпирано судство судеа судиите, за кои имав поднесено кривични пријави. Следи да загубам претесно, со една разлика: 7 изгубени, а 6 добиени. Тоа беше со маратонскиот политички судски спор: операцијата успешна и пациентот почина. Вака до денес се делува, и тоа преуспешно, се судии со години, додека тужителите изчезнат од живите.

Тоа било можно само од партиски моќници, како што опстоил генералниот директор на Комбинатот. Тој бил и е битолски најмоќник во СДСМ. СДСМ партиски ги приватизе-

рала претпријатијата и партиски вработените ги избркала на улица, порадишто тие ги превртуваат ѓубрињата во контењерите.(Арамискитебогаташи се ѓубриште за во контењери,Р.И.)

Дека ова не е случајно, се наведуваат судиите: Љубе Неделковски- претседател, Љубен Нешковски и Снежана Богдановска. Па овие се истите судии, кои во истиот суд судеа за истиот предмет со Решение Гж.бр.1743 /2002 од 17.10.2002: Љубен Неделковски- претседател, Александар Филипов и Снежана Богдановска. Овие судии го потврдија Решението на судијата, Александар Прчевски, од 05.09.2001.

Со тоа што судеа истите судии за политичкиот судски спор, што е спротивно на Уставот на Р.Македонија и законите, се потврдува, Правосудството во Р.Македонија останало партиско. Токму СДСМ нив ги предложи, избра и постави на тие судски места. Па затоа тие понатаму само го продолжија џеладството врз Македонците, кои не членувале и не биле симпатизери на СДСМ-овското Правосудство, наследство од српскиот режим по пучот на АСНОМ и ликвидирањето до денес на сите кадри, на кои им лежела македонска Македонија.

Со Предлогот за равизија се заложувам, да прекини прогонувањето на македонските Македонци, за нив да важат Уставот и законите со кои рамноправно ќе им се суди, само според делото и доказите, а не според партиската припадност, поврзана со предавнничката улога на просрпскиот режим, од кого до денес се судии.

Со Предлогот за ревизија треба да се поништи одлуката за отказ, а со тоа поврати од 1991 година се она што мене како член на ВМРО-ДП-МНЕ, кандидат за пратеник на истата партија и противкандидат за генерален директор на Комбинатот.

Вредноста на предметот е огромна. Се работи за оштета на уништен живот..., и тоа само поради стручноста, македонштината...од 20.05.2001, од кога бев исфрлен од работа од СДСМ-овското просрпско=џеладско Правоусудство″.

На 23.11.2007 до Премиерот на Р.Македонија и Судскиот совет на Р.Македонија испратив: ″Предмет: Пределог за ревизија до Врховниот суд.

Со предметот како прилог Ви го испраќам Предлогот за ревизија, со која ќе се види, во Р.Македонија понатаму продолжува партиското прогонување, што трае до денес.

Во надеж, дека истото еднаш засекогаш ќе се прекини, се заблагодарувам″.

″Република Македонија Судски совет на Р.Македонија Бр.07-2512/ 2 29.11.2007 год. Скопје.

До Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21, Битола

Предмет: Известување (Повторува истото како претходното,Р.И.)

Во врска со Вашата преставвка доставена до Судскиот совет на Република Македонија, во која изразувате незадоволство од постапувањето на судот, Судскиот совет на Република Македонија по проучувањето на наводите во преставката и соодветните прописи во контекс на својата надлежност, Ве известуваме следното:

Согласно чл. 1 ст. 2 од Законот на судовите, судовите се самостојни и независни државни органи.

Согласно чл. 2 од Законот на Судскиот совет на Решублика Македонија, Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите.

Согласно Законот за судовите, никој не може да влијае врз судијата во врска со судењето, судската одлука има неприкосновено дејство и истата може да ја испитува, менува или укинива само надлежен суд и во постапка пропишана со закон.

Според тоа, Судскиот совет на Република Македонија нема овластување да се меша во работа на судовите, да ги преиспитува судските одлуки, па бара нивно изменување или укинивање, ниту има овластување да го спречи извршувањето на судските одлуки.

Воедно Ве известуваме дека не се најдени основи за постапување на Судскиот совет на Република Македонија.

На основа на предизнесеното, согласно чл. 105 од Уставот на Република Македонија, Судскиот совет на Р.Македонија не најде околности кои укажуваат на негова надлежност.

Судски совет на Република Македонија Член Васил Грчев″.

На 04.12.2007 до Судски совет и Премиерот на Владата поднесов ″Предмет: Приговор на Известувањето од членот на Судскиот совет.

Насловов на предметов се однесуваше кога јас на 26.10.2007 ваков предмет испратив до Судскиот совет. Тој беше по повод на мојата обесправеност како Македонец, кој станал жртва од 1990 година, како грешка, што тој во постсрпскиот режим постанал член и кандидат за пратеник на ВМРО-ДПМНЕ. Токму во името и идеите на ВМРО од српскиот и просрпскиот режим страдале безбројни Македонци, комунисти и некомунисти, дури и свештеници. Тоа што било продолжило како дел на Македонците и македонски изроди. Ова се гледа и во предметот на Судскиот совет, кој не бил надлежен во чистката на македонските кадри. Ова било поврзано, со тоа што судовите биле самостојни во ликвидацијата на Македонците. Токму затоа на мојот приговор членот Ведат Вели не одговорил.

По ликвидационото Решение од Апелациониот суд, јас поднесов Предлог за ревизија до Врховниот суд на Македонија. Ваков пример, со копија на наведеното Решение, испратив и до Судскиот совет. Од него на 04.12.2007 добив предмет бр.07-2512/2, од 29.11.2007 Известување, истото, кое во ништо не остапува од она на Ведат Вели, од кого досега ги добивав одговорите. Меѓутоа, сега за прв пат се јавува Васил Грчев. И овој, како претходниот, не е надлежен, и овој на приговорот нема да одговори.

Така, тие двата си ја завршиле работата, а само во служба на непријателите на Р.Македонија, кои се внатрешни и само внатрешни, да се ликвидираат само Македонци, кои без познати во научната и стручната јавност вон Македонија. Токму оваа јадната, по нејзината поделба од 1913 година, станала позаостаната од соседите, а според патеписците таа од нив била многу понапредна и со повисок стандард. Ова продолжило од лицата, на кои никогаш не им лежела Македонија. Тие неа само си ја плачкале, како што СДСМ по 1990 година партиски си ја оплачкале, Македонците ги избрка од работа, останувајќи без право на вработување. За ваков случај беа и се моите предмети.

Веројатно,Р.Македонија некогаш ќе стане и македонска″.

**2.** ОБВИНИТЕЛСТВО:

На 18.12.2000 до Јавниот обвинител на Р.Македонија- Скопје е испратен ″Предмет: Предлог за ревизија на П.бр.987/91

Како научен соработник од Германија и доктор по наука од Австрија се вработив во југословенскиот рекордер ЗИК ′Пелагонија′-Битола. Со вработувањето на Вангел Гагачев се упропасти Комбинатот и тој прв се распадна во државата во 1990 година, од кого од земјоделските ООЗТ-ина се создаде ЗК ′Пелагонија′- Битола со генерален, наведената личност. До денес тој повеќе не е ни државен рекордер и живее на државни јасли: доби средства од државата од преку 10 милиони ДЕМ (таа го ослободи да ги врати), ја продава национализираната земја (има судски решенија), зема најповеќе средства од ФАРЕ (со нив се расфрлува), ја отуѓува одличната опрема и механизација (грабеж на имотот) итн. Покрај ова постојат масовни кражби, а водач е токму В.Г., кој купува опрема и механизација директно од купувачот и тоа поскапо или со истата цена од наш трговец: овде постои организирано крадење на државата. За ова имам објавено премногу написи, а тој понатаму опстојува, оти тој со државни пари се поткупил. Такво антинародно поткупување направи во Правосуството, каде беше судија неговиот прв братучед Вангел Гагачев: овој е виновен што го изгубив спорот во Окружниот суд (беше окружен судија), и кога тој стана врховен, тоа во Врховниот суд мораше да се повтори.

За да ја спасиме Свињарска фарма бившиот раководител Китан Минчевски ги организира вработените. Тој ги собра потписите и беше организатор. Јас него го подржав, оти бев свесен дека таа ќе се ликвидира. По нашето бркање, таа се упропасти: од свинското месо оболеа преку 100 вработени од стафилококоза, фармата ја зафати чумата (за неа нема лек и денес свињите се болни), умреа од глад и студ говедата во фармата (100% се уништи), а само ние сме казнети, оти сакавме да ја спасиме фармата.

Ние бевме теретени дека сме ги организирале вработените за Свињарската фарма од посебна пресметковна единица да ја издвоиме како посебна работна единица, во состав на Комбинатот, што не е никаков прекршок, оти таа тоа беше. Со предмет од Кабинетот на Премиерот од 03.05. 1991 се потврди дека организирањето на посебна работна единица не е прекршок и дека за Китан Минчевски и Ристо Ивановски без материјални докази се води дисциплинска мерка. За нив тоа не беше ништо, ние од 20. 05.1991 бевме избркани од работа.

Бидејќи јас бев и кандидат за генерален директор, значи, конкурент на В.Г. само јас до денес останав без работа. Овде беше злоупотребена мојата партиска припадност како член на ВМРО-ДПМНЕ (во 1990 година бев кандидат за пратеник и изгубив за 166 гласови од Јаким Ивановски),

Ни се монтираа дела, кои не се докажани. Бев прогласен како непријател на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Од ова самоволие имав штета. Пак, во Обвинителството имав еден куп пријави за В.Г, како на пример, дека тој ′успеал′ да ја догледа ′теткаму′ по нејзината смрт и од неа зел станови за имот, кој е два пати исплатен, како масовен злочин на државата.

Тоа се потврди во Правосудството, каде извршен предмет не сакаше да се изврши. Тој беше заради насилното преместување од моето работно место од Развојната служба во Свињарската фарма. Значи, јас сум бил против Егејци.

Дека тоа не е точно е следниот доказ: јас во својата книга ′Средоземјето прадомовина на Европјаните′ докажувам дека Грците биле вештачки народ, чиј јазик во 1830 година бил Хомеров (тн.словенски), а новиот грчки јазик бил само реформираниот јазик коине на Александар Македонски, дело на Кораис по 1830 година (тој бил роден во Смирна, а живеел во Парис). Книгата доживеа три изданија, следи книга за Скендербег (тој е направен 10 години помлад за да биде обрежан и роден во Круја: тој можел да биде роден само во Дебарско и Полошко) и следната книга Одродување на Македонците е при крај; уште и 68 написи.

Како потврда дека В.Г. бил злочинец е доказот, дека тој е виновен за уништувањето на многу семејства и смртни случаеви. Тој на принудни работни акции ги проумре срцевите болесници. Такви се еден куп агрономи. Ама бидејќи државава него не го казнува, тој тоа го продолжува. Дека тој е непријател на Егејците е следниот пример: тој е виновен за двајца срцеви болесници: Вангел Цуклевски и Иракли Дурлов (првиот го исмејуваше како технички директор, а вториот на работна акција со месеци каде нема ни вода ни превоз).

Значи, од вкупно 13 судски одлуки 6 беа во моја полза, а 7 против. За народниот правобранител бркањето од работа без основа не било кршење на човековите права. Во Европскиот суд во Страсбург бев примен, но бидејќи мојот предмет од Врховниот суд беше во ноември 1996 година, а Р.Македонија беше потписник на 7.04.1997, Судот не можел да донесе одлука.

Бидејќи јас бев член на ВМРО-ДПМНЕ, кандидат за генерален директор и пријавувач на непријателот на Македонија и Македонците, тиквар (најслаби приноси од кога тој дојде, од 1977 година) и арамија (од бедник стана капиталист), а само јас останав без работа (само за мене се водеше судскиот спор):

Организаторот на вработените и собирачот на потписите Китан Минчевски беше вратен на истото работно место, иако тој беше потешко и за повеќе дела теретен. Само со овој навод се докажува дека овде постои самоволие.

Исто така, адвокатот Ицко Димовски беше поткупен, тој ја закасна жалбата и таа беше отфрлена. Бидејќи јас како неука странка имав поднесено втора жалба, предметот се врати во првобитната состојба. Адвокатот на мојата кривична пријава беше ослободен, што само по себе говори дека јас морав да го изгубам спорот.

Сите судии, кои ме судеа, јас за нив како монтери имав поднесено кривични пријави. Тие непречено судеа и мене 100% ме ликвидираа. Судиите, кои решаваа (во моја полза) беа изменени мое знаење, а јас не можев да ги изземам оние (судии) за кои имав поднесено кривични пријави, кои 100% го судеа спорот. (И нив ги ослободи Обвинителството, Р.И.)

Во надеж да се прифати мојот предмет, каде се водеше судскиот спор само за мене, а не за Китан Минчевски итн., се заблагодарувам″.

На 21.02.2003 до Јавниот обвинител на Р.Македонија- Скопје се обратив:″Предмет: Почитување на законите и прекинување на политички прогони.

Како додаток на мојата четврта објавена книга испратив преставка, со следен текст: ′Како член и кандидат за пратеник во 1990 година на партијата ВМРО-ДПМНЕ од селската династија на СДСМ ми се монтира судски процес, со кого од 1991 година сум без работен однос и право на вработување. Тоа важи за универзитетите, кои се приватизирани од вработените како нивно наследно право.

За судскиот спор е поднесен предмет за поништување на одлука за отказ, која сега е по моја жалба од 20.09.2001 во Апелациониот суд. Предметот е П.бр.987/92.

Досега за мене сум пишел во повеќе гласила. Истото го објавив во мојата четврта книга, што го приложувам во преставката′. Датум 06.03.2002.

Во прилог од мојата седма книга од 01.10.2002, испратен до Вас, е следниот текст на мојот поднесок: ′На 06.03.2002 Ви поднесов преставка со која укажав на група на луѓе во државата неа и нанесоа огромна штета. При тоа мене ми беше изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос, јас не можам да се вработам во приватизираните универзитети кое го нема во ниедна земја и понатаму сум отфрлен. Во прилог Ви испратив за судскиот спор П.бр.987/92 и универзитетите. Во едно укажав дека мојот предмет е по жалба од 20.09. 2001 во Апелациониот суд- Битола. За истото Ви испратив уште еден прилог′. Датум: 01.10.2002.

Незадоволен од Јавниот обвинител на ВМРО-ДПМНЕ, кој не сакаше ништо да преземи како непозната личност (јас) на партијата, што го објаснав, Ве замолувам како Јавен обвинител на СДСМ да преземете правни дејствија според законите и еднаш засекогаш да прекинат партиските прогони.

Не само тоа, бидејќи овој злостор е подржан од СДСМ, молам и барам самата партија да го прекини, таа да почне да ги почитува правата и честа на секоја личност поединечно. Ова е неопходно, оти државата е народна.

Во надеж да се разрешат моите обесправувања од лица непријатели на државата Р. Македонија, тиквари и арамии, се заблагодарувам″.

На 01.10.2002 до Републички јавен обвинител и Републички народен правобранител испратив: ″П О Д Н Е С О К

На 06.03.2002 Ви поднесов преставка со која укажав на група на луѓе во државава неа и нанесоа огромна штета. При тоа ми беше изречена (дисциплинска мерка) престанок на работен однос, јас не можам да се вработам од приватизираните универзитети кое го нема во ниедна земја и понатаму сум отфрлен. Во прилог Ви испратив за судскиот спор П.бр.987/92 и универзитетите. Воедно укажав дека мојот предмет е по жалба од 20.09.2001 во Апелациониот суд- Битола.

За истото ви испратив уште еден прилог″.

На 29.03.2003 до Јавно обвинителство на Р.Македонија- Скопје и Народен правобранител на Р.Македонија-Скопје испратив: ″ПРЕСТАВКА

Како државјанин на Р.Македонија сум обесправен и тоа поради мојата партиска припадност.

Токму затоа Ви ја испраќам преставката со додатокот во мојата по ред деветта објавена книга.

Во надеж да преземите нешто се заблагодарувам″.

**3.** НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА Р.МАКЕДОНИЈА

Во врска на П.бр.987/92 поднесов преставка до Народниот правобранител. Потоа следи мој предмет до Републичкиот јавен обвинител на Р. Македонија, па моја замолница од 20.05.1997, потврдено со мој плик, таа кај нив на 21.05.1997 заверена под ЈО ВО/97 ревизија, за со ГО 22.05.1997, со потпис, наведувам: ″ЗАМОЛНИЦА

Во врска со мојот монтиран судски процес за кого сум го добил конечното решение од Врховниот суд на Р.Македонија, со што мојот предмет ревизија беше одбиен, се обратив до Вас со целата документација на мојот предмет П.бр.987/91. Исто така, по повод на мојата преставка до Претседателот на Република Македонија добив одговор од Аница Мифтари каде се наведува дека мојот предмет не е решен.

Затоа замолувам да се убрза постапката за што се заблагодарувам

ПС: За мојот предмет сум објавил повеќе мои писма во весникот ′Дело′,а такво беше моето последно објавено писмо во ′Дело′од 15.мај 1997 со наслов ′подмитено судство′. За злоделата на монтерот на цел судски процес директорот на ЗК ′Пелагонија′- Битола Вангел Гагачев поднесов кривична пријава до Основното јавно обвинителство во Битола.
20.05.1997 Битола Д-р Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21...″.

На 28.10.1997 до Народниот правобранител на Р.Македонија- Скопје испратив предмет: ″Почитувани Народен правобранител

Во врска со мојот маратонски судски спор за монтиран процес испратив жалба до Републичкиот јавен обвинител, кој се огласи за ненадлежен. Тоа го повторив и до Јавното правобранителство на Македонија и добив одговор бр.9-208/97 од 03.10.1997, кој се огласи исто така за ненадлежен. Целата документација заедно со жалбата испратена до Републичкиот јавен обвинител која е предмет на моето обраќање до Вас, го препраќам до Вас за понатамошна постапка.Се надевам дека нема да го штитите понатаму масовниот крадец Вангел Гагачев за кого сум пишувал и имам поднесено кривична пријава за грабеж од околу 3,5 милиони германски марки како разлика на цена за купените опреми директно од производувачот кои се поскапо купени отколку да се купени од наш трговец во државата. Тој со таквиот грабеж го поткупи цело правосудство.

Во надеж да постапувате според законот, се заблагодарувам″.

На 03.01.1998 до Народниот правобранител на Р.Македонија- Скопје испратив ″Предмет: Убрзување на постапката за П.бр.987/91.

На 28.10.1997 ја испратив документацијата за наведениот предмет. Свесен сум за Вашата преоптеретеност со предмети од државата и молам да се убрза постапката, зашто се заблагодарувам...″.

На 04.01.2000 до Претседателот на Р.Македонија, Премиер на Влада, Министер на правда, Претседател на Врховен суд и Претседаел на судски совет испратив ″Предмет: Замолница за повторна ревизија на монти-раниот политички судски процес за предметот бр. 987/91-92.

Во весникот ′Нова Македонија′ од 04. и 05. декември 1999 година објавив напис под наслов ′Не-пристрасноста на Врховниот суд преку сопствен пример′, со кој ми се нанесе огромна штета: сум без работен однос од 1991 година.

Мојот предмет беше испратен до Вас. Бидејќи досега не добив одговор, го повторувам предметот. Во надеж да се преземат дејствија според Уставот и законите на државата, се заблагодарувам″.

″Република Македонија Министерство за правда

Бр.08/2-10/2 од 01.02.2000 година Скопје

До Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола

Во врска со Вашата преставка, Министерството за правда, со писмо од 24.02.1999 година Ве извести дека се обрати до Претседателот на Основниот суд Битола од каде доби известување дека по предметот И.бр. 2753/91 било донесено решение за запирање на постапката се до окончување на предметот П.бр.987/92.

Видно од Вашата преставка, Вие барате повторна ревизија во предметот П.бр.987/92 заради што е потребно да се обратите до надлежниот суд од причини што Министерството за правда согласно својата надлежност определена во членот 77 од Законот за судовите (′Службен весник на РМ.′ бр.36/95 и 45/95) има надлежност да постапува по поплаките и преставките на граѓаните на работата на судовите доколку истите се однесуваат на работата на судските служби или на одложување на судските постапки и истото нема надлежност да ги преоценува или преиспитува судските постапки и одлуки.

Имено странката која не е задоволна од судската одлука истата може да ја побие само во постапка пред надлежен суд со употреба на дозволени правни средства. Со почит, Помошник на министерот за правда″АМ

На 11.02.2000 до Претседателот на Основниот суд- Битола поднесов ″Предмет: Повторување на постапката на монтираниот политички и поткупен судски процес за П.бр. 987/92

Во врска со поткупениот политички 100% монтиран судски процес, како дело на апсолутистички правни системи, досега сум се обраќал во многу јавни гласила. Бидејќи прозваните во весниците не се јавија тоа да го оспорат, се потврдува 100% монтираниот судски процес од личен интерес на поединец кој со државни средства ги поткупил членовите на судските совети и ми се нанесе неправда не само мене туку и на цел правен систем. Ова се по-

втори во дневникот ′Нова Македонија′ од 04. и 05. декември 1999 година, како и во неедлникот ′Дело′, кои до денес не се демантирани.

Бидејќи Вашиот суд е надлежен суд во кој започна монтираниот судски процес, се обраќам до Вас и во надеж да се остранат неправдите, се заблагодарувам и ве поздравувам″.

На 11.02.2000 до Републичкиот судски совет на Р.Македонија- Скопје испратив ″Предмет: Повторување на постапката на монтираниот политички и поткупен судски процес за П.бр.987/92.

Во врска со поткупениот политички 100% монтиран судски процес,како дело на минатото што не е предвидено со ниеден закон за повторување на постапката, досега сум се обраќал во многу јавни гласила. Бидејќи прозваните и надлежните не се јавија тоа да го оспорат, се потврди 100% монтираниот судски процес од личен интерес на монтерот Вангел Гагачев, кој со државни средства ги поткупил членовите на судските совети и ми се нанесе неправда. Ова се повтори во дневникот ′Нова Македонија′ од 04. и 05. декември 1999 година, како и во неделникот ′Дело′, кои до денес не се демантирани.

Д-р Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21,97000 Битола

ПС: Во постапката на предметот како член на судскиот совет беше и Вашиот член К.Чавдар, кој е добро запознает за овој предмет″.

″РСЖ.бр.1022/2007 АПЕЛАЦИОНИНОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет од судиите М-р Љубе Неделковски- претседател, Љубен Нешковски и Снежана Богданоска- членови на советот, во правна работа на тужителот Ристо Ивановски од Битола, против тужениот ЗК ′Пелагонија′ Битола, како правен следбеник на ЗИК ′Пелагонија′ РЕ ′Коле Канински′ с.Породин, за поништување на одлука, одлучувајќи по жалбата на тужителот, против решението на Основниот суд во Битола, П.бр.987/92 од 21.09.2007 год., на седница на советотна седницата на советот одржана на 09.11.2007 год., донесе Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот СЕ ОДБИВА, како неоснована.

Решението на Основниот суд во Битола, П.бр.987/92 од 21.09.2007 год., СЕ ПОТВРДУВА. О б р а з л о ж е н и е

Со обжаленото решение, предлогот на тужителот за повторување на постапката по предметот на Општинскиот суд Битола, П.бр.987/92, правосилно завршена, е отфрлен.

Против вака донесеното решение, во законскиопределениот рок вложи тужителот, поради незаконитост на решението, со предлог жалбата да се уважи, обжаленото решение да се укине и предметот да се врати на првестепениот суд на повторно одлучување.

Овој суд, одлучувајќи по жалбата, го испита обжаленото решение согласно чл. 371 од ЗПП, по оцена на жалбените наводи и списите во предметот, најде дека: Жалбата не е основана.

Првестепениот суд извршувајќи увид во списите на предметот П. бр.987/92, утврди дека во времето кога се водела постапката односно одлуката со која било одбиено тужбеното барање на тужителот станала правосилна, истекол рокот од 5 год., па предлог за повторување на постапката не може да се поднесе. Од предлогот на повторувањето на постапката од 23.03.2007 год., тужителот не бара повторување на постапката од причините наведени во чл.421 т.2 и 3 од ЗПП.

Уште повеќе, истите причини тужителот веќе еднаш ги има поднесено со предлогот за повторување на постапката од 19.06.2001 год., па првостепениот суд имал одлучено со решение на Општинскиот суд Битола, П.бр.987/92 од 05.09.1991 год., кое станало правосилно.

Заради тоа, во конкретниот случај, правилно првостепениот суд постапил, кога предлогот на тужителот за повторување на постапката по предметот на Општинскиот суд Битола, П.бр.987/92, правосилно завршена, го отфрли.

Овој суд, ги ценеше наводите истакнати во жалбата, оцени дека истите не се од влијание за утврдување поинаква фактичка состојба, од веќе утврдената од страна на првостепениот суд и не придонесуваат за поинакво одлучување.

Предвид на се горе изнесено, следуваше овој суд да одлучи како во изреката, согласно чл. 371 ст. 1 т.1 од ЗПП.

ЛЕ/ЈС Претседател на советот-судија М-р Љубе Неделковски,с.р″.

**4.** ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА Р.МАКЕДОНИЈА

На 05.02.2000 до Претседателот на Република Македонија испратив предмет ″Почитуване Претседателе

Како член на ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година и кандидат за пратеник на првите парламентарни избори, но и член на Советот на Партијата, сум обесправен и на силецискки начин на улица исфрлен, како метод од минатото, а за мене со трајни последици:од1991 година сум без работен однос.

За ова Ви пишував и на 04.01.2000, кога го спомнав мојот напис објавен во ′Нова Македонија′ на 04. и 05. декември 1999 по повод на Претседателските избори на Р.Македонија. Се работи за П.бр.987/91- 92 100% монтиран со поткупени судии, а Врховниот суд несака да излезе во пресрет како суд на минатото, во кој се судени многу политички неподобни личности. (Би бил пресреќен ако јас бидам последниот, Р.И.)

Како потврда дека за се е виновна партијата на која и припаѓам е и следниот пример: јас сум единствен кој сум работел во Германија како научен соработник четири години, докторирав во Виена Австрија, само јас имам објавувано трудови вон државата и тоа самостојни, имам издадено скрипта и книга, значи само јас во државата можам да предавам на Земјоделски и Ветеринарен факултет и нивните институти,како и на Вишата земоделска школа во Битола, од 1990 година се јавувам редовно на конкурс, секогаш сум одбиен, а се примени интерни лица без самостојни трудови, немаат скрипта ни книга. Тоа се врши и од одмазда од ′рецезенти′ за кои се однесуваат моите трудови и многу написи во ′Нова Македонија′ објавени само до 1990 година. Така јас понатаму сум без работен однос, а Македонија во СФРЈ беше пред Косово, а денес е само пред Албанија.

Во надеж да се разреши политичката неподобност, се заблагодарувам″.

″Претседател на Република Македонија Кабинет Бр.11-283 01.3. 2000 Скопје До Г-дин Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21 ...

Во врска со Вашата преставка упатена до Претседателот на Републиката во која изразувате незадоволство од работата на судовите во врска со споровите што сте ги воделе пред нив истовремено изразувајќи и незадоволство од начинот на кој е вршен избор на професори во Земјоделскиот и Ветеринарниот факултет во Битола (Скопје, Р.И.) Ве известуваме за следното:

Судовите согласно својата законска и уставна поставеност се независни и самостојни во донесувањето на своите одлуки, пресуди и решенија, така што другите органи немаат овластувања и законски можности да влијаат на нивната работа. Оправданоста на нивните одлуки, пресуди и решенија можат да ги оценуваат повисоките судови во редовна и вонредна постапка пред нив, што Вие го имате сторено.

Што се однесува до Вашето укажување за начинот на кој е извршен изборот на професори во Земјоделскиот и Ветеринарниот факултет истиот е извршен согласно одредбите на Законот за насочено образование (′Службен весник на СРМ′ 16/85, 2/86, 29/86, 7/88,18/89, 29/89, 29/90, 11/91, 40/91 и 14/95) и Законот за работни односи (′Службен весник на СРМ′ 80/93. 14/95, 53/97 и 21/98) согласно кои, за вработувањето самостојно одлучува работодавецот а државните и другите органи притоа немаат никакви права и овластувања. (Законот за насочено образование не е во согласност на европските..., Р.И.)

Имајќи разбирање за Вашата состојба други можности согласно законот нема заради што Ве молиме горното примете го како одговор на Вашата преставка.

Комсија за преставки и жалби на Претседателот на Република Македонија Секретар Евица Лазарова″.

На04.03.2000 до претседателот на Р.Македонија испратив предмет:

″Почитувани Претседателе

Ви се обратив со писмо на 05.02.2000, во кое протестирав дека во државата не се почитуваат Уставот и законите. Токму затоа јас како член на ВМРО-ДПМНЕ сум обесправен и уништен, со 100% монтиран судски процес во полза на член на СДСМ сум без работен однос од 20.05.1991 и од 1990 година кога постанав член на ВМРО-ДПМНЕ и како кандидат за пратеник на првите повеќепартиски избори го изгубив правото да се вработам според Законот за високообразование во државата иако само јас сум работел и докторирал во научна установа во Европа во која сака да влезе државата, само јас имам издадено трудови вон државата, сите самостојни, сум издал книга и скрипта, итн.

Од Вашиот Кабинет добив предмет Бр.11-223 од 01.03.2000 со кое се повикува на самостојноста на судовите и универзитетите, а тие се приватизирани од лица вработени во установите, кои заради лични интереси и зависност на владеечката СДСМ ми го одзеде правото според Уставот и законите да се опстојува во државата.

Токму затоа би требало да се преиспита мојата преставка, да се почитува Уставот и законите во државата според кои сите граѓани се равноправни, со предност на поспособните од кои ќе произлезе напредокот на државата: со досегашниот кадар Р.Македонија е само пред Албанија, што само по себе многу говори- не се соодветни лица на соодветни места.

И во надеж да ми се произлезе во пресрет со разгледување на предметот, се заблагодарувам″.

″Претседател на Република Македонија Кабинет Бр.11-223/1 17. 03.2000 Скопје До Г-дин Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21...

Во врска со Вашата повторена преставка упатена до претседателот на Република Македонија во која изразувате незадоволство од работата на судовите во врска со споровите што сте ги воделе пред нив Ве известуваме за следното:

Со наше писмо 11-223 од 18.02.2000 Ви е даден одговор по наводите изнесени во Вашата повторена преставка.

Заради тоа согласно член 10-а од Законот за постапување по преставки и предлози (′Сл.весник на СРМ′ бр.36/77, 12/89 и 19/90) нема основ за повторно постапување.

Комсија за преставки и жалби на претседателот на Република Македонија, секретар Евица Лазарова″.

На 20.03.2000 до претседателот на Р.Македонија испратив: ″Предметот е како замолница за ревизија, Бр.11-223/1 од 17.03.2000.

Како член на ВМРО-ДПМНЕ и кандидат на првите повеќепартиски избори СДСМ ми монтира судски процес, со кој сум без работен однос и средства за живеење од 1991 година. За монтирањето на судскиот процес се наведени доказите од предметот на премиерот од 1991 година и од 13 судски одлуки 7 се против мене а 6 за мене: ми беше одземено правото да изземам судии, тоа право го имав изгубено; ме судеа судии за кои имав поднесено кривични пријави; со мене беше избркан еден мој колега кој иако беше водач за се и беше обвинет за потешки и повеќе дела како не член на ВМРО-ДПМНЕ го вратија на работно место; тужбата беше за двата една и иста и затоа политичкиот судски процес продолжи само за мене да ме ликвидираат како дело во 21 век како најголем срам и чин на продолжување на злочините вршени на Македонците од непријателите на Македонците.

За овие злочини се обратив до Европскиот парламент во 1993 година. Тој тогаш неможеше на Р.Македонија да делува како нечленица и непотписник. Предметот заврши во Врховниот суд во ноември 1996 година и Народниот правобранител во февруари 1998 година, а Р.Македонија е потписник од 10.04.1997. Мојата жалба беше првата против владеењето на СДСМ во државата. Тие таа ја примија, ја регististрираа и судскиот процес 100% ќе го добиев што и самите го потврдија. Прашањето остана за разрешување за постарата моја последна одлука од Врховниот суд пред 10.04.1997. Се остана дали ќе го прифати судот самоволието на Народниот правобранител, неговата одлука со која тој кажува дека бркањето од работа не било повреда на човековото право: во цивилизираниот свет тоа е човеково право број еден.

Бидејќи во секој држава претседателот го има правото за ревизија на предметот, токму затоа јас се обратив кај претседателот на Р.Македонија. Ако се земи во предвид дека овој е 100% политички и 100% монтиран судски процес, сум сигурен дека овој предмет ќе биде разгледан, прифатен и поднесен на ревизија, зашто за помошта се заблагодарувам. Се надевам дека јас ќе бидам последниот за злочинечкото делување врз Македонците, кои се бореа и борат за својата држава: мене ме избркаа а од чума 100% пропадна свињарска фарма, 100% изумреа кравите, преку 100 потрошачи од свинско месо оболеа од стафилококоза итн. во ЗК ′Пелагонија′- Битола кој го води непријателот на Македонците, тиквар и арамија,член на СДСМ (одборник во Битола и кандидат за пратеник) и прв братучед на судијата Вангел Гагачев (судија во Окружниот и Врховниот суд, виновник за мојот пропаст) директорот Вангел Гагачев″.

До претседателот на Р.Македонија на 28.03.2001 испратив: ″Предмет: Замолница.

Од Земјоделскиот факултет- Скопје бев испратен во Германија и таму работев како научен соработник од 02.11.1972 до 04.11.1976. Докторирав и се вратив во државата. Се пријавив на Земјоделскиот факултет за вработување. Бидејќи факултетот ги разрешувал семејните проблеми на вработените, го изгубив правото на вработување.

На 24.01.1977 се вработив во ЗИК 'Пелагонија'. Во 1990 година поднесов пријава за генерален директор. Во 1991 година ми се монтира судски процес и од 20.05.1991 сум без работен однос. За повод беше искористено моето членство во ВМРО-ДПМНЕ, а во првите парламентарни избори бев кандидат за пратеник.

Го изгубив правото за изземање на судии, а сите кои решаваа во моја полза, беа изземени. Од 13 судски одлуки 6 беа во полза за мене, а 7 против. Како потврда за монтираност на процесот е доказот и тоа дека од 03.05.1991 добив предмет од Кабинетот на Премиерот, во кој стоеше дека нема докази и факти. Со мене беше избркано друго лице, кое беше со потешки дела, тоа беше вратено и го доби своето обештетување, а процесот продолжи само за мене.

Во 1990 година се јавив на конкурс за наставник во Земјоделскиот факултет. Изборот не беше извршен. Повод беше моето пријавување. Бидејќи до денес нема кадар, тој остана без наставник. Предметот свињарство сега го предава наставник од предметот месо...и тоа се додека нивно лице не добие звање доктор на наука.

Секој година се пријавувам на конкурс на Земјоделскиот факултет, Ветеринарниот факултет, Институтот за сточарство сите во Скопје и Вишата земјоделска школа. Секогаш сум одбиен. Рецензионите комисии не вршат рецензии туку само самоволно и без стручно-научно разгледување на дејноста на кандидатите насилнички сум одбиен. Значи, тие предлагаат само нивни внатрешен кадар, со интерни дисертации со историски теми без важност на струката и науката. Дури тие предлагаат нивни кандидат без да извршат рецензија. Сето тоа нема врска со правната држава, туку само насилие. Тие имаат смелост дури воопшто да не јават за изборот. Таков е случајот со Земјоделскиот факултет, за предметот говедарство две години ништо не јавуваат. За вакви самоволија никој ништо не им можи, што е штетно за стопанството кое беше пред Косово во СФРЈ, а сега само пред Албанија. Со последново сликата најдобро е прикажана.

Кандидатите, кои се избрани, немаат самостојни трудови, книги и учебници. Напротив, јас имам самостојни трудови објавени само вон Р.Македонија, скрипта Исхрана на говедата. Покрај тоа имам објавено две книги: Средоземјето прадомовина на Европјаните, Нов Александар Македонски (Скендербег) и 69 написи со кои ја бранам Македонија и Македонците.

Како обесправен Македонец и граѓанин на Р.Македонија, казнет само поради ВМРО -ДПМНЕ, без право на вработување од 21.05.1991, се обраќам за разрешување на мојот проблем. Ова се однесува поради тоа што универзитетите се државни институции и судството не смее да води партиски спорови.

Во надеж да се разреши мојот проблем се заблагодарувам".

До претседателот на Р.Македонија на 30.11.2001 испратив:

"Предмет: Жалба за моето десет годишно обесправување.

Како граѓанин на Р.Македонија дојдов до жалба до Европската комисија во Брисел. Таа со писмо ми се јави на ден 13.11.2001, во кое стои: на 9 април 2001 нашата држава го потпишала договорот за стабилизација и асоцијација со кој таа се задолжува да ги почитува демократските принципи и човековите права. Ова бил предуслов за понатамошно изградување на односите меѓу нашата земја и Европската заедница. Ова беше повод мојата преставка:

Како кандидат за пратеник на опозиционата партија ВМРО- ДП-МНЕ во 1991 година ми се монтира судски процес. Затоа од 20.05.1991 ос-танав без работен однос. Од вкупно 13 судски одлуки изгубив 7 : 6. Затоа се жалев до Народниот правобранител, кој со предмет број 24-02 од 02.02.1998 се изјасна за ненадлежен. Ми преостана да се јавам до Европскиот суд. Бидејќи предметот беше постар со последната одлука на Врховниот суд за шест месеци, за него не се решаваше. Ама јас го изгубив правото за вработување.

Јас сум единствениот во државата кој бил 4 години како вработен во Германија и научен соработник. Само јас имам докторирано на Запад. Имам објавено самостојни трудови вон државата (во државата не ми се дозволуваше), со објавена книга 'Исхрана на говедата',

три историски книги и преку 150 други написи. Напротив, другите се со интерни дисертации со историски теми во сточарството, без важност за праксата и науката. Ваквите лица ги држат местата, а јас како единствен кој може непречено да биде вработен во Земјоделскиот факултет, Ветеринарниот факултет и  Институтот за сточарство во Скопје, како и Вишата земјоделска школа (Биотехнички факултет) Битола, сум прогласен за непожелен.

Имено, јас скоро секој година се јавував на конкурс, на силеџиски начин сум одбиван, а примените кандидати се нивни интерни вработени кои не ги исполнуваат условите според законот за високо образование: немаат издадено ниедна книга-учебник, немаат самостојни трудови (тое се групни- се изигрува државата и нејзините закони, нанесувајќи и штета) и никогаш не се бавеле со дејноста за кој се врши изборот. Дури предметот свињарство на кого се јавив на конкурс во 1990 година, тој до денес нема наставник и тоа само за јас да не бидам. Исто така, веќе две години се јавив на конкурс за предметот говедарство на истиот, Земјоделски факултет, постапката е иста како за претходниот предмет.

Ова се прави и од лична амраза: за членовите на рецензиите, а тие се исти, имам објавено трудови и написи, дека тие се уништувачи на сточарството и нив треба да им се забрани нивното понатамошно делување. Тие сега се одмаздуваат, земаат пари на поткупа од примените кандидати и директорот кој ми монтира судски процес со неговите први брачеди судии, членови на СДСМ.

Се надевам, ќе прекини да се приватизира судството, да се повтори судската постапка, да ги повратам неоправдано изгубените 10 години во животот, да се вработам како наставник во наведените установи (во Земјоделски факултет постои слободно место- наставник по свињарство од конкурсот од 1990 година) и ќе можам да допринесуввам за сточарството. Тоа значи, понатаму да се борам против рецензетите, уништувачите на сточарството на државата.

За позитивниот одговор на мојата жалба се заблагодарувам″.

Од Претседателот на Република Македонија добив предмет број 11-413/2 од 28.12. 2001: ″Г-дин Ристо Ивановски ул.′Михајло Андоновски′ бр. 6/21 Битола

Во врска со Вашата претставка упатена до претседателот на Република Македонија во која меѓу другото го изразувате своето незадоволство поради тоа што иако редовно конкурирате за прием на Земјоделскиот факултет се уште не сте примени за наставник Ве известуваме дека:

Претседателот на Република Македонија согласно својата уставна надлежност нема ингеренција во областа на образованието. За приемот на наставните кадри самостојно одлучуваат факултетите.

Други можности согласно законот нема, поради што Ве молиме, горното примете го како одговор на Вашата преставка.

Комсија за преставки и предлози на претседателот на Република Македонија, секретар Евица Лазарова″.

На 12.01.2002 до Претседателот на Р.Македонија испратив:

″Предмет: Одговор на Ваш предмет бр.11-413/2 од 28.12.2001.

Како член на ВМРО- ДПМНЕ и кандидат за пратеник во 1990 година СДСМ во 1991 година ми монтира судски процес, ме избркa од работа од 20.05.1991 и ми забрани да се вработам во високо научните установи во државата.

За мојата обесправеност се жалев до претседателот Киро Глигоров. Тој ги испораќаше моите преставки до надлежните министерства за правда и образование. Потоа од нив и од Кабинетот добива одговор за преземените дејствија. Всушност, ништо не беше преземено како член на ВМРО- ДПМНЕ.

Досега сум се обратил на претседателот Борис Трајковски. Секогаш сум добивал одговор, дека тој не е надлежен. Не се случило од неговиот Кабинет да се препрати мојата преставка до надлежниот министрер, што сум веќе загрижен.

Бидејќи јас сум единстввен во државата со единствено научно искуство од Запад и единствен доктор кој докторирал во Запад, како и единствен човек кој има самостојни трудови, учебник по исхрана и три објавени книги (Средоземјето прадомовина на Европјаните, Нов Александар Маке-донски за тн.Скендербег и Одродување на Македонците), како и чет-

врта книга Возобновување на античките Македонија, а од Вас добив одговор за ненадлежност, е нешто друго посреди:

Од Народниот правобранител како СДСМ-овска институција бев одбиен. Затоа јас се жалев до Европската комисија во Брисел, која пиши дека државата треба да ги почитува човековите права, на што следи моја преставка до претседателот на државата. Во неа го напишав моето обесправување од правосудството и високото образование. Вие напишавте дека не сте надлежни за вработување, што не беше предмет на моето барање.

Според Уставо правосудството и високообразовните институции се државни, а не самоуправни приватни институции. Према тоа, претседателот е тој кој преку своите државни институции можи да дојде до исполнувањето на човековите права: секој човек да го добие своето место во државата. Бидејќи јас сум единствен човек во државата казнет од СДСМ, а ВМРО- ДПМНЕ нема слух, како што важи за претседателот на државата, мене ми преостанува само едно: САМО ПОРАДИ МОИТЕ НАПИСИ И КНИГИ ПРОТИВ БУГАРИТЕ ЈАС СУМ ПРОГЛАСЕН ЗА АНТИБУГАРАШ. ТОКМУ ПОРАДИ МОЈАТА АНТИБУГАРАШТИНА ИМАВ СУДИРИ ВО 1990 И 1991 ГОДИНА. ЗНАЧИ, јас цел живот се борев против непријателките на Македеонија, сега сум казнет и за антибугараш а и за античка Македонија. БЛАГОДАРАМ, се е јасно″.(Претседателот не бил надлежен за човековите права...Меѓутоа, тие се многу помал престап отколку да се изврши предавство: Рамковен договор во Р.Македонија без никаква реципрочност на 100% обесправените Македонци во македонска и брзјачка Арбанија=Албанија и пошироко Епир...Никаде не постои Финансиска рамка без која не важи Рамковниот договор...Во Албанија има Албанци, а во Македонија Македонци: словенски Македонци и албански Македонци...Значи, повеќе нема Македонци туку Словени.Со Рамковниот договор се потврди Букрештанскиот договор: нема Македонија, без која не може да има Македонци. Токму затоа се заложбите на Грција,без МК, ...,Р.И.)

На 31.01.2005 до Претседателот на Р.Македонија испратив ″Предмет: Преставка за партиско обесправување.

Како член на ВМРО-ДПМНЕ бев ликвидиран- без право на вработување до денес. Токму затоа во мојата 15-та книга ′Хомерова Троја на домородци-тн.Словени′ (во од авторот, Р.И.) го наведувам моето обесправување. (Тоа му го приложив во писмово, Р.И.)

До Претседателот на државава кој е надлежен за човекови права, ја поднесувам оваа преставка за тој да преземи правни дејствија за да прекинат обесправувањата вршени врз мене, зашто се заблагодарувам″.

**5.** ПРЕМИЕР НА ВЛАДА НА Р.МАКЕДОНИЈА

На 09.07.1998 до Претседателот на Р.Македонија и Премиерот на Владата на Р.Македонија се јавив со ″Приватизираноста на универзитетите

Универзитетите како државни институции мораат да допринесуваат за развитокот на државата, што важи за секоја држава. За несреќа на Р.Македонија тоа не е така. Токму затоа таа беше и е претпоследна во СФРЈ пред Косово и во Европа пред Албанија. Ова може да се види во развитокот на земјоделството, сточарството и ветеринарството со својот најнизок степен на развиток и со масовните заболувања како што се лигавката со шапот, бруцелозата, свинската чума, стафилококозата на свињите и луѓето итн.

Сето произлегува од тоа да наставниот кадар е со интерни докторати со теми за матура и со историско значење за воведот на трудот кој кај нас е научно звање доктор на наука. Докторатите се стекнати кај кадар и установа кои никогаш не се бавеле со наука, кога се знае дека за наука е потребно капитал кој го нема државата, а докторатот е научно звање. За избор на наставните звања се потребни научни и стручни трудови кои треба да бидат објавени во научни часописи што неважи кај нас. Токму затоа трудовите се интерни објавени во списанија на факултетите, без научна и стручна основа, што е лесно да се објават кога самите се автори и издавачки одбор. Така на лесен начин доспеваат до редовен професор, продолжувајќи ја трагедијата за понатамошните заостанувања на наведените области

Заради немање на кадар бев испратен од Земјоделскиот факултет - Скопје на дошколување во развиениот свет, каде има капитал и се бават со наука. Работев четири години (од 02.11.1972 до 03.11.1976) како научен соработни во Баварскиот завод за сточарство Груб кај Минхен СР Германија. Докторирав на 04.11.1976 во Универзитетот за земјоделски науки во Виена- Австрија и истиот ден тргнав за Р.Македонија. Пак, за до постои можност за научен

труд докторат кандидатот мора да има објавено два научна труда. Тоа го направив во Германија и стекнав право за докторат и докторирав.

На 07.11.1976 се пријавив во Земјоделскиот факултет и Заводот за сточарство и ветеринарство, но заради нивна фузија не бев примен. Така ми беше одговорено. Но тоа всушност беше сосем друг проблем: тие биле приватизирани за внатрешниот кадар кој никогаш не се бавел со наука. Токму затоа до денес не ми е дозволено да објавувам кај нив трудови што продолжив да го правам во Германија и југословенскиот часопис за сточарство ′Сточарство′- Загреб, како и во ′Нова Македонија′ со образложувања како во државата од неспособниот кадар страда стопанството и државата. Вкупно сум објавил трудови и разни написи преку 100 (сто).

За лицата за кои сум пишувал за нивните злочини и нивната нестручност (Ташко Токовски, Никола Поповски, Никола Тодоровски, Ристо Илковски итн.), тие ми беа рецезенти, мене ме одбија и нестручно ги извршија рецензиите, а и лично ме навредуваа. Тие ги предложија лицата кои кај нив магистрираа со теми за поламатура и докторираа со теми за матура. Тоа беа Танас Трајковски, Боне Палашовски и Владимир Џабирски во Земјоделскиот факултет и Институтот за сточарство, како и Ристо Проданов во Ветеринарниот факултет, како и Петар Богданов и Митре Стојановски во Вишата земјоделска школа во Битола:

- Во 1979 година бев одбиен од Вишата земјоделска школа за предметот за кој сум докторирал, а беше примено лице само со завршен земјоделски факултет без да има објавено ниеден труд;

- Во 1990 година беше објавен конкурс за предметот свињарство. Се пријавив јас. Заради мене не се изврши изборот, до денес нема наставник и тоа место ќе се потполни кога ќе докторира нивно лице за матурски труд. Тоа мораше така да биде кога рецезент беше Ташко Токовски од мене многу постар, но помлад доктор, докторирал со интерен докторат, без трудови е наставник во Земјоделскиот факултет и се однесува како газда во факултетот;

- Во 1995 година бев одбиен од Земјоделскиот факултет по предметот говедарство, а беше примено лице кое работело кај нив како ветеринарен техничар Танас Трајковски, па завршил вонредно Земјоделски факултет со 50% од наставната програма на редовните студенти, магистрирал и докторирал со теми за пола и матура, нема објавено ниеден самостоен труд и непознава странски јазик. Тоа е нормално кога е рецезент Ташко Токовски, кој дури е дрзок: мојот труд објавен во Загреб го напаѓа, а трудот на Петар Мицевски како магистерска работа и плагијат од мојот труд го величи;

- Во 1996 година бев одбиен од Институтот за сточарство, а беше примен Боне Палашовски, кој беше мој помошник, нема објавено ниеден самостоен труд и магистрирал и докторирал со теми за пола матура во Земјоделски факултет. Рецезенти како претходниот предмет говедарство- овој избор е говедарство;

-Во 1997 година бев одбиен од Земјоделскиот факултет, а беше примен Владимир Џабирски кога рецезенти беа Никола Тодоровски и Ристо Илковски. Предметот беше овчарство, за што има магистрирано и докторирано кај Н.Тодоровски и Т.Токовски со теми за поламатура и матура. Тој нема објавено ниеден самостоен труд; Ако се земи во предвид дека менторите (Тодоровски и Токовски) несмеат да бидат рецензенти, изборот неважи;

- Во 1997 година не бев примен во Вишата земјоделска школа по предметот свињарство, а беше назначено лицето Митре Стојановски, кој магистрирал и докторирал во Земјоделскиот факултет со теми за пола и матура, а нема објавено ниеден самостоен труд. (Во Школата за се е главен носител вет.лекар Борис Ангелков поради кога се трујат студентки ...,Р.И.)

Освен тоа, имам поднесено други барања за прием во Земјоделскиот и Ветеринарниот факултет, како и Вишата земјоделска школа. Но на нив не сум добил одговор. Ова е поткрепа за приватизираноста на овие институции.

Сум издал скрипта за говедата, излегува од печат мојата книга за потеклото на народите и се припрема нова: мој напис во ′Вечер′ од 05.05. 1998, каде стои нема Словени, Александар Македонски го создал коине (старогрчкиот јазик), Хомер пишел на словенски јазик, Кирил го реформирал коине и тој не создал ново писмо (преводот фалсифика)- ние сме автохтон народ итн.″.

″Република Македонија  Влада на Република Македонија- Служба за претставки- Бр.11-571/3 29.07.1998 Скопје

До Г-дин. Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновскибр.6/21 Битола

Во врска со Вашата информација упатена до претседателот на Републиката која е доставена на постапување на оваа Служба истата ја доставивме за информирање и постапување до Републичката просветна инспекција со цел согласно нивните законски овластувања и можности а во зависност од основаноста, согласно Законот, за нивното постапување да бидете известени.  Раководител  Добросав Кучера″ (Од неа, како и Премиерот ништо не добив. Проблемот бил еден: јас сум бил Македонец, Р.И.)

На 21.12.1998 до Премиерот на Р.Македонија испратив ″Протест за самоволијата на СДСМ.

Како член на ВМРО-ДПМНЕ и кандидат за пратеник од 1990 го-дина сум обесправен, оштетен и уништен. Тоа се огледа за следните три неправди за кои власта на СДСМ немаше слух за нивното спроведување:

1. Во 1990 година бев насилно преместен на пониско работно место во ЗИК ′Пелагонија′- Битола за моите протести за уништувањето на Комбинатот од 1977 година од страна на членот на ЦК СКЈ и ЦК СКМ Вангел Гагачев, за кого сум пишувал во многу написи, а последниот беше во ′Македонија денес′ во неомври 1998 година, злостор за Октомвриската награда. Спорот го добив и во Врховнниот суд на Македонија, но тој до денес не е извршен заради насилничкиот однос на претседателот на Окружниот суд Божидар Кочов и неговите сопариски извршители: Ристо Георгиевски, Бранко Цокински, Благој Стојковски и Владимир Атанасов.

2. Во 1991 година поднесов документи за генерален директор на Комбинатот и незаконскиот поставен за генерален директор, Вангел Гагачев, ми монтира судски процес, кој 100% е без основа. Затоа протестирав до Претседателот на Извршниот совет на СРМ, академик проф. др. Никола Клусев, а од неговиот кабинет добив предмет од 03.05.1991 во кои стои дека нема докази и факти. Тоа не им пречи и јас заедно со раководителот на фармата сум избркан од работа. Иако раководителот на фармата беше обвинет за потешки и повеќе дела, тој беше примен на работа на исто работно место и го прими своето обештетување, што за мене не важеше, оти судиите кои го решаваа спорот во моја полза беа сите иземени, а јас го изгубив правото насилниците да барам да бидат иземени. Насилници беа: Ристо Георгиевски, Бранко Цокински, Никола Николовски во Окружниот суд, но и другите наведени под бр.1, за кои дури поднесов кривична пријава. Тоа ним не им пречи и заедно со судијата од Општинскиот суд Благој Доновски, за кого три пати не беше прифатено моето барање за иземање од претседателот на Општинскиот суд Душко Јанкуловски, тој непречено суди. Жалосно е да се види како во нивните решенија постои само една странка, Комбинатот, а јас во општо како да не постојам. Трагедијата да е поголема, Врховниот суд расправајќи по мојот предмет, тој го обвинува Окружниот суд како тој не си ја обавил својата задача, како делото е монтирано и се испраќаат предмети кои не се дозавршени. Тоа се случи заради поткупување на нашиот адвокат Ицко Димовски, кој намерно ја закасна жалбата за да го изгубам спорот. За него поднесов кривична пријава, но за обвинителството тој ништо лошо не направил. На крајот ја запечати мојата судбина претседателот Божидар Кочов, кој како судија е предрзок. Од вкупно 13 решенија, започнувајќи од Христина Белева, 7 се во моја штета, а 6 во моја полза. Значи, ист предмет за различни исполитизирани судии спротивни одлуки. Тоа е нормално кога директорот има свој прв брачед судија во Окружниот суд, а потоа во Врховниот суд насилникот Вангел Гагачев, кој ми се закануваше зашто јавно сум го напаѓал неговиот брачед, директорот. Значи, јас без основа сум исфрлен на улица без средства за живеење од 20.05.1991.

3. Како научен соработник во Минхен и доктор на науки од Виена, се вратив во државата да и помогнам, која е заостаната, нема кадар и се наоѓаше во СФРЈ само пред Косово, а денес е само пред Албанија. Мојата диплома и искуства беа основа за пречка на мојата понатамошна дејност. Во 1977 година бев одбиен од Земјоделскиот факултет и неговиот сточарски институт. За да не можам да напредувам не ми дозволија да објавувам трудови во нивното списание, па затоа објавував во Германија и југословенскиот часопис ′Сточарство′ од Загреб. Освен тоа пишував во ′Нова Македонија′ до 1990 година(потоа бев непожелен ка-

ко член на ВМРО-ДПМНЕ, од 1998 година сум во неговиот совет) за пропаднатите инвестиции и зошто Македонија е на најниско равниште. Се борев против виновниците за несреќното сточарство: Кирил Ристевски, Никола Тодоровски, Зора Џабирска, Никола Поповски, Борис Ангелков, Ристо Илковски, Ташко Токовски итн. Тие се виновници за нејзината заостанетос. Но тие ми се одмаздуваат: во 1990 година бев одбиен од Земјоделскиот факултет по предметот свињарство, предмет кој до денес нема наставник. Рецезент беше Ташко Токовски. Во 1995 година бев одбиен пак во Земјоделскиот факултет, а беше примено внатрешно лице Танас Трајковски без ниеден самостоен труд. Рецезент беше Ташко Токовски. Во 1996 година бев одбиен по истиот предмет говедарство но сега во институтот за сточарство без да се изврши рецензија. Значи, се прифаќа на Ташко Токовски, а беше примен мојот помошник Боне Палашовски. Тој нема ниеден самостоен труд. Во 1997 година бев одбиен од Ветеринарниот факултет за предметот на кој сум докторирал во Виена исхрана, а е примено внатрешно лице кое нема врска со исхрана, Ристо Проданов и тој нема објавено ниеден самостоен труд. Рецезент беше Никола Поповски кој како агроном предава предмет за ветеринарен лекар. Кога тој можи, можи и несоодветно лице да предава исхрана. Во 1998 година во Земјоделскиот факултет бев одбиен од овчарство а беше примен синот на Зора Џабирска, Владимир Џабирски, кој (магистрирал и) докторирал во 1998 година кај Никола Тодоровски и Ташко Токовски, а рецезенти му беа двата наведени и Ристо Илковски. Значи, тоа што не е дозволено со законот. Тој нема објавено ниеден самостоен труд. Во 1998 година бев одбиен од Ветеринарниот факултет, а беше примен за специјално сточарство Михајло Адамов дете на генерален директор на ′Скопско поле′ многу слаб студент, нема објавено ниеден самостоен труд и докторатот нема врска со предметот. Овде рецезенти беа Никола Поповски, Ристо Илковски. Тие не извршија рецензија (туку само ги наведија насловите на заедничките писанија, Р.И.), јас сум одбиен, а примија внатрешно лице. Во Вишата земјоделска школа во Битола сум одбиен во 1979 и 1997 година, а заради Борис Ангелков се примени агрономот без ниеден труд Петар Богданов и д-р Митре Стојановски со интерен докторат како другите наведени кои докторирале на Земјоделскиот факултет. Значи, се примени лица со интерни докторати и без објавен ниеден самостоен труд. Нивните докторати се со тема за матура и затоа се криjат како патенти од јавната стручна и научна средина. Кога тие не се објавени, тие не се доктори на наука. Значи, моето одбивање е само насилнички чин. За тоа сум протестирал до универзитетите, сум објавувал написи. Моите протести до Претседателот на државата и Владата завршувале кај министерството за образование. За пример ќе го наведам моето последно писмо испратено до Претседаелот на Р.Македонија (истото го добил и премиерот Лупчо Георгиевски, Македономрзец, Р.И.), кое е препрартено до Владата.Таа со предмет бр.II-571/3 од 29.07.1998 ми соопштува како мојот предмет бил испратен до Републичката просветна инспекција, од која до денес немам добиено одговор. (Како и од Владата на Македономрзецот, Р.И.)

Како под број 4 би го навел предметот со инспекцијата за урбанизам и градежништво, како мојот сосед го руши ѕидот на нашата куќа, на наше место гради свој објект, зашто нема дозвола за градба и таму тоа не е дозволено. Така тој објект не е рушен, позади нашата куќа ќе гради друг објект, зашто ние ќе мораме нашата куќа да ја поместиме по на исток за пола метар, значи таа да ја крениме на рамо, што ќе овозможи исполнување на условите на градба. За истото е испратен мој предмет до Вашиот министер за урбанизам.

Досега сум ги регистрирал злочинците во државата, кои го уништија земјоделството, сум објавил само самостојни трудови, сум издал скрипта за исхрана на говедата и во август излезе мојата книга′Средоземјето прадомовина на Европјаните′(никогаш немало Словени...)

Во надеж да се почитуваат законите, се заблагодарувам″.

На 23.01.1999 до Премиерот на Влада на Р.Македонија испратив ″Предмет: Замолница за мојот протест од 21.12.1998.

На 21.12.1998 Ви испратив протест под наслов протест за самоволијата на СДСМ. Во него наведив како јас како член на ВМРО-ДПМНЕ и кандидат за пратеник од 1990 година сум обесправен, оштетен и уништен. Исто така, јас сум единствен во државата кој сум добразован во Европа, во која се настојува таа да влезе: во Минхен сум работел четири години како научен соработник и докторирав во Виена на Универзитетот за земјоделски науки. Тоа значи, само јас во државата ги исполнувам условите за разрешување на проблемите во земјо-

делството, зашто сум пишувал во моите самостојни трудови и написи во државата Хрватска и Германија.Токму моето европско образование ми создаде многу животни проблеми. Тоа заедно со моето членство во ВМРО-ДПМНЕ и од 1998 година членувањето на советот во иста партија ми го отежнаа моето понатамошно живеење.

За моите ставови како треба да се развива европското земјоделство може да се види во преку 100-те објавени во јавноста мои ставови, кои за жал не се прифаќа од досегашното социјалистичко видување на стопанството, комунистичко однесување и спроведување на ненационлна економија. (Тој го мразел македонското, националното..., Р.И.)

Освен тоа, имам издадено скрипта за исхрана на говедата. Говедарството е основа за прогресот на државата: најдобар реон освен стрежевскиот за производство на млеко и месо е мариовскиот за производство за месо итн. Оваа постои во други реони. Следи свињарството. Овчарството е доказ на запостанатост, а производствотоа на јајца е непожелно како конкуренција на исхрана на човекот.

Сум објавил книга за потеклото на народите ′Средоземјето прадомовина на Европјаните′ во 1998, а оваа година излегува второ издание: книгата Ви ја испратив со посвета. Во неа се гледа како непостој национален ген и народите се вештачка творба на интересни сферни влијанија со злочинечки дела. (Тој бил Македономрзец, Р.И.)

Во едно не сакам да ги прифатам ставовите на југословенот Ѓорѓи Котевски, кој Македонците го бркаа во Австралија, кој е најгласно говорник против мене во партијата. Тој постана член на ВМРО-ДПМНЕ како семејна ждрепка на браќата. Тој има личен интерес да биде против мене: неговата сопруга беше инцијатор да му избркаат од членството на СКМ, таа е соучесник за моето бркање од работа од ЗК ′Пелагонија′ (таа како член на Работничкиот совет зборуваше се најлошо и гласаше да ме избркаат). Таа е најслаб студент, никаков работник, магистрира со тема за пола матура и (по моето бркање, Р.И.) докторира со тема за матура на Земјоделскиот факултет,што е пракса во тој факултет, коалицирале со сегашниот министер за земјоделие за кој сум пишел и заедно се мои непријатели. Таа е Горица Котевска, директор на Тантаровата агенција за земјоделство, во Битола. (Таа во неа не сакаше да ме вработи, да се истребам...,Р.И.). Исто така, неприфаќам произволни клевети од семејниот комитет на ВМРО- ДПМНЕ. Од нив, како од Горица Котевска, ќе има штета само државата. (Нив ги интересирало и денес нив ги занима само личното, Р.И.)

Во надеж да се разгледа мојот протест од 21.12.2008 благодарам″.

На 18.03.1999 до Премиерот на Влада на Р.Македонија испратив писмо, со следен текст: ″Почитувани Премиере

Во 1999 година, кога се создаваше партијата ВМРО-ДПМНЕ ниеден од кадрите не сакаше да се вклучи во таа партија. Јас доброволно пристапив во партијата и бев и сум единствен кој сум докторирал во Виена Австрија а работев четири години како научен соработник во Минхен. Исто така, јас бев кандидат за пратеник во 1990 година. Кога се создаваше советот на партијата во 1998 година се приклучив исто така во него.

Не ме зачудува што не бев предложен и избран за министер по земјоделие, а тоа постана докторот на наука со тема за матура Владимир Џабирски, кој докторира во 1998 година и тек тогаш постанал член на советот на партијата, кој нема самостојни трудови, ниту книга издадено (јас имам самостојни трудови објавени вон државата, имам издадено две книги: скрипта за исхрана на говедата, Средоземјето прадомовина на Европјаните - таа ја добивте од мене. Освен тоа имам свои производи во ′Бентомак′- Крива Паланка, на мој предлог се подигна од мојот прв братучед фабрика за добиточна храна во с.Доленци- Демир Хисар (бидејќи тој самиот се самовлно работеше, пропадна, Р.И.) и на мој предлог се справува ′Кваско′, препарат за подсирување на млеко во АД Фабрика за квасец и алкохол- Битола. Токму заради министерот фармите останаа без пченка, што досега не беше случај итн. Исто така, не се лутам што се прифати да биде директор сопругата на југословенот Ѓорѓи Котевски во Тантаровата агенција. Ниту што не сум вклучен во ништо во Вашите комбинаторики.

Јас се обратив до Вас со мои предмети, со кои само барав да се почитува законот, да прекине да бидам обесправен и без работа од 1991 година токму само како член на ВМРО-ДПМНЕ, што важи и за мојата непожелност во приватизираните универзитети од вработените како нивно наследно право. За истото се обраќам до Министрството за правда и образование. Тие, како што ме одбиваа од СДСМ како член на ВМРО-ДПМНЕ, тоа само продо-

лжува и се запрашувам дали во оваа држава постои правда и човечност. Се надевам да ова не е проблем со моите ставови објавени написи и издадени книги за вештачките народи, кои до денес и нанесуваат зло на Македонците и Македонија. (Лупчо Георгиевски ги мразел македонските Македонци, тој бил само Бугарин, има бугарско државјанство, Р.И.)

Во надеж да преземе дејствија министерот за правда и образование,секако во склад со законите и интерес на државата, се заблагодарувам″

На 25.09.1999 до министерот за одбрана, кој како ВМРО-ДПМНЕ -ец беше прв премиер во државата и претседател на Советот на партијата, испратив писмо до него. Тоа беше назначено до претседателот на Советот на ВМРО-ДПМНЕ Акад. проф. др. Никола Клусев. Тој беше испратен на Голи Оток, а според неговата изјава тој и не знаел зошто тоа се случило:

″Почитувани Министар за одбрана

Ви се обраќам како член на Советот на ВМРО-ДПМНЕ и член на истата партија од 1990 година, кога бев и кандидат за пратеник, а изгубив од Јаким Ивановски за 166 гласови. Мојата активност ми донесе големи незгоди и неправди: I останав без работа од 1991 година и II немам право на вработување.

Во 1991 година поднесов документи за генерален директор на ЗК ′Пелагонија′- Битола. Директорот Вангел Гагачев ми монтира судски процес. Бидејќи јас знаев дека ќе бидам избркан од работа, Ви се обратив како на Претседател на Извршниот совет на СРМ. Од Вашиот кабинет беше соопштено, дека нема факти и докази. Јас бев избркан и во судскиот процес кој траеше до ноември 1996 година предметот од Вашиот кабинет беше ′загинуван′, па затоа јас нахнадно бев приморан тој да го приложувам. Судскиот процес го изгубив кога Вангел Гагачев постана советник од СДСМ во Градското собрание Битола и неговиот прв брачед е врховен судија: од 13 одлуки 6 се во моја полза и 7 се против мене, оти го изгубив правото да изземам судии, а сите судии кои решаваа вомоја полза беа променети. Имав поднесено тужба во Стразбург како прв од државата, но мојот предмет е постар 6 месеци (за Р. Македонија важи 10.април 1997 година) и затоа бев одбиен годинава.

Јас докторирав во Виена Австрија и работев научен соработник во Минхен од 02.11. 1972 до 04.11.1976. Бидејќи државата тогаш и денес нема кадар на Земјоделски факултет, од кого бев испратен на доусовршува-ње, се вратив во државата на 07.11.1972. Се пријавив во факултетот и нивниот институт, но бев одбиен, па морав да се вработам во Комбинатот на 24.01.1977 година.

Во 1979 година бев одбиен од конкурсот од Вишата земјоделска школа во Битола, 1990 година на Земјоделскиот факултет, 1995 година на истиот, па следат 1996 на Земјоделскиот, 1996 година на Ветеринарниот, 1997 година на Земјоделскиот, 1997 година на Земјоделскиот факултет и Институтот за сточарство, 1998 година на Земјоделскиот и Ветеринарниот факултет. Секогаш сум непожелен, иако примените кандидати се внатрешни лица, со интерни и необјавени докторати со историски теми, немаат објавени трудови вон установата каде работат и нивните ′трудови′ се само историски и воглавно соопштенија, немаат објавено ниедна скрипта ниту книга: јас сум објавувал само во Германија и Хрватска (не ми беше дозволено да објавувам во државата), имам издадено скрипта ′Исхрана на говедата′, книга ′Средоземјето прадомовина на Европјаните′ (Ви ја испратив по пратеникот Весна во 1998 година) и имам објавено историски написи. Само за напомена: кога се јавив на конкурс во 1990 година за свињарство, заради мене не беше извршен изборот и затоа до денес предметот нема наставник и сега сум на конкурс за предметот по говедарство на Земјоделскиот факултет.

Молам да ми се помогни за обновување на процесот и примање на работа″. (Овој бил како претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Претседателот го срушил и првиот премиер, дури и во полза на СДСМ партијата ВМРО-ДПМНЕ излезе од парламентот, и тоа за да се оплачка народот. Следи да ги казни членовите на ВМРО-ДПМНЕ кои протестирале против Букрештанскиот договор. Па Лупчо Георгиевски бил Бугарин а и арамиште, Р.И.)

На 10.12.1999 до премиерот имав ″Предмет: Молба за разрешува-ње на мојата обесправеност од 1990 година како член на ВМРО-ДПМНЕ.

Кога се основаше партијата ВМРО-ДПМНЕ во 1990 година, кога не сакаа да и се приклучат високообразовани кадри, јас доброволно се приклучив, бев кандидат за пратеник на Парламентарните избори во 1990 година и од 1998 година член на Советот на партијата.

Самата 1990 година за мене постана несреќна, оти како член на ВМРО-ДПМНЕ бев понижен и без основа прерасподелен на пониско работно место како казна за моето членство. Следната година ми се монтира судски процес и од таа година сум без работен однос, без можност како член на партијата да се вработам. За ова пишував во весникот ′Нова Македонија′ на 4 и 5 декември 1999 година.

Истата 1990 година се јавив на конкурс во Земјоделски факултет- Скопје, од кој бев испратен на дошколување во Германија и Австрија, бев одбиен и непожелен како член на партијата. Тоа се повтори во сите следни години во истиот факултет, Ветеринарниот факултет, Институтот за сточарство, но и со тајните конкурси на Вишата земјоделска школа- Битола таму бев непожелен.

Овде се избираа лица со интерни докторати со историски теми за докторат, кои не се објавени за да бидат достапни до научната и стручната јавност, со тоа да бидат признати како докторати и немаат објавено ниту еден самостоен труд: сите нивни ′трудови′ се објавени само во нивни списанија. Јас докторирав во Виена 1976 по четиригодишното работење како научен соработник во Минхен, докторатот ми е објавен во Минхен, сум автор на самостојни трудови сите објавени вон државата (во државата не ми е дозволено да објавувам), имам издадено скрипта ′Исхрана на говедата′ (другите кандидати и рецензенти немаат издадено било каква скрипта или книга) и сум автор на книгата ′Средоземјето прадомовина на Европјаните′ (таа Ви ја имам испратено).

Јас сум одбиен,а се примени внатрешни лица и непријатели на книгата: Ристо Проданов (Ветеринарен факултет), Михајло Адамов (Ветеринарен факултет), Танас Трајковски (Земјоделски факултет), Владимир Џабирски (Земјоделски факултет), Боне Палашовски (Институт за сточарство), Митре Стојановски (Виша земјоделска школа) итн. Ова се остварува, бидејќи овие рецензенти се поткупени од страна на директорот на ЗК ′Пелагонија′- Битола за кого сум поднесувал многу кривични пријави како уништувач на Комбинатот, но и самите рецезенти се лично против мене, оти нив ги регистрирав со свои трудови и написи како виновници за сите пропаднати инвестиции во сточарството, кои никогаш не се бавеле со наука и струка, до денес тие се професори во наведените институции, а држа-вата во СФРЈ беше само пред САП Косово и денес е само пред Албанија. Овие лица образуваат нови кадри, кај нив стекнуваат магистратури и докторати, а сето тоа е трагедија. Тое се следните уништувачи на сточарството, на кои ќе мора да им се забрани со нивната понатамошна дејност: На Земјоделски факултет Никола Тодоровски и Ташко Токовски, на Ветеринарниот факултет Никола Поповски и Ристо Илковски. Овие се јавуваат во секоја рецензија, кои се лажговци и подмитливи. Тие со тоа само стекнуваат и добиваат пари од нив предложениот кандидат. Значи, рецензиите и изборот се само приватни, а не државни.

Кон овие би се надоврзал и Претседателот на Институтот за сточарство кој е виновен за немањето кадар во таа установа, директорот на Ветеринарниот институт како соучесник за раширени болести кај животните и ветеринарниот лекар Борис Ангелков во Вишата школа Битола, кој не успеал да специјализира во Белград, ни да магистрира во Загреб, а сега ′докторирал′ во Загреб што е срам за научната и стручната мисла.

Значи, јас сум уништен од овие тотални неспособни лица како нивни личен став и корист со интерес, а јас тоа неможам да го спречам токму заради мојата поврзаност со партијата од 1990 година.

Во надеж да се преземи нешто во врска со мојата молба, се заблагодарувам″.

На 09.09.2006 испратив до ″Јавен обвинител на Р.Македонија За: Фалсификаторите (лажговците) во Земјоделски факултет Скопје Од: Д-р Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21...КРИВЧНА ПРИЈАВА

За лицето Танас Трајковски, кој како вршител на наставник во Земјоделски факултет- Скопје, не ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование на Р. Македонија. Исто така, за тој да биде предложен и избран наставник во истиот факултет, тоа се врши со фалсификат. Имено, тој нема објавено ниеден самостоен труд, ниту еден самостоен напис, а тој е предложен и избран со фалсификат, во кого стојат четириесет и четири (44) трудови. Со кривичната пријава се предлага на лицето Танас Трајковски да му престани работниот однос наставник по сите звања, казнат сооучесниците за направениот фалсификат со кого тој е предложен и избран за наставник. Со ова ќе прекинат да му се на-

несуваат штети на македонското стопанство, кои поради лични цели тој се најдува на најниско место. О б р а з л о ж е н и е

Лицето Танас Трајковски било вработено како ветеринарен техничар во Земјоделското стопанство на Земјоделскиот факултет- Скопје. Ова било повод тој да заврши Земјоделски факултет. Од ова тој не бил задоволен, тој магистрирал и докторирал за тема за поламатура и матура. Како потврда за наведеното, неговата магистерска и докторска работа не биле објавени. Со тоа што тие не биле јавни, значи објавени, што биле основ за стекнување на научните звања магистер и доктор, тој не магистрирал, ниту докторирал. Токму затоа неговите ′трудови′ како такви се кријат од научната и стручната јавност. Всушност, тие биле и се само интерни писарии, како што биле и се носителите на тие звања. Ваков било лицето Ристо Илковски.

Овој магистрирал и докторирал кај наставен предмет кого го предавало лице, кој не бил магистер, ниту доктор. Всушност, тој бил само со завршен Земјоделски факултет. Бидејќи Земјоделски факултет за предметот немало наставен кадар, тој не можел да биде магистер и доктор. Ова него не му пречи, кај него да магистрира и докторира Танас Трајковски, со што се приватизирала кадровата политика на Земјоделскиот факултет само за лични цели. Ова било основ на државата да и се нанесуваат штети од лица лаици во струката и науката, порадишто Р.Македонија е на најниско рамниште во говедарството, со тешки последици.

Постапката е наједноставна. Иако лицето Ристо Илковски бил ′татко′ на магистратерата и докторатот на лицето Танас Трајковски, него не му пречи и тоа само за лични цели, тој Танас Трајковски во 1995 година да го предложи за доцент и да биде избран. Напротив, подносителот на кривичната пријава кој работел 4 години во научна установа во Германија и докторирал во Виена Австрија да го одбие.Овој до денес има објавено осумнаесет книги со околу 5000 страни и преку 200 трудови и написи: трудовите и написите се објавени во Германија и Хрватска,оти него во Р.Македонија не му било дозволено да објавува, што писмено му го соопштил Ристо Илковски. Ваквата постапка била основа, внатрешните лица меѓусебно сами да се предагаат: јас тебе, ти мене.

Танас Трајковски, без тој ништо да не работи, на ист начин бил предложен и избран за вонреден професор.

На 13.11.2002 беше објавен конкурс за истиот предмет. Бидејќи на него се пријавил и подносителот на кривичната пријава, конкурсот бил растурен, пракса што се спроведува од истиот факултет редовно од 1990 година. На 10.10.2003 е поднесена тужба П.бр.3555/03 во Основниот суд Скопје I Скопје, а го суди судивката Драгица Сапунџиска...Бидејќи конкурсите биле само од формален карактер, подносителот на кривичната пријава нема што да бара. Земјоделски факултет бил самопуправна интерсна заедница, која не била и не е во состојба да се натпреварува, опстојувајќи само социјална установа за згрижување на недооформени личности, кои не се во состојба да се носат со проблемите во сточарството.

Следи нов конкурс на 02.04.2004, па тужба П.бр.3556/04, со прва расправа дури на 31.10.2005, кај судијата Влатко Самарџиски. На 07.09.2006 тужителот добил Пресуда, со која го изгубил спорот. Истиот ден била испратена жалба на тужителот, во која е наведено, во Пресудата има само една странка, тужениот. Токму во оваа судска постапка се утврди, дека Танас Трајковски бил избран со фалсификат. Тој немал ниеден самостоен труд, ниту самостоен напис. Дури тој немал ниеден групен труд, ниту групен напис. Во Билтенот на Универзитетот ′Св.Кирил и Методиј′ во Скопје бр. 854, од 10 јуни 2004 година има групни писарии објавени во неговиот факултет, сите за основно осмогодишно училиште. Под број 3 го нема (се лаже), под 6 во печат, под 9 во печат, под 10 во печат, под 11 во печат. Во листата се наредени по ред до (со) број 11. За нив нема никаква рецензија. Ова било поради тоашто во нив нема ништо ука и наука, туку само интерни писарии. Најбитно е што тој конечно сфатил дека тој како пензионер требало нешто да работи, па склепале писарии, само сите во печат. Битни се само објавените. Овие заедно се само 6 писарии. Значи, пензионираниот ветеринарен техничар со своите сописарџии објавиле само 6 писарии. Токму со вакви писарии се изигрува Законот за високобразование. Ова се поврдува со тоа што ако пет автори имаат по пет писарии, вкупно се дваесет и пет: 5 x 5 = 25. Овде состојбата е сосема друга. Сите тие пет писарџии, вкупно имаат само пет писарии. Со овие вкупно пет писарии писарџиите биле задоволни, што важи и за Законот за високобразование, а отсекогаш е изиграна државата.

И овде се јавува Ристо Илковски. Бидејќи тој на Танас Трајковски му бил ′татко′ на докторатот, тој не смеел да биде рецезент. Само кога се е само од интерес, тој и овде е рецезент, претседател. Затоа само од лични интереси во заклучокот и предлогот стои: ′Врз основа на досегашната целокупна активност на д-р Танас Трајковски во областа на наставната, научната и апликациона дејност и објавените трудови до изборот доцент и вонреден професор и потоа до денес (44 трудови), имајќи го предвид Законот за високо образование, Правилникот за избор на наставници при Универзитетот >Св.Кирил и Методиј< во Скопје, Статутот на Земјоделскиот факултет, објавениот конкурс и пријавените кандидати, членови на Рецензовата комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно- научниот совет на Земјодескиот факултет, да го избере д-р Танас Тр-ајковски, досегашен вонреден професор, во звањето редовен професор по предметот говердарство′.

Се гледа, ′татенцето′ си го избира ′детенцето′. Бидејќи на подносителот на кривичната пријава ′татковците′ биле во Германија и Австрија, тој (како сирак) го изгубил правото да биде избран. Ама кога подносителот на кривичната пријава во Виена полагаше заклетва, дека ако докторот лаже..., него ќе му се одземе докторатот. Бидејќи Танас Трајковски лаже, тој не може и не смее да биде доктор. Па тој и не е доктор. Кога неговиот докторат се крие, и неговиот докторат е скриен- го нема.

Ова тој самиот не го прави. Фалсификатот е на рецензентот...Токму затоа, Танас Трајковски мора да го изгуби своето работно место, кое никогаш не го заслужувал, и казнат соучесниците.

09.09/2006 Битола Д-р Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21...″.

На 09.09.2006 поднесов за ″П.бр.3556/2004 Основен суд Скопје I Скопје Предмет: Прилог кон Жалбата до Апелациониот суд од 07.09.2006

Во Жалбата наведив за моите за моите барања да бидам ослободен од трошоците за судот и застапникот и тоа до моето вработување. Судијата не ми укажа што јас требада приложам, што е негова обврска...Во судската постапка се одржа само една расправа, другите беа само лични сретнувања- губење време. Поради наведеното, јас признавам само една расправа, на која се донесе она што беше соопштено на 03.05.2006, само за една страна- тужениот.

Во прилог ја приложувам кривичната пријава″.

На 16.09.2006 до Премиерот на Владата на Р.Македонија испратив ″Предмет: Прилог кон Замолницата и Кривична пријава.

На 31.08.2006 Ви испратив Замолница за повторување на судската постапка П.бр.987/92 и на 09.09.2006 Кривична пријава.

Во прилог ја испраќам Дополна на жалба на тужителот.

Иако само јас сум бил научен соработник на Запад, каде јас и докторирав, само јас сум без работен однос. Исто така, иако само јас ги исполнувам условите да бидам наставник во Ветеринарниот и Земјоделскиот факултет во Скопје, Вишата земјоделска школа- Битола, денес дури факултет, и Институтот за сточарство- Скопје, само јас сум неподобен и без работен однос. (Ова е доказ, веројатно, дека само јас сум најподобниот...,Р.И.)

Во надеж да се превземат правни дејствија, се заблагодарувам″.

На 16.09.2006 испратив ″До Ректорот на Универзитетот ′Св.Кирил и Методиј′ Скопје Предмет: Прилог кон Замолницата во Земјоделскиот факултет.

На 09.09.2006 Ви ја испратив Кривичната пријава.

Во прилог е Дополна на жалба на тужителот.

Во надеж да се превземат правни дејствија, се заблагодарувам″.

На 16.09.2006 испратив ″До Јавниот обвинител на Р.Македонија Скопје Предмет: Прилог кон Кривична пријава од 09.09.2006.

На 09.09.2006 Ви ја испратив Кривичната пријава.

Во прилог е Дополна на жалба на тужителот.

Во надеж да се превземат правни дејствија, се заблагодарувам″.

На 26.09.2006 испратив ″До Премиерот на Владата на Р.Македонија Скопје Предмет: Прилог кон Замолницата, Кривична пријава и Дополна на жалба на тужителот.

Во прилог Ви испраќам предмет за самоволијата извршени врз мене само за лични цели, а на штета на државава″.

На 26.09.2006 испратив ″До Јаното обвинителство на Р.Македони-ја Скопје Предмет: Прилог кон Кривичната пријава и Дополна на жалба на тужителот.

Во прилог Ви испраќам предмет за самоволијата извршени врз мене само за лични цели, а на штета на државава″.

На 26.09.2006 испратив ″До Ректорот на Универзитетот ′Св.Кирил и Методиј′ Скопје Предмет: Прилог кон Кривичната пријава и Дополна на жалба на тужителот.

Во прилог Ви испраќам предмет за самоволијата извршени врз мене само за лични цели, а на штета на државава″.

На 07.10.2006 до Премиерот на Владата на Р.Македонија поднесов ″Предмет: Прилог кон Замолницата, Кривична пријава, Дополна на жалба и Предмет од 26.09.2006.

Како член на ВМРО-ДПМНЕ и кандидат за пратеник од 1990 го-дина Ви соопштив дека Ѓорѓи Котевски со неговата сопруга делувале штетно врз Р.Македонија. Ова се потврди, што двата го прифатија човекот на СДСМ Боне Палашовски да биде директор на Институтот за сточарство-Скопје.(Тој е од мафијата на Никола Поповски, Борис Ангелков..., Р.И.)

Во прилог Ви го испраќам предметот испратен до Судот″.

На 07.10.2006 испратив ″До Јавното обвинителство на Р.Македонија Предмет: Прилог кон Кривичната пријава, Дополна на жалба и Предметот од 26.09.2006.

Ви го приложувам″.

На 07.10.2006 испратив ″До Ректорот на Универзитетот ′Св.Кирил и Методиј′ Скопје Предмет: Прилог кон Кривичната пријава, Дополна на жалба и Предметот од 26.09.2006 Ви го приложувам″.

На 21.12.2006 за П.бр.3556/04 до Јавното обвинителство на Р.Македонија- Скопје испратив ″М О Л Б А

Од тужителот Ристо Ивановски... Ул.Михајло Андоновски бр.6/21

Со решение на Основниот суд Скопје I Скопје П.бр.3556/04 од 3.5. 2006, потврдена со решение на Апелациониот суд Скопје Гж.бр.7667/06 од 30.11.2006, добиено денес 21.12.2006, отфрлена е тужбата на тужителот Ристо Ивановски од Битола против тужениот Земјоделски факултет Скопје, што е повторена истата постапка за П.бр.3555/03 од 11.12.2003 и Гж.бр. 1427 /04 од 24.03.2004, што означува да се избираат лица со интерни звања, дури со необјавени трудови за звања, значи, неважечки. Ова не е во согласност со Законите за високо образование на Европа, срам за Р.Македонија. Исто така, тужителот токму од Факултетот бил испратен на доусовршување во Германија, каде тој четири години работел како научен соработник и докторирал во Виена на 04.11.1976. Досега ваков нема во наведениот факултет. Тој има објавено 19 книги, формат А5 со околу 5400 страни, и преку 200 трудови и написи во Германија, Хрватска и Македонија. Ова не важи за избраниот, кој нема објавено ниеден самостоен труд ниту напис. Тој докторирал дури во 1995 година, што е навреда на струката и науката на Р.Македонија.Ова е повод, што Р.Македонија по сточарство е само пред Албанија.

Двата судови направија суштествени повреда на одредбите од паричната постапка, бидејќи погрешно и нецелосно ја утврдија фактичката состојба. Имено и првостепениот и второстепениот суд не го зеде во предвид фактот што постапката пред надлежниот суд тужителот ја поведе како граѓанин на кој му е оневозможено да учествува на конкурс за избор на наставник со сите звања. Јас бев одбиен поради тоа што јас на конкурсот сум немал комплет документи, што не е вистина. Ова се гледа и со тоа што, јас редовно конкурирам од 1990 година. Никогаш моите документи назад не ги вратија. Ова било поради тоа што со нивниот одговор сум стекнувал право на тужење. Иако јас ги барав документите, со кои беа приложени трудовите, по еден пример од секој труд, ништо не ми беше вратено. Ова без прекин трае се до за П.бр.3556/04.

На 15.09.2006 во Дополна на жалба на тужителот, под точка 11, за П.бр.3555/03, кој претходеше за П.бр.3556/04, напишав: ′На 13.11.2002 во весникот ′Нова Македонија′ беше објавен конкурс за наставник во сите звања, во предметот говедарство. Ова е повторување на истиот конкурс од 14 јули 1999 година, на кого исто така се пријавив со свој предмет од 14.07.1999. Бидејќи изборот не беше извршен, истиот наставник продолжи да држи преда-

вања. Јас за ова ништо не бев информиран. На 19.11.2000 итн. испратив предмет Молба за испраќање на рецензијата. До денес ги немам добиено својата Молба со документите и прилозите наведени по реден број од 1- 7. Покрај моите молби, од Вас до денес сум без одговор.

Се пријавата за објавениот конкурс од 13 ноември 2002 година се пријавив на конкурсот на предметот говедарство. Во прилог можат да се користат мојата пријава со од 1- 7 документи и прилози, кои од 14.07.1999 се кај Вас. Исто така, сите пријави за избор на наставници на кои сум одбиван, ама и не извршениот избор по предметот свиењарство во 1990 година. Покрај тоа, се пријавив до Вас на конкурс за предметот сточарство на 18 јули 1997 година зашто немам добиено одговор. Во прилог можат да се користат предметот испратен до Деканот на Земјоделскиот факултет од 06. 03.2002...

Како потврда дека не е вистина дека јас сум немал комплетни документи, се гледа според мојот навод од мојот прилог од 26.09.2006, под број 4, стои: ′за мене досега се извршени две рецензии′. Првата беше токму за предметот, за кога се расправа. Се ова говори, ова нема врска со наука и струка, никако со некаков закон, туку ова е само самоволен чин. Ова се гледа и по тоа што, овој предмет мораше да се заврши само со една расправа. Меѓутоа, судијата се грижел да заработи адвокатот. Јас не признавам повеќе од една расправа и барав да бидам ослободен се додека не се вработам, приложувајќи и потврда дека сум без приходи. Двата суда тоа не го прифатија, па сум задолжен да го платам адвокатот во износ 22.620,00 денари, што е срамота. Со ова се потврдува, одеземеното право на секој граѓанин да конкурира, што е негово уставно право, што важи и непочитувањето на Законот за високо образование, кое мора да биде во склад со нормите кои владеат во Европа, предност да имаат само оние кои ги исполнуваат условите. Токму ова не важи со реизбраниот пензиониран ветеринарен техничар. Овој интерно го завршил наведениот факултет, кај него магистрирал со тема за поламатура и докторирал со тема за матура. Исто така, тој без ниеден објавен самостоен труд и самостоен напис прво бил избран за доцент, потоа за вонреден, а со последниов конкурс за редовен наставник

Со оглед на сето погоре изнесеното сметам дека има место да се укинат двете решенија (на двата судови) и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење, порадишто, молам да поднесете барање за заштита на законитоста до Врховниот суд на Република Македонија во смисла на однапред изложеното, согласно со одредбите на член 387-394 од ЗПП.

Прилог: фоткопија на Пресуда Гж.бр.3667/06. Исто така, до Вас сум ги испратил: Кривична пријава на 09.09.2006, Дополна на жалба на тужител од 15.09.2006, до Вас на 16.09. 2006, Прилог...од 26.09.2006 и Прилог... од 07.10.2006.

21.12.2006 Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола″.

На 21.12.2006 до Премиерот на Владата испратив ″Предмет: Прилог кон Замолницата, Кривична пријава, Дополна на жалба, Предмет од 26 .09.2006 и Предмет од 07.10.2006.

Во прилог Ви ја испраќам мојата молба до Јавниот обвинител на Р .Македонија, мојата тужба да биде препратена на ревизија во Врховниот суд, за спорот кој како член на ВМРО-ДПМНЕ го изгубив, што за мене е нормална пракса.″

″Република Македонија Јавно обвинителство на Република Македонија ГО.бр.1125/ 2006 Скопје, 3.1.2007 година

До Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола

Во врска со Вашата инцијатива упатена до ова јавно обвинителство со која иницирaвте подигнување на барање за заштита на законитоста против пресудата Гж.бр.7667/06 од 30.11.2006 година на Апелациониот суд во Скопје со која е потврдена пресудата П.бр.3556/04 од 3.5.2006 година на Основниот суд Скопје 1, Ве известуваме дека по извршениот увид на судските списи и оценката на наводите во подавката Јавниот обвинител на Република Македонија утврди дека согласно новиот ЗПП (Сл.весник на РМ бр.79 од 21.9.2005 година) барање за заштита на законитоста неможе да се поднесе за правосилна одлука донесена после 29.12. 2005 година.

/бѓ Заменик јавен обвинител Воислав Гавровски″.

На 09.01.2007 до Премерот на Владата на Р.Македонија поднесов ″Предмет: Прилог кон Замолницата, Кривична пријава, Дополна на жалба, Предмет од26.09.2006, Предмет од 07.10.2006 и Молба до Јавниот обвинител

Со Молбата до Јавниот обвинител барав да ми се овозможи да имам право на Ревизија пред Врховниот суд на Македонија, со што понатаму сум обесправен, како член на ВМРО-ДПМНЕ. Бидејќи Јавниот обвинител ми соопшти дека тој не е надлежен, се обратив до Врховниот суд. До него ја испратив Ревизијата.

Во неа ќе се види, примениот кандидат од 2004 година е во пензија, а Земјоделскиот факултет- Скопје во 2004, 2005, 2006 и 2007 година го води спорот, само јас да не бидам.

Во надеж да се преземи нешто се заблагодарувам″.

На 18.06.2007 до Премиерот на Владата на Р.Македонија испратив ″Предмет: Престапка за обесправување од 1990 година се до денес.

1. За монтирањето на судскиот спор од 1991 година и останувањето без работен однос се до денес водев судски спор П.бр.987/92. Овој го изгубив тесно, 7 : 6. Поднесов Предлог за повторување на постапката, а предлогот беше одбиен од судијата Александар Прчевски. Потоа се обратив до Вас и по повеќепати допишување со ...Судскиот совет ми беше советувано да се обратам до надлежниот суд. На 23.03.2007 до Основниот суд Битола поднесов Предлог на тужителот за повторување на постапката, против тужениот ЗК ′Пелагонија′- Битола. Меѓутоа, до денес се уште немам добиено никаков одговор.

2. Од 1990 година редовно се јавувам на конкурси во двата македонски универзитети. Редовно бев одбиван. Конечно се решив да тужам. Тоа го направив со Земјоделски факултет- Скопје, со П.бр.35555/03. Јавното обвинителство на Александар Прчевски со Го.бр.1026/04 од 05.07.2004 не ми дозволи да се обратам до Врховниот суд на Македонија.

3. Уште не завршен судскиот спор П.бр.3555/03 случајно го видов повторениот конкурс за истиот предмет на истиот факултет и се јавив на истиот. Самоволно бев одбиен и поднесов Тужба П.бр.3556/04, под ист број итн. За него на 09.01.2007 до Врховниот суд на Македонија, преку Основниот суд Скопје I, поднесов Ревизија од тужителот. До денес немам добиено одговор.

4. За горе наведеното на 02.05.2007 до Министерство за образование Скопје поднесов предмет: Самоволијата во Земјоделскиот факултет- Скопје. До денес немам добиено одговор.

5. Бидејќи без прекин сум одбиван од двата македонски универзитети, а доаѓа времето на моето пензионирање, само за да примам достојна пензија, решив да се пријавам и на третиот македонски универзитет ′Гоце Делчев′- Штип. Тоа беше на 01.06.2007. Од него добив писмо, испратено на 15.06.2007, непрепорачано...во кога беше вратено моето писмо, а во него само едно ливче широко-долго 4-10 см, со текст: ′Вашата пошта е пристигната после рокот одреден за жалби′. Бидејќи моето писмо беше вратено, затворено, ако тие писмото не го прочитале, тие не можеле да знаат, што всушност јас во него имам пишано. Не било можно да бидат потполнети сите наставни предмети, порадишто било писмото вратено, ′непрочитано′. Кога во државата нема соодветен кадар за двата универзитети, одпаѓа можноста и за третиот. Се ова говори конкурсите не биле во функција на стопанството. Испраќам фотокопија со на прва страна моето писмо до Универзитетот... и неговото до мене, со ливче широко-долго 4-10 см. На втора страна е испраќачот до Универзитетот...и од него до мене. Со тоа што писмото не било вратено уште на истиот ден се потврдува, конкурсите се објавуваат формално за познати лица, на кои им било кажано во кој весник и кога се објавени, во спротивност неподобната личност, во случајот јас, не можев со денови, недели и месеци да ги вртам весниците, и тоа само со единствена цел да го искористам своето граѓанско право, кое уште од 1977 година ми беше ускратено, одма по враќањето од Германија. Се ова говори, конкурсите и не се битни, туку само избирање на соодветни кадри, а не како што беше досега, порадишто македонското земјоделство, сточарство и ветеринарство е само пред Косово и Албанија.Ако јас бев избран, имав моќ да им овозможам на многу млади кадри да се дообразуваат во Австрија и Германија, да докторираат, а не како што се македонските кадри со внатрешни научни звања магистериум и докторат со историски теми за поламатура и матура, срам на струката и науката. Токму вакви кадри предаваат и ќе предаваат на трите наведени универзитети, чии звања отсекогаш сум ги оспорувал: тие до денес се кријат како тајни патенти. Бидејќи тие не се достапни до научните лица, тие не се јавни. Па тие не се признати. Исто така, изборот не се врши според закон за високо образование, кој е во склад со европските. Попреставително: за избор наставник во првиот став се предвидува образован, следниот став

полуобразован и третиот став необразован. (Бидејќи секаде стои образован, сите кандидати ги исполнуваат условите). Токму затоа состојбата со македонско стопанство е такво какво што е универзитетското.

Во понатамошна постапка Ви ја испраќам мојата Пријава, која беше во писмото до Универзитетот 'Гоце Делчев'- Штип, како и наведената копија.

За превземените дејствија се заблагодарувам.

18.06.2007 Битола Д-р Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21...".

**6.** МИНИСТЕР ПО ЗЕМЈОДЕЛСТВО:

На 20.05.1999 до Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство- Скопје испратив предмет: "Почитувани Министер

Ви го честитам изборот за министер по земјоделство, шумарство и водостопанство и воедно како член на ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година, кандидат за пратеник во истата година и член на советот на ВМРО-ДПМНЕ во 1998 година ве замолувам за следното:

Како најобразован во ЗИК 'Пелагонија'- Битола членот на ЦК СКЈ и ЦК СКМ Вангел Гагачев ми монтира судски процес во 1991 година. Како член на ВМРО- ДПМНЕ морав да го изгубам судскиот спор, оти тој 100% беше монтиран. Затоа се следните докази: предметот на премиерот Никола Клусев од 03.05.1991, од 13 судски пресуди 6 се во моја полза, а 7 се против мене, со иста тужба го водевме спорот со мојот колега (тој беше потешко и за повеќе дела оптеретет), тој беше вратен на работа и го врати своето обештетување итн. Напротив, јас сум без работен однос од 20.05.1991

Јас сум единствениот во државата кој сум бил научен соработник во Германија 4 години и сум докторирал во Виена на Универзитетот за земјоделски науки. Исто така, јас сум единствениот кој сум објавил сам самостојни трудови во странство (Германија и Хрватска, во Р.Македонија не ми е дозволоено), имам издадено скрипта за исхрана на говеда, сум објавил 45 написи за историја и сум издал своја книга 'Средоземјето прадомовина на Европјаните', во која со билошки методи ги објаснувам како сите балкански народи се вештачки.

Во 1978 година сум одбиван без основа и насилнички начин од Вишата земјоделска школа- Битола, Земјоделскиот факултет во 1990, 1995, 1996 и 1997 година, Ветеринарниот факултет во 1996 и 1997 година и Институтот за сточарство во 1996 година. Јас сум одбиван а се примени лица со интерни дисертации со тема за матура, немаат објавено ниеден самостоен труд, никакво искуство во струката и се соучесници за заостанатоста на сточарството на Р.Македонија и тоа само пред Албанија. Дури без да бидат извршени рецензии на два пати сум одбиен од Институтот за сточарство и Ветеринарниот факултет, што произлегува од следното:

Од 1977 година сум пишувал за виновниците за заостанатоста на сточарството, а тие се професори на наведените факултети, тие се 'татковци' на доктори за наука како срам за научната мисла, а тие како рецезенти се изживуваат врз мене, но и го уништија сточарството. Наместо ним да им се суди како државни непријатели, тие до денес го водат сточарството во пропаст, а само јас како член на ВМРО- ДПМНЕ сум казнет без средства за живеење од 1991 година.

Во надеж да го разгледате моето писмо се заблагодарувам".

На 08.11.2001 до Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство- Скопје испратив:

"Предмет: Преставка за мојата обесправеност.

Како Министер по земјоделство се обраќам за мојата обесправеност од 1977 година. Имено од Земјоделскиот факултет- Скопје во 1972 година, по завршувањето оддел на сточарство, бев испратен за неговите потреби во Германија. Таму работев 4 години како научен соработник, а докторирав во Виена. Досега сум објавил мноштво самостојни трудови, имам многу написи зашто македонското сточарство и земјоделство беа и се пред Косово во СФРЈ и пред Албанија во Европа. Сум издал Исхрана на говеда, три историски книги: Средоземјето прадомовина на Европјаните, Нов Александар Македонски (тн.Скендербег) и Одродување на Македонците. Се вкупно објавени преку 150 наслови.

Бидејќи јас сум единствен научен соработник од Германија и доктор на наука од Австрија, како и автор на многу критички наслови против лицата кои се виновни за заостанатоста на македонското сточарство, тие мене ме ликвидираа и од 1991 година сум без работен

однос. За ова беше повод моето членство во партијата ВМРО- ДПМНЕ, а јас бев кандидат за пратеник во 1990 година.

Во 1977 година се пријавив на Земјоделскиот факултет. Не бев прифатен оти тој станал семејна и приватна институција. Затоа се вработив во ЗИК ′Пелагонија′- Битола. Во 1991 година ми се монтира судски процес без докази и го изгубив спорот дури во 1996 година: од 13 расправии (одлуки, Р.И.) изгубив 7 : 6.

Скоро секој година се јавувам на конкурси на Земјоделскиот, Ветеринарниот факултет, Институтот за сточарство и Вишата земјоделска школа- Битола. Секогаш сум одбиен, а се примени лица со интерни докторати со теми за матура, кои немаат самостојни трудови, туку групни, со што се изигруваат законите а државата со неспособен кадар продолжува да биде само предпоследна.

Токму поради мене предметот по свињарство до денес е без наставник: јас се јавив на конкурс, тој се растури и до денес не се објавува конкурс за да не се јавам. На истиот Земјоделски факултет сум пријавен на конкурс веќе две години, за тоа се молчи како оберсправен за говедарство итн.

Предметов го испраќам за мое вработување во наведените институции, Вашето Министерство и други земјоделско- сточарски институции.

Во надеж да ми се излезе во пресрет, се заблагодарувам″.

**7.** МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ.

На 04.01.1999 до Министерот за образование испратив предмет ″Самоволијата во универзитетите на Р.Македонија.

Како научен соработник од Минхен и доктор на наука од Виена се вратив во државата за да и помогнам: таа во СФРЈ се наоѓаше само пред Косово и денес е само пред Албанија. Мојата диплома и искуства беа пречки на мојата понатамошна делатност. Во 1977 година бев одбиен од Земјоделскиот факултет и неговиот сточарски институт. Во 1979 година бев одбиен од Вишата земјоделска школа од предметот за кој сум докторирал а беше примен Петар Богданов само со завршен факултет и без ниеден објавен труд. Тоа беше одмазда од страна на Борис Ангелков за кого сум пишувал за неговите неуспеси: тој имаше пријавено магистратура во Загреб, а таа ја прогласил за докторат ?!

За да ме спречат во понатамошното мое унапредување ми беше забрането да објавувам трудови во Македонија и затоа јас бев приморан да објавувам трудови и самостојно во Германија и Хрватска- Загреб. Освен тоа пишував во ′Нова Македонија′ за виновниците за пропаднатите инвестиции: Никола Тодоровски, Зора Џабирска, Никола Поповски, Борис Ангелков, Ристо Илковски, Ташко Токовски итн. Затоа тие се одмаздуваат:

Во 1990 година бев одбиен од Земјоделскиот факултет по свињарстворецезент беше Ташко Токовски и до денес нема наставник предметот

Во 1995 година бев одбиен од Земјоделски факултет по говедарство, а беше примено внатрешно лице со средна стручна школа: тоа внатрешно завршило вонредно факултет (вонредно полагаат само 50% од редовните), магистрирало кај неговиот претпоставен, што важело и за докторат, кај Ристо Илковски. Така ветеринарниот техничар без ниеден самостоен труд и рецензентот Ташко Токовски постанува наставник.

Во 1996 година бев одбиен за истиот предмет во Институтот за сточарство без да се изврши рецензија, а незаконски беше примен мојот помошник и лош работник Боне Палашовски: тој нема ниеден самостоен труд. (Тој бил и останал најслабата личност по сточарство во државава, Р.И.)

Во 1997 година бев одбиен од Ветеринарниот факултет за предметот на кого сум докторирал во Виена (исхрана), а е примено внатрешно лице Ристо Проданов, кое никогаш не се бавело со исхрана и нема објавено ниеден самостоен труд. Тоа не е проблем кога рецезент беше Никола Поповски, која како агроном предава предмет за ветеринарен лекар. Затоа, кога тој можи, можи и Р.Проданов.

Во 1998 година бев одбиен од Земјоделскиот факултет по овчарство, а беше примен синот на Зора Џабирска, Владимир Џабирски. Тој магистрирал и докторирал кај Никола Тодоровски и Ташко Токовски, а рецезенти беа наведените и Ристо Илковски (не го познава овчарството). Тоа е спритивно на законот. Не само тоа, тој нема објавено ниеден самостоен труд.

Во 1998 година бев одбиен од Ветеринарниот факултет за специјално сточарство, а беше примен пропаднат студент Михајло Адамов без ниеден самостоен труд со докторат без врска со предметот. Овде е рецезенти беа Никола Поповски и Ристо Илковски. Тие не извршија рецензија а го примија внтрешното лице.

Тоа што важи досега кажаното, заради Борис Ангелков, кој не успеал да специјализира во Белград (пријавил магистратура во Загреб), јас сум одбиен о Вишата земјоделска школа во Битола, а е примено по свињарство внатрешно лице Митре Стојановски со интерен докторат од Земјоделски факултет и нема ниеден самостоен труд.

Магистерските и докторските работи се интерни на Земјоделски факултет, тие се со теми за пола и матура. Бидејќи се срамат од светската стручна и научна мисла, нивните ′научни′ трудови се кријат како патенти. Бидејќи научните звања се јавни, се додека тие не се објават, наведените лица не се магистри и доктори.

За овие самоволија сум протестирал до претседателот, премиерот, министерот за образование, ректорите на универзитетите и наведените установи. Со тоа започнала постапката за јавноста на нивните звања: не се почитуваат нивните трудови како јавни и подлежни на критика. За моите протести го наведувам мојот предмет, испратен до претседателот на државата, препратено до Владата, а тоа со предмет бр.II-571/3 од 29.07.1998 е препратено до Републичката просветна инспекција, од која не сум добил одговор.

Освен моите трудови, објавени написи за пропаднатите инвестиции (сум ги регистрирал злочинците на државата, мои рецезенти), имам објавено скрипта Исхрана на говедата и во 1998 година своја книга за потекло на народите ′Средоземјето прадомовина на Европјаните′.

Во надеж да се почитуваат законите и унапреди на земјоделството во државата се заблагодарувам″.

На 23.01.1999 до Министерот за образование испратив ″Предмет: Замолница за протестот ′Самоволијата во универзитетите на Р.Македонија′ од 04.01.1999.

На наведениот датум испратив мој протест до Вас, во кој наведив како јас сум непожелен од семејните универзитети на вработените, кои таму завршиле, таму добиле научни звања, таму објавувале свои написи и тие биле основа да унапредуваат со редовен професор.

Напротив, јас како вработен четири години во Минхен како научен соработник, доктор на наука од Виена и сум објавувал само во странство трудови (во интерните во Р.Македонија ми беше забрането сум непожелен): во 1977 година бев одбиен, а од 1990 година сум непожелен и дрско навреден.

Во надеж да се почитуваат законите се заблагодарувам″.

На 13.02.1999 до Министерот за образование на Влада на Р.Македонија испратив ″Предмет: Замолница за мое вклучување како наставник според мојата наобразба, сознанија и трудови.

По повод на моите протести до органите на државата за моето одбивање на наставник од универзитетите во државата како спротивност на законот за образование и самоволијата на вработените во факултетите и институтите како нивно наследно право, Владата на Р.Македонија со предмет бр.II-571/3 од 29.07.1998 ми соопштува како Републичката просветна инспекција треба да ги испита моите наводи, да преземе за истите нешто и за тоа да бидам известен.

Досега ништо не е јавено. Затоа следат мои протести до Премиерот од 21.12.1998, министерот за образование од 04.01.1999, премиерот од 23.01.1999 и министерот за образование од 23.01.1999.

Во моите предмети наведувам како се извршени фалсификати рецензии или без рецензии сум одбиен, а се примени лица со интерни докторати, со групни и историски трудови, кои немаат значење за стопанството на државата. Освен тоа, јас сум одбиен со објавени самостојни трудови вон Македонија (во Македонија ми беше одземено правото да објавувам), имам издадено само јас во државата скрипта за исхрана на говедата, во август 1998 година излезе од печат мојата книга ′Средоземјето прадомовина на Европјаните′ со биолошки и сточарски методи (следи оваа година второ издание) и сум објавил 43 написи по историја (во Европа и Мала Азија живее само еден биолошки народ, денешните се само вештачка творба на интересните сфери).

Значи, јас сум одбиван започнувајќи од 1978 година и тоа по враќање како четиригодишен вработен научен соработник во Минхен и докторирањето во Виена.

Како поткрепа за приватизираноста на избор на наставник би го навел последниот пример: во 1990 година се пријавив на конкурс за наставник по предметот свињарство, изборот не се изврши, до денес од 1990 година нема наставник по предметот и кога ќе заврши (докторира) нивни асистент тој ќе постане наставник по свињарство. Значи, постои слободно место, не се гледаат интересите на државата, туку само на вработените како приватизираност на Земјоделскиот факултет, кој нема кадар по ниеден предмет за сточарска дејност.

Во надеж да се проучи мојот предмет и преземат мерки се заблагодарувам".

"Република Македонија Министерство за образаовние број: 12- 953/2 од 22.02.1999 год. Скопје

До Д-р Ристо Ивановски ул.'Михајло Андоновски' бр.6/21, Битола.

Во врска со вашата молба за вклучување како наставник на високообразовна установа, Ве известувам дека изборот на наставници е во надлежност на факултетите и вишите школи, кои ја согледуваат потребата од ваков кадар и донесуваат одлука за нивен избор.

Потсекретар м-р Ванчо Ѓорѓиев".

На 18.03.1999 до Министер за образование на Влада испратив "Предмет: Универзитетите не се наследна сопственост на вработените.

Како член на ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година, кандидат за пратеник во истата година кога се плашеа кадрите да постанат членови на таа партија и член на советот на истата партија од 1998 година кога се приклучија повеќе кадри јас сум обесправен. Моето обесправување се однесува само заради злоупотребата на државните универзитети за лични цели на вработените како нивно наследно право. Тие со нивни интерни докторати со историски теми за матура постануваат доценти се до редовни наставници. Немаат издадено учебнници и студентттите ги изучуваат предметите на туѓи јазици или од тетратки од предавања. Како наставници имаат објавено интерни трудови без научна и стручна важност за македонското стопанство. Токму затоа земјоделството, сточарството и ветеринарството на Р. Македонија се наоѓа само пред Албанија.

Сево говори дека во државата нема кадар да ги подигни на повисоки равништа Земјоделскиот, Вишата земјоделска школа, новиот Ветеринарен факултет и нивните институти. Тоа се потврдува со моето одбивање на навредлив и дрзок начин од 1976 година кога се вратив од Германија по докторирањето и работењето четири години како научен соработник. Ова е проблем за мене од 1990 година, кога секоја година се пријавував на конкурс и не бев прифатен: имам објавено самостојни трудови вон Р.Македонија (во државата не ми беше дозволено да објавувам оти таа им припаѓала како наследно право на вработените во универзитетите), имам издадено скрипта Исхрана на говедата и своја книга Средоземјето прадомовина на Европјаните- со биолошки методи познати во сточарството (сум објавил 43 написи за историски теми) итн.

За мојата дејност се моите производи кои се припремаат во 'Бентомак'- Крива Паланка (за нив сум објавил трудови), Фабрика за добиточна храна... и на мој предлог производот за потсирување на млеко 'Кваско'

Кога се промена власта, си замина СДСМ и настапи ВМРО-ДПМНЕ со надевав ќе победи правдата и ќе има прогрес државата. Токму затоа се обратив до Вас на 23.01.1999 со Замолница за протестот самоволијата на универзитетите на Р.Македонија од 04.01.1999 и замолница за мое вклучување како наставник според мојата наобразба, сознанија и трудови од 15.02.1999. Во овој наведив како Владата на Р.Македонија со предмет бр.II-571/3 од 29. 07.1999 ми соопштува како Републичката просветна инспекција треба да ги испита моите наводи, затоа да преземе нешто итн. За моја несреќа како државен непријател и странец во оваа држава (тоа не бев во Германија) со предмет од Министерството за образование бр/12-953/2 од 22.02.1999, спротивно на сопственоста на државните универзитети ми се јавува за наследното право на вработените, што е дрско и штетно за државата".

На 11.12.1999 до Министерот за образование на Владата на Р.Македонија испратив "Предмет: Мојата обесправеност на универзитетите како член на ВМРО-ДПМНЕ.

Како член на ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година, кандидат за пратеник и член на Советот, сум без работен однос од 1991 година, затоа пишував во ′Нова Македонија′ на 4 и 5 декември 1999 година против Врховниот суд на Македонија.

Од 1990 година сум непожелен и бев одбиен од предметот свињарство, заради мене се растури конкурсот, до денес нема наставник, предметот го предава наставник на друг предмет, што ќе трае се додека не докторира интерно нивниот асистент. Ова пракса во Земјоделскиот факултет- Скопје е отсекогаш, иако јас од нив бев испратен во Германија на доусовршување, таму од 1972- 1976 година работев како научен соработник, докторирав во Австрија. И од 07.11.1976, кога се пријавив на Земјоделски факултет, не ми се дозволуваше да објавувам мои трудови. Имам издадено скрипта Исхрана на говедата и книга ′Средоземјето прадомовина на Европјаните′.

Ваквото самоволие таму продолжи, но и на Ветеринарниот факултет, Институтот за сточарство, Вишата земјоделска школа- Битола како наследно право на вработените со интерни магистратури со теми за пола матура и докторати со теми за матура. Бидејќи се срамат за нивните историски теми, тие не се објавуваат да бидат достапни за стручната и научната јавност, а со тоа не смеат да бидат признати, кога тие не се докторати ами ′патенти′.

Јас секогаш сум одбиван, а се примени: Ристо Проданов на Ветеринарниот факултет, Михајло Адамов на Ветеринарниот факултет, Танас Трајковски на Земјоделскиот факултет, Владимир Џабирски на Земјоделски факултет, Боне Палашовски на Институтот за сточарство, Митре Стојановски во Вишата земјоделска школа. Овие намаат објавено ниеден самостоен труд, немаат издадено ни скрипта или учебник, што важи за нивните рецезенти, кои се поткупени и ми се одмаздуваат оти јас за нив имам објавено трудови и написи како уништувачи на сточарството во државата Р.Македонија, а таа во СФРЈ беше само пред Косово, а денес е само пред Албанија, на кои треба да им се забрани понатамошното делување. Тоа беа: Никола Тодоровски и Ташко Токовски од Земјоделски факултет, Никола Поповски и Ристо Илковски од Ветеринарниот факултет. Така со нив рецензиите не се државни, туку само приватни за приватни цели, на штета на државата. Истото ќе се повтори и оваа година за предметот говедарство на Земјоделскиот факултет, а од таму уште немам одговор и ќе добијам по започнување на наставата со од нив избраниот наставник, член на нивната групација сопственици на установите. Нивни соучесници се: Претседателот на Инстутот за сточарство Кире Филев, кој го остави без кадар институтот и него го пренамени за живинарство со неговиот приватен бизнис, директорот на Ветеринарниот институт како виновник за ширење на болестите и наставникот ′татко′ на Вишата земјоделска школа ветеринарниот лекар Борис Ангелков, кој не успеал да специјализира во Белград, ни магистрира во Загреб, а сега ′докторирал′ во Загреб, што е срам за научната и стручната мисла.

Сево се прави од 1990 година кога постанав член на партијата, а 1991 година сум исфрлен на улица без средства за живеење.

Се надевам, дека ќе ми се помогне според законите за мое вработување, а тоа е во последната постапка по конкурсот за говедарство, или пак ако таа е завршена, тогаш треба да бидам вработен на празното работно место по свињарство за кого можи да важи конкурсот од 1990 година или пак потоа да се објави втор конкурс и по него да се постапи без опасност да биде друг предложен оти во државата на овие наведени установи нема ниеден наставник кој според законите во Европа би можел да предава и воспитува млади кадри.

Во надеж да се разгледа и прифати мојава молба, се заблагодарувам″.

На 05.01.2000 до Министерот за образование и Ректорот на Универзитетот ″Св.Кирил и Методиј″ испратив ″Предмет: Мојата обесправеност на Универзитетот ′Св.Кирил и Методиј′.

По завршување на Земјоделскиот факултет во Скопје бев испратен на дошколување во Германија. Во Минхен работев четири години и докторирав во Виена. Се вратив и бев одбиен од факултетот, оти тој ги разрешувал внатрешни и семејни проблеми. Од 1990 година редовно се пријавувам и секогаш ме одбиваат без образложение, оти тие си ги разрешуваат понатаму внатрешните проблеми со интерни лица, кои интерно магистрирале и докторирале кај лица кои ја вршат рецензијата што е спротивно на законитоста, немаат објавено ниеден самостоен труд, немаат напишано ни скрипта ни книга: јас сум објавувал самостојно во стра-

нство (Хрватска, Германија)- во Р.Македонија не ми е дозволено да објавувам во интерните списанија како наследно право на вработените, сум објавил скрипта и книга.

Досегашните обесправувања од Земјоделскиот и Ветеринарниот факултет, како и од Институтот за сточарство, не сакам да ги споменувам: лицата кои се избрани дури без рецензија, рецензијата од лична одмазда и нивната поткупеност итн., зашто сум пишел и во весници.

Мојов предмет се однесува за последните збивнувања во Земјоделски факултет: беше објавен конкурс за предметот говедарство, до денес ништо не е јавено, ниту ќе се јави, а тоа ќе биде по започнување на наставната година како нивна пракса. Ако со предметот е завршена постапката, не би сакал за тоа да водам спор, ама постои друга можност да бидам примен на друг предмет свињарство, кој до денес нема наставник, а предметот го предава несоодветно лице. Тоа место ќе се потполни само со интерно лице кого тоа интерно лице ќе докторира, што важи досега кажаното.

Бидејќи јас се јавив на конкурс и за тој предмет во 1990 година, таму не беше извршен изборот, од веќе наведените причини. Тоа место можам да го прифатам, нахнадно да се објави конкурс и никој неможи друг да го преземи било кое место, оти Р.Македонија до денес нема кадар за наведените установи и државата за тие области е само пред Албанија.

Во надеж да се разгледа предметов и преземи соодветно, се заблагодарувам и ве поздравувам″.

На 27.06.2001 до Министерот за образование Влада на Р.Македонија испратив ″Предмет: Приватизирање на универзитетите и самоволијата при изборот на наставник.

Од Земјоделскиот факултет во 1972 година бев испратен во Германија. Таму работев како научен соработник до 1977 година и во Австрија докторирав. Досега имам објавено самостојни трудови во Германија и Југославија, како и скрипта ′Исхрана на говедата′. Покрај тоа, сум објавил книги: ′Средоземјето прадомовина на Европјаните′ во три изданија (340, 520 и 980 страници), ′Нов Александар Македонски′ (книга за тн.Скендер-бег) и во печат е ′Одродување на Македонците′. Вкупно сум објавил 72 историски написи, сум допринесол за производство на препарати за исхрана кај преживни животни во РО ′Бентомак′- Крива Паланка и на мој предлог се справува препаратот ′Кваско′ од Фабриката за квасец и алкохиол во Битола за потсирување на млекото.

Од 1977 година работев како советник по сточарство во ЗК ′Пелагонија′- Битола. Во 1990 година постанав член на ВМРО-ДПМНЕ и кандидат за пратеник во истата година. По казна на СДСМ бев сменет од работа и од 1991 година сум без работен однос без право на вработување. Комбинатот постанал своина на соселани и роднини од с.Буф, Егејскиот дел на Македонија.Судискиот спор го изгубив од судии од Егејскиот дел на Македонија, оти бев прогласен непријател на Егејците. Сите тие беа поткупени, како што беа рецензентите Никола Поповски на Ветеринарниот факултет и Ташко Токовски на Земјоделскиот факултет, двата Егејци, како што важи за директорот на Ветреринарниот институт Ѓорѓи Мицковски, директорот на Институтот за сточарство Цилевски, претседателот на наставничкиот совет на Земјоделскиот факултет Лазо Сиваковски, деканот на Земјоделскиот факултет и министер за земјоделиле Ефтим Анчев кој го обвинувам за грабеж со директорот на Комбинатот и неговиот брат ректор Анчевски. (Само комунисти, кои ја мразат ВМРО- ДПМНЕ, Р.И.)

Јас изгубив право да бидам предложен за наставник, а се примени лица без соодветни рецензии, без рецензија, кандидати без самостојни трудови, кои немаат издадено ниеден учебник, ниту книга, докторирано интерно, како што важи за рецензентите. Овие двојно добија потплати: од кандидатите и директорот на Комбинатот. Тој како сите други се членови на СДСМ.

Во 1990 година на Земјоделскиот факултет беше објавен конкурс по свињарство. Следеа по говедарство и овчарство. Токму заради мене до денес не е завршен изборот по свињарство и предметот нема наставник. По другите два предмети беа избрани ветеринарsниот техничар кој завршил вечерно се во факултетот Танас Трајковски и Владимир Џабирски: овие никогаш не се бавеле со струка и наука. На Институтот по сточарство беше избран Боне Палашовски, на кого му бев претпоставен и тој беше слаб студент и никаков работник. Веќе две години сум на конкурс повторно за говедарство и за се молчи, оти јас немам право

да бидам предложен и избран. До денес нема наставник по свињарство, а сега почина и рецензентот, па затоа и неговото место остана празно.

Истото се случи во Ветеринарниот факултет: по исхрана е избран Ристо Проданов, кој никогаш не се бавел со исхрана, што важи до денес, и по општо сточарство Михајло Адамов кој студираше со мене, беше пропаднат студент и во Земјоделскиот факултет одвај заврши.

Во Вишата земјоделска школа- Битола, која денес со фалсификат се нарекува факултет, состојбата е уште полоша: таму нема сточарски кадар, а камо ли за млекарство или месарство. Овде сум одбиен од ветеринарниот лекар Борис Ангелков, кој во Белград неуспеал да специјализира и нити во Загреб да магистрира. Сега тој работи како загребачки доктор, што е срамота за струката. Јас него го обвинував и прогонував како злочинец во сточарство во Комбинатот, што важи за Никола Поповски и другите.

Значи, јас сум казнет, а непријателите на сточарството и ветеринарството ги водат дејностите. Затоа бевме во СФРЈ само пред Косово, а сега само пред Албанија.

Во надеж да се почитуваат законите и извршуваат правилните избори, се заблагодарувам″.

На 02.05.2007 испратив ″До Министерство за образование Скопје ″Предмет: Самоволијата во Земјоделскиот факултет- Скопје.

Од 1990 година редовно се пријавувам на конкурсите, објавени од Земјоделскиот факултет- Скопје. Меѓутоа, редовно сум одбиван. Бидејќи доаѓа возраста за пензионирање, конечно решив да тужам. Преку Основниот суд I- Скопје до Врховниот суд на Р.Македонија поднесов предмет за Ревизија. Тоа беше на 09.01.2007. До денес немам добиено никаков одговор. Таа во целост ја пренесувам:

′Против Пресудата на Апелациониот суд Скопје Гж.бр.7667/06 од 30.11.2006, во кои постои само една странка, само тужениот, без да се прифати било што на тужителот. Бидејќи тужениот не приложи ниеден доказ за се она што пишувам во тужбата за П.бр.3556/04, како и дека предложениот и избраниот кандидат не ги исполнува условите за наставник по сите звања, според закон за високо образование, всогласен во се со европските, а тој веќе е во пензија, со Ревизијата не само да барам да се повтори постапката, туку да се преиначи одлуката, да се изврши избор само од преостанатите кандидати, а не од избраниот кандидат, кој е срам за науката и струката. О б р а з л о ж е н и е

Со решението на Основниот суд Скопје I Скопје П.бр.3556/04 од 3.5.2006, потврдено со решение на Апелациониот суд Скопје Гж.бр.7667/06 од 30.11.2006, добиено 21.12.2006, отфрлена е тужбата на тужителот Ристо Ивановски од Битола против тужениот Земјоделски факултет Скопје. Ова е само повторена иста постапка за П.бр.3555/03 од 11.12.2003 и Гж.бр. 1427/ 04 од 24.03.2004, да се избираат само лица со интерни звања, дури со необјавени трудови за звањата, значи, неважечки. Ова не е во согласност со Законите за високо образование на Европа, срам за Р.Македонија. Исто така, тужителот токму од Факултетот бил испратен на доусовршување во Германија, каде тој четири години роботел како научен соработник и докторирал во Виена на 04.11.1976. Досега ваков нема во наведениот факултет. Тој има објавено 19 книги, формат А5 со околу 5400 страни, и преку 200 трудови и написи во Германија, Хрватска и Македонија. Ова не важи за предложениот и избран кандидат, кој нема објавено ниеден самостоен труд ниту напис. Се тој што објавил биле само интерни групни писарии, што го руши достоинството на научното звање доктор на наука.

При предлогот и изборот на интерното лице се прави најголем престап: Ристо Илковски, наставник на Земјоделски факултет- Скопје, кој на ветеринарниот техничар му ги доделил сите звања (дипломиран инжинер, магистер и доктор), е истото тоа лице кое е и главен рецезент ветеринарниот техничар да биде предложен во сите звања (доцент, вонреден и редовен професор). За ова наставникот убаво си заработил. Ако кон ова се додаде, дека истиот тој наставник е рецезент и на друго лице, кое исто така како ветеринарен техничар ги добил сите звања, а од него како рецезент бил предложен во Ветеринарниот факултет- Скопје, навистина ′таткото′ на овие лаици, во прав смисол, со мене многу заработил, ама ја оштетил државата. Дури Ристо Илковски магистрирал и докторирал на предметот говедарство кај наставник само со завршен Земјоделски факултет. Во случајов, исто така, и кај двата кандидати, кои ги предлагал Ристо Илковски. Па овој не можел да магистрира и докто-

рира кај дипломиран инжинер, агроном. Се ова говори, изборите на двете негови ′детенца′ биле само за лични цели, само на штета на државата. Ова се гледа и по тоа што ветеринарсниот техничар пред пензионирањето докторирал во 1995 година, а во ист миг бил предложен и избран за доцент без ниеден објавен самостоен труд и напис. Ова е навреда во струката и науката на Р.Македонија. Ова е повод, што Р.Македонија по сточарство е само пред Албанија.

За ова да се спречи, јас во 1995 година се расправав за предлогот и изборот на ветеринарниот техничар. Бидејќи јас во Виена, според Законот за високо образование, полагав заклетва, дека добиениот степен доктор може да се одземе во повеќе случаеви, како и дека секое знаучно звање е јавно, секој граѓанин има право да покрене постапка, да се преиспита како се дошло до тоа звање, како што е во случајот со наведениот ветеринарен техничар. Бидејќи јас постапката уште тогаш ја започнав, а се додека за таа прозваното лице и Факултет не сакаат да расправаат, постапката не е завршена. Значи, додека таа не заврши, лицето не е доктор на наука. Се ова говори, тој додека овој спор не го заврши, не ги исполнува условите, кои беа наведени во конкурсот, кој се објавува според Законот за високо образование. Токму Законот најповеќе мора да го почитува и Факултетот.

Како потврда, дека ветеринарниот техничар не е доктор на наука, тој со доктор на наука, вон Земјоделскиот факултет- Скопје, има фабрика за добиточна храна. Бидејќи ветеринарниот техничар си бил и си останал само техничар, тој со него има доктор. Докторот во фабриката за се одговара, а техничарот е само потрчко. Бидејќи техничарот е основач на фирма, се потврдува, тој не е крив што тој не се усовршил, туку не постои закон, со кого тој ќе биде принуден, тој да се усовршува, нешто повеќе да научи од она што го знае како техничар: вештачко осеменување...Тој како техничар образува лоши кадри, а тој со неговата фирма си профитира. Затоа неговиот Факултет него само му обезбедува една социјална грижа, на сигурност, уште едно лице да издржува, а на некој чесен човек, кој сака да и се посвети само на науката, а со тоа да се грижи за своето семејство..., ова право му е одземено, и тоа на штета на државата. Па на вакво лице, од самиот почеток, кога тој станал сооснович на фирма, по службена должност итно мораше да му престане работниот однос. Со тоа што ова во Факултетот се подржува, во него има мрачни слики, само за лични цели, на штета на државата.

Дека кадарот на Земјоделски факултет не е способен да се соочи со проблемот по сточарство е доказот, што од неговиот кадар беше предложен препарат, на база ура, за исхрана на преживни животни. Овој се произведуваше во РО ′Бентомак′- Крива Паланка. Бидејќи тој беше отровен, дојде до масовни труења. Бидејќи јас фирмата и факултетот ги спасив од ликвидација, кои при помасовна употреба на препаратот ќе морале да ги надохнадат огромните штети, јас него го презедов, а оттогаш тој повеќе не- беше отровен. Исто така, на мој предлог беше направен друг препарат за апсорција на отрови итн., со кои Рафинеријата ИНА- Загреб беше потисната од Србија и Македонија...Во Фабриката за квасец и алкохол- Битола на мој предлог беше прифатен препаратот ′Кваско′ за потсирување на млеко итн. Токму овие мои активности се повод, јас за нив да не бидам пожелен.

Тие не сакаат да има конкуренција, тие во неа ќе се изгубат. Па тие си предложиле и си избрале ветеринарен техничар, нивна слика. Со стариот закон тој ги исполнуваше условите за во пензија. Па следи конкурс. Се промена законот, и со него е веќе во пензија. Во Билтенот бр.852, од 1 јуни 2004 година, е извештајот за ветеринарниот техничар, Танас Трајковски. Тој се вработил пред 1961 година. До 2001 година тој веќе имал 40 години работен стаж. Тој бил роден на 14.09.1940 година. Тој до истиот датум во 2004 година бил во пензија. Конкурсот бил објавен на 02.04.2004, а на 29.04.2004 е извршен избор на Рецензова комисија. Тој ги исполнувал условите за во пензија на 14.09.2004 година. Судот во 2005 година ја разгледувал судската расправа, дури во цела 2006 година. Така тој спротивно на законот ќе работи, се додека не се објави нов конкурс, во некое гласило, кое не пристига во Битола или било кое, што јас нема да го видам. Така техничарот ќе произведува техничари на факултетот. Овој поради лични цели нема да има свој кадар, што важи за државата. Се ова што е наведено и што следи е наведено во моите предмети на постапката.

Двата судови направија суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, бидејќи погрешно и нецелосно ја утврдија фактичката состојба. Имено и првостепениот и

второстепениот суд не го зеде во предвид фактот што постапката пред надлежниот суд тужителот ја поведе како граѓанин на кој му е оневозможено да учествува на конкурс за избор на наставник со сите звања. Јас бев одбиен поради тоа што јас на конкурсот сум немал комплет документи, што не е вистина. Ова се гледа и по тоа што јас редовно конкурирам од 1990 година. Никогаш моите документи назад не ми ги вратија. Ова било поради тоа што со нивниот одговор сум стекнувал право на тужење. Иако јас ги барав документите, со кои беа приложени трудовите, по еден пример од секој труд, ништо не ми беше вратено. Ова без прекин трае се до за П.бр.3556/04.

На 15.09.2006 во Дополна на жалба на тужителот, под точка 11, за П.бр.3555/03, кој претходеше за П.бр.3556/04, напишав: ′На 13.11.2002 во весникот >Нова Македонија< беше објавен конкурс за наставник во сите звања, по предметот говедарство. Ова е повторување на истиот конкурс од 14 јули 1999 година, на кого исто така се пријавив со свој предмет од 14.07.1999. Бидејќи изборот не беше извршен, истиот наставник продолжи да држи предавања. Јас за ова ништо не бев информиран. На 19.11.2000 итн. испратив предмет Молба за испраќање на рецензијата. До денес ги немам добиено својата пријава со документите и прилозите наведени по реден број од 1- 7. Покрај моите молби, од Вас до денес сум без одговор.

Со пријавата за објавениот кокурс од 13 ноември 2002 година се пријавив на предметот говедарство. Во прилог можат да се користат мојата пријава со од 1- 7 документи и прилози, кои од 14.07.1999 се кај Вас. Исто така, сите пријави за избор на наставници на кои сум одбиван, ама и не извршениот избор по предметот свињарство во 1990 година. Порај тоа, се пријавив до Вас на конкурсот за предметот сточарство на 18 јули 1997 година зашто немам добиено одговор. Во прилог можат да се користат предметот испратен до Деканот на Земјоделскиот факултет од 06.03.2002...′.

Ова ништо не се прифаќа, а ветеринарниот техничар со години предава без тој да биде предложен и избран, потврдувајќи се дека во Факултетот не се почитуват Уставот и законите на државата. Па тој бил само за внатрешни лица, неспособни на пазарот да се понудат како стручни лица, никако како научни. Затоа никој од нив ништо нема изнесено или објавено вон нивниот Факултет, само за интерни употреби.

Како потврда дека не е вистина дека јас сум немал комплетни документи, се гледа според мојот навод од мојот прилог од 26.09.2006, под бр-ој 4, стои: ′за мене досега се извршени две рецензии′. Првата беше во 1995 година. Таа беше токму за предметот, за кого се расправа. Се ова говори, ова нема врска со наука и струка, никако со некаков закон, туку ова е само самоволен чин. Ова се гледа и по тоа што, овој предмет мораше да се заврши само со една расправа. Меѓутоа, судијата се грижел да заработи адвокатот. Јас не признавам повеќе од една расправа и барав да бидам ослободен (од плаќање) се додека не се вработам, приложувајќи и потврда дека сум без приходи. Двата суда тоа не го прифатија, па сум задолжен да го платам адвокатот во износ 22.620,00 денари, што е срамота. За потврда, дека моиве наводи не се произволни, е доказот, што Рецензијата е пишена на ист комјутер од лице, која ја користи Вуковата буква ќ, всушност оваа се среќава и пред Вук Караџиќ, кај нашиот Ѓурчин Кокале, а од тоа исто лице, секретарот на Факултетот, е испратен и единствениот предмет и тоа преку адвокатот, што јас го добив преку Судот.

Со ова се потврдува, одземенето право на секој граѓанин да конкурира, што е негово уставно право, што важи и непочитувањето на Законот за високо образование, кој мора да биде во склад со нормите кои владеат во Европа, предност да имаат само оние кои ги исполнуваат условите Токму ова неважи со реибраниот пензиониран ветеринарен техничар. Овој интерно го завршил наведениот факултет, кај него магистрирал со тема за поламатура и докторирал со тема за матура. Бидејќи звањата се јавни, а тие никаде не се објавени, значи, тие се кријат од научната и стручната јавност, тие самите се срамат и плашат, зањата никако не се важечки. Исто така, тој без ниеден објавен самостоен труд и самостоен напис прво бил избран за доцент, потоа за вонреден, а со последниот конкурс за редовен наставник. Па тој нема издадено ниеден учебник, што е основ, тој да биде предложен, а тек потоа избран. Овој од 1995 година образува кадар во државава, и неа само и нанесува штета, без ниеден за тоа да не одговара. Токму поради ова, во мојата 9-та книга ′Исхрана на говедата′, досега на Факултетот никој не издал книга за исхрана, на задната корица наведив, според патеписците, Македонија до 1913 година била пред соседите, а денес е само пред Албанија. Жалосно и срамно.

Со оглед на сето горе изнесено сметам дека има место да се укинат двете решенија (на двата суда) и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење, поради-што, молам да поднесете барање за заштита на законитоста до Врховниот суд на Република Македонија во смисол на однапред изложеното, согласно со одредбите на член 387- 394 од ЗПП. Ова беше испратено до Јавното обвинителство на 21.12.2006. Од него на 06.01.2007 добив предмет ГО.бр.1125/2006 од 03.01.2007, испратено преку пошта на 05.01.2007. Тој не бил надлежен. Исто така, до него сум испратил: Кривична пријава на 09.09.2006, за се што овде е наведено итн., Дополна на жалба на тужениот од 15.09.2006, до него испратена на 16.09.2006, Прилог... од 26.09.2006 и Прилог...од 07.10.2006′.

Предметот Ревизија е од 09.01.2007. Па јас на конкурси од 1990 година редовно се пријавувам на Земјоделски факултет, Ветеринарен факултет...Веќе минуваат 17 години, по некоја година ќе бидам за пензија, а уличари образуваат кадри.

02.05.2007 Битола Д-р Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21...″.

**8.** РЕКТОРОТ: На 11.05.2001 испратив предмет до Ректорот на Универезитетот ″Св. Кирил и Методиј″- Скопје, со следен текст:

″Предмет: обесправен на Вашиот Универзитет од Егејците како Вардарец.

Од 1972- 1976 година работев научен соработник во Германија и докторирав во Австрија. Се вратив во државата, која до денес нема кадар. Таа во сточарството со ветеринарството, и пошироко, во СФР Југославија беше само пред Косово, а денес е само пред Албанија.

Се вратив во Земјоделски факултет- Скопје, од каде бев испратен. Таму бев одбиен, оти тој се приватизирал од вработените. Затоа морав да се вработам во Битола, во ЗИК ′Пелагонија′- Битола.

Бидејќи поднесов документи за директор, како против кандидат на директор, тој ми монтира судски процес. Како доказ дека тој бил монтиран е предметот на премиерот од 03.05.1991, во кој стои дека нема докази и факти. Тоа се потврди и со судскита расправи (одлуки, Р.И.), од вкупно 13 6 се за, а 7 против. Исто така, со мене беше избркан и друг, тој беше вратен на работното место и го прими обештетувањето. Бидејќи тој беше обвинет за повеќе и потешки дела, а беше примен, се гледа дека тоа беше само за одмазда дека се пријавив за директор во Комбинатот, кој станал егејски, на негови соселани и роднини.

Така судот беше изгубен и јас останав без право на вработување од 20.05.1991. Тоа беше дело на Егејци, претседател на судот Егејец, судии Егејци и обвинители. Ама овие зло дела продолжија на Вашиот Универзитет, за што ви пишав, а Вие не одговоривте и ништо непрезедовте:

Во 1990 година се јавив на конкурс за предметот свињарство на Земјоделскиот факултет. Рецезент беше Егејецот Ташко Токовски. До денес изборот не е извршен и до денес предметот нема наставник. Истиот рецезент се јавува уште неколку пати: говедарство во Земјоделскиот факултет и говедарство во Институтот за сточарство. Овде беа битни пак Егејци, Ефтим Анчев и Цилевски. Беа избрани несоодветни лица со интерни звања со теми за матура без самостојни трудови и книги.

Ваквата дрскост продолжи за предметот овчарство, каде пак е рецезент истиот Егејец, што е навреда баш тој да ми биде рецезент кога тој никогаш не се бавел со наука и струка, нема самостојни трудови, ни учебници, и за него имам пишено многу трудови и написи. Сите тие се вкупно 150, како и Исхрана на говедата и две историски книги. Јас бев одбиен за лице, кое кај него промовирало, без самостојни трудови. Секако, тие двата се исти.

Веќе две години сум јавен на конкурсот за говедарство, никој не сака да се јави што станува со изборот. Тоа се гледа и во тоа што досега не ми е одговорено на моите протести: факултетот бил приватна сопственост.

Злочините од Егејците не запираат: тие се претседатели, како во Земјоделскиот факултет итн., ама и професори на Ветеринарниот факулт-ет (Никола Поповски) и Директор (Ѓорѓи Мицковски) на Ветеринарниот институт. За овие злочини сум пишувал многу:

На изборот по предметот исхрана, на која сум докторирал, е примено лице кое никогаш не се бавело со исхрана, што продолжува до денес. Тоа беше нормално појава кога рецезент беше Егејецот Никола Поповски. Овој злочин беше повторен за предметот специјално сточарство. Беше примен пропаднат студент, а јас одбиен кога рецезент се јавува повторно

истиот Егејец Никола Поповски. Тој да ми биде рецезент за мене е навреда, него треба да му се суди за неговите злочини, а не тој да врши рецензии за други кадри.

Од друга страна, овие рецензенти се подмитени: од една страна примаат пари од директорот кој ме избркал (со тоа ме изолоира ништо повеќе против него да преземам) и од примените кандидати, што е дрскост и нечовечност.

Со тоа имале добивка подмитувачите и подмитените, а штета само за мене и македонското стопанство.

Во надеж да се преземи нешто, Универзитетот да остане државен, а не приватен на внатрешни кадри, се заблагодарувам″.

На 01.10.2002 до Ректорот на Универзитетот ″Св.Кирил и Методиј″ испратив:

″П О Д Н Е С О К

На 06.03.2002 Ви испратив преставка со прилог за приватизирање на наставните установи на Вашиот универзитет.

И овој случај ви поднесувам прилог.

Во надеж да се преземи нешто, се заблагодарувам″.

На 01.10.2002 до Деканот на Земјоделски факултет и деканот на Ветеринарниот факултет испратив: ″П О Д Н Е С О К

На 06..03.2002 Ви испратив преставка со прилог за приватизирање на Вашиот факултет, со што спротивно на законот за високо образование ми беше одземено правото да заснивам работен однос.

И овој случај Ви поднесувам прилог.

Во надеж да се преземи нешто, се заблагодарувам″.

На 09.09.2006 до Премиерот на Владата на Република Македонија поднесов ″Предмет: Прилог кон Замолницата за повторување на судската постапка П.бр.987/92.

На 31.08.2006 како член на ВМРО-ДПМНЕ Ви се обратив со Замолница, во која наведував за моите страдања И бркања од работа како непријател на македонскиот народ.

Во прилог ја испраќам кривичната пријава.

Во надеж да се превеземат правни дејствија, се заблагодарувам″.

На 09.09.2006 до Ректорот на Универзитетот ″Св.Кирил и Методиј″- Скопје испратив ″Предмет: Самоволијата во Земјоделски факултет.

За ова со него водам расправа од 1990 година, дури судски спорови.

Во прилог е кривичната пријава.

Во надеж да се превземат правни дејствија, се заблагодарувам″.

На 09.09.2006 до Деканот на Земјоделски факултет Скопје испратив ″Предмет: Самоволијата во Вашиот факултет.

За ова со него водам расправа од 1990 година, дури судски спорови.

Во прилог е кривичната пријава.

Во надеж да се превземат правни дејствија, се заблагодарувам″.

**9**. ДОКТОРАТИ. Овие не се научни звања, туку формални...

До Полицијата и Министерство за образование Скопје на 12.01. 1993 испратив предмет ″До кога ќе биде наставник во Вишата земјоделска школа- Битола лице со завршен ветеринарен факултет″. Предметот е со следен текст:

″До 1978 година успешно предаваа наставниците во Вишата земјоделска школа- Битола, кои оформија стручен кадар за нашето стопанство.

Поради уништувањето на говедарството на ЗИК ′Пелагонија′- Битола од погрешниот идеен проект и стручни напаствија на дипл.ветер. Борис Ангелков истиот мораше да го напушти Комбинатот и најде политичко прибежиште членот на Општинскиот комитет на СКМ- Битола во таа школа.

Бидејќи беше политички и општествено активен без трудови и стручно искуство наеднаш постана професор.

Ова спротивност не му беше доволна, па постана директор на Школата, иако таму работеа постари професори и имаа стручни сознанија.

Постарите професори беа непожелни и тој вработи млади наставници со само завршен факултет, бидејќи сакал да им биде старешина и доживотно директор- апсолутистички.

Старите си отидоа, младите за него полоши и понижувани магистрираа и додека го постигнаа тој степен на образование беа само предавачи.

Членот на ОК СКМ дипл.ветер. Борис Ангелков во 1977 година имаше запишано специјализација во Белград /не ја заврши/, се запишал на магистратура во Загреб /и неа не ја завршил/ и сега спротивно на законот (Хрватска беше во СФРЈ кога пријави докторат/ сака да докторира во Загреб без да магистрира, ќе му биле признаети трудовите како го ликвидирал говедарството во Македонија/за тоа имам објавено трудови во југословенскиот часопис ′Сточарство′- Загреб итн/.

Спротивно на логиката за унапредување, тој долго години беше професор без никакво звање, да дури оваа година постани предавач, кое го заслужуваше само кратко во 1978 година, кога започна и мораше да биде отпуштен, како непотребен и штетен.

Неговата штетност се состои во следното:

Мене како 4 годишно вработен научен соработник во Минхен и доктор на наука од Виена, со стручни и научни како и написи (трудови), објавени во Германија, Југославија и Македонија, не ми дозволи да бидам избран за наставник, туку само со завршен факултет, сега е магистер. (Негов соученик П.Богданов од средно ветеринарно училиште, Егеец, Р.И.)

На негов предлог сум избришан од Друштвото за наука и уметност Битола, бидејќи ако не беше таа личност, не ќе можев да бидам познат во Југославија и пошироко за објавените трудови од неговите непознавања, зашто врши одмазда. ДУРИ ГО НЕГИРАШЕ МОЈОТ ДОКТОРАТ, СУМ ГО КУПИЛ ?

Во надеж да превземите против ова лице правни дејствија и спасите Вишата земјоделска школа- Битола од доуништување, се заблагодарувам. Д-р Ристо Ивановски...″.

Поднесок до Универзитетот во Битола- Битола: 03-124/1 15.03.93.

″Вишата земјоделска школа во Битола е со сточарска дејност и за таков кадар. Тој треба да е способен да допринеси за нејзиното унапредување само за сточарски (зоотехнички) факултет, зашто ќе мора да одлучи само квалитетот на наставниците само за таа дејност, најглавна во земјоделството.

За жал не е така, бидејќи во неа има наставник дипл.ветер. Борис Ангелков само со завршен Ветеринарен факултет, кој не успеал од 1977 година во прво време да специјализира во Белград, па да магистрира досега во Загреб, со што го изгубил правото да докторира што било според законот во некогашна СФРЈ. Не само тоа, ова лице продолжува да биде спротивно на законот професор- дури прима таков личен доход и не случајно се бави само со фолклорна дејност во Вашиот Универзитет.

Со неговото доаѓање во Вишата земјоделска школа спротивно на законот постанува професор и директор на Школата (немаше работно искуство и имаше постари од него професори), така го промена на негов сопствен начин нејзиниот стар со нов кадар, од него помлад за полесно раководење и само тој да биде старешина (спротивност со Високото школско образование), пречејќи и им за самостојно творење и нивно усовршување.

Но за негова несреќа сите освен него магистрираат и не сакаат са го изиграт законот за да докторираат како него.

Овој мој поднесок е ′сличен′ на неговите кажувања, тој испратил писма до Виена и Минхен, што лажеше, каде докторирав и работев 4 години како научен соработник, преку што бев понижуван и навредуван, иако не стручен, ни образован и за него е страно тело тој да објави стручен и научен труд.

Неговата уништувачка дејност беше забележана во Говедарската фарма с.Радобор на ЗИК ′Пелагонија′- Битола, во која го уништи говедарскиот фонд на Комбинатот и 6,5 години ја загадуваше човековата околина со некористењето на арското ѓубре низ Црна Река. Покрај тоа е соучесник за ликвидацијата на овците од расата аваси (Израел).За нив имам објавувано трудови, со кои бев познат во СФРЈ и странство, како и написи во весници во СРМ.

Има и други подробности, но тие не се во делокруг на мојата дејност и не сакам да се впуштам понатаму, кое нему му пречеше и се коси со законот да биде наставник и Ваш член.

Во надеж да се прифати мојот поднесок се заблагодарувам″.

До Министерот во Министерство за образование- Скопје на 26.03. 1994 испратив со следен текст: ″П Р Е С Т А В К А

Лицето Борис Ангелков иако немаше специјализирано ни магистрирано беше не само наставник во Вишата земјоделска школа- Битола, туку и директор: таму имаше пообразовани и поискусни.

Неговите заложби да специјализира (Белград) и магистрира (Загреб) беа неуспешни. Затоа одамна несмееше да биде понатаму наставник.

Пред распаѓање на СФРЈ пријавил магистрирање, кое се искористи по распаѓање на СФРЈ за докторат, ′имало′ поголем број проби и тоа ′одлучило′ да докторира во јуни 1993 година, докторат непознат од јавноста и без можност да го разгледам, како право на секој граѓанин.

Бројот на пробите не смеат да бидат меродавни (пробите мора да се обработени биометриски-значи не е важен бројот), тие се рутинска работа за секое клиничко испитување (лаборантот со нив најпрво би докторирал), со нив неможи да докторира, никој не проверувал за нивниот број (нивна исправност, нивно земање), темата има историско значење. Значи, неможи да докторира.

′Можел′ да докторира без магистрирање оти ′имал′ доволен број трудови, никогаш непроверени за нивната ′исправност′, дури се гордее за нивниот ′успех′, како на пример за од него ликвидирањето на две фарми (Овчарската фарма с.Породин и Краварската фарма с.Радобор), за кои објавив два труда токму во Загреб и затоа мора да му се суди.

Вишата земјоделска школа мора да се запраша, дали можи да биде некое лице (тој) наставник, со просечен личен доход без да бил во странство и без наследство да има таков имот: водач на неуспешна инвестиција, купувач на странска неуспешна опрема, купувач на германски и белградски јуници сите болни од леукоза и сите ликивидирани, учесник во аферата ЈИК-Банка, зелениот план необелоденет, делач на плацеви за куќи итн. За ова се објавени написи во многу весници и трудови.

Бидејќи не ми е јавено од Вас на моето писмо од 12.01.1993 како и од Ректоратот на Универзитот во Битола- Битола од 15.03.1993 број 03-124/1, молам да ми се одговори: не смее да се нострифицира неговиот докторат без да биде магистер, ја пријавил својата магистерска работа кога Хрватска беше во СФРЈ″.

До Ректорат на Битолскиот универзитет ″Св.Климент Охридски″ Битола, поднесок број 03-286/1 од 04.05.1994 г.

″Предмет: Преставка за наставникот Б.Ангелков.

Ветеринарниот лекар Борис Ангелков без специјализација ниту магистратура од 1978 година е наставник во Вишата земјоделска школа- Битола, дури без наставна пракса постанал и директор, навредувајќи ги постарите.

Неговите заложби да специјализира во Белград и магистрира во Загреб од 1977 година беа неуспешни. Затоа од 1980 година несмееше да биде понатаму наставник, кое е предвидено во Законот за високо образование.

Повеќе години пред да се распадне СФРЈ пријавил магистрирање и тоа не успеал да го заврши. По распаѓањето на СФРЈ истата тема и истиот материјал ′имале поголем број на проби′ и тие ′одлучиле′ да докторира во јуни 1993 година, докторат непознат од јавноста и без можност да ја разгледам, право на секој граѓанин; без наведеното не се признава докторат.

Бројот на пробите не смеат да бидат меродавни, тие и за дипломска работа мора да се доволни, во спротивност неможат да се обработат биометриски и нема важност ниеден труд. Неговите проби се рутинска работа за секој испитување и со нив прв би докторирал лаборантот: не е можно докторирање. Никој не проверувал за нивниот број, нивна точност, нивна исправност (самиот можи да ги измеша, на тоа било склон), темата има историско значење и нема основа за докторирање.

′Можел′ да докторира без магистрирање оти ′имал′ доволен број трудови, никогаш непроверени за нивната ′исправност′ (тој лажи), дури се гордее за нивниот ′успех′, како на пример од него ликвидирањето на две фарми (Овчарската фарма с.Породин и Краварската

фарма с.Радобор), за нив објавив трудови и нему затоа мора да му се суди. Се наведува некаков негов уџбеник, иако тој не е за средна школа, камоли да биде вреднуван за докторат: тој не е научен (без нив неможи да докторира), а дали е стручен ?!.

Вишата школа мора да се запраша, дали можи да биде некое лице (тој) наставник, со просечен личен доход без да бил во странство и без наследство да има таков имот: водач на неуспешна инвестиција, купувач на странска неуспешна опрема, купувач на германски и белградски јуници сите болни од леукоза и затоа сите законски ликвидирани, двоен учесник во аферата на ЈИК ′Банка′, зелениот план необелоденет, делач на плацеви за куќи итн. За ова се објавени многу написи и трудови: неможи да докторира и да е наставник.

Бидејќи не ми е јавено од Министерството за образование од 12.01 .1993, од Ректоратот на Универзитетот во Битола- Битола од 15.03.1993 бр-ој 03-124/1 и од Министерот во Министерството за образование од 26.03. 1994 молам да ми се одговори и да ми се испрати неговиот докторат. Во едно наведувам, дека не смее да се нострифицира неговиот докторат без да биде магистер, бидејќи ја пријавил својата магистерска работа кога Хрватска беше во состав на СФРЈ: тој многу убаво знае, како беше мој противник за нострификацијата на мојата диплома од Виена во 1976 година, се исмејуваше на мојот избор за научен соработник во научна установа во Минхен (таа можност нема да ја доживее), беше главен актер да не бидам избран за наставник во Вишата земјоделска (сточарска) школа, а за него нема место во таа школа како ветеринар, друг ги предава неговите предмети) и е виновник за исклучувањето на моето членство од ДНУ- Битола″. (Неговиот докторат до денес никој во Р.Македонија не го нострофицирал, оти таков никогаш немало, тој отишол во пензија како вет.лекар, Р.И.)

На 20.10.1997 доМинистерство за внатрешни работи Битола испратив ″П Р И Ј А В А

Ветеринарниот лекар Борис Ангелков во 1978 година се вработи како наставник по анатомија со физиологија во Вишата земјоделска школа- Битола. Бидејќи законот за високо образование захтева наставникот да има најмалку звање магистер, тој има фалсификат диплома за доктор по наука.      О б р а з л о ж е н и е

Тој се пријавил за специјализација во Ветеринарниот факултет во Белград во 1977 година. Истата не ја завршил. Токму затоа се запишал да магистрира во Ветеринарниот факултет во Загреб. Таа е научно звање, кое е пониско од доктор по наука. Тоа значи, дека темата за магистратура нема тежина со неа да се докторира што го предвидува и законот. Со други зборови не е можно темата од магистратурата да се признае за докторирање. Исто така, за да се докторира во тогашните услови пред да се распадни СФРЈ, кое важи и денес во Р.Македонија, претходно мора да се магисрира. Тоа сум го пријавувал во Министерството за образование и Ректоратот на Универзитетот во Битола. Бидејќи се слушна дека тој докторирал во Загреб барав тоа да се провери. Познато е дека на секое научно звање како јавно звање секој граѓанин можи тоа да го захтева, молев да ми се даде тоа на увид. Спротивно на законот јас тоа не го добив. Освен тоа, звањето мора да биде нострифицирано во Р.Македонија. (Во Загреб нема докторат, Р.И.)

Бидејќи ништо не е извршено и исполнето, јас напишав напис во весникот ′Нова Македонија′ дека тој неспецијализирал, а ни магистрирал,  а сега е доктор по наука ?! Но за жал и на тоа нема оглас, иако тој на тоа беше обврзан. Значи, тој нема докторирано.

Превземите правни дејствија како Ваша надлежност″.

На 18.11.1997 до Министерство за внатрешни работи- Битола испратив

″П Р И Ј А В А- 2

На 20.10.1997 испратив пријава во која наведив дека наставникот во Вишата земјоделска школа- Битола ветеринарниот лекар Бирис Ангелков во Белград не успеал да специјализира, ни во Загреб да магистрира, а сега има фалсификат диплома за доктор, која не е нострифицирана, што е основа да биде наставник во Школата.

Бидејќи досега не се превземени правни дејствија ја повторувам″.

На 19.11.1997 до Министерството за образование- Скопје поднесов ″П Р И Ј А В А

На 12.01.1993 испратив предмет до Вашето Министерство дека ветеринарниот лекар Борис Ангелков, наставник на Вишата земјоделска школа во Битола не може да докторира. Следи друг предмет на 26.03.1994. Од Вашето Министерство ништо не беше превземено.

Затоа во 1997 година во весникот ′Нова Македонија′ напишав дека тој неуспеал да специјализира во Белград, ни да магистрира во Загреб.  Сега тој докторирал ?!

Неговата диплома е фалсификат и таа не е нострифицирана. Но токму со неа понатаму, спротивно на законот, е наставник (професор) на таа школа.

Молам да се почитуваат законите″. (И денес тој не е доктор, Р.И.)

Како што ги наведив двата соученици со средно ветеринарно училишта, следат и други: Никола(Коле) Поповски е созлочинец за овците аваси...,а и водач на мафијата која на Македонија и нанесе огромно зло. Негов соработник е неговиот соученик Ѓорѓи Мицевски, двата се со исто потекло како Петар Богданов. Овие беа носители во Ветеринарниот институт- Скопје соВетеринарниот факултет- Загреб да отвораат специјализација по живинарство, иако тоа во Хрватска не беше развиено. Се мислело само да се заработи на секој специјалист, а на штета на Р.Македонија. Во Ветеринарниот факултет- Загреб докторирал на ветеринарство агрономот Никола Поповски, кој завршил Земјоделски факултет- Скопје и на него магистрирал по говедарство. Ова е само доказ, дека научните звања магистер и доктор биле само зделки, без било каква наука во ветеринарството. Токму затоа повеќе наставници од Ветеринарниот факултет- Скопје со својот Ветеринарен институт- Скопје во Загреб магистрирале и докторирале.

За да се потврди нивната потполна неспособност, се наведува што пишат на 22.05. 1994 во ″Нова Македонија″ Кирил Ристевски (главен на мафијата пред Никола Поповски, Р.И.) и Каранфиловски: ″Во нашата Република изградени се во изминатиот период бројни модерни објекти за организирано одгледување на различни врсти добиток. Кога тие би проработиле во границите на вградените капацитети, би отпаднала потребата од сточни производи однадвор. Да потсетиме дека општествениот сектор во Републиката располага со: краварски фарми за 15.000 молзни крави и дневна продукција од 150.000 литри млеко; десетина гоилишта за млади говеда со годишен капацитет од 25.000 грла; 10 свињарски фарми со годишен капацитет од 180.000 гоеници; бројлерски центри за организирано производство на бројлери во милионски износ; живинарски фарми за 2,5 милиони носилки; овчарски фарми за 250.000 овци.

Кон наведениот комплекс објекти за примарно производство треба да додадат и бројни објекти од преработувачката индустрија, чија активност е непосредно зависна од состојбите на примарното производство. Така, во нашата Република се изградени шест фабрики за сточна храна, месна индустрија, дестина млекарници, голем број кланици и сл.″.

Тие се носители на нефункционални фарми, порадишто тие не можеле нормално да работат. Нивната мафија до денес оставила последици.

**10.** УНИВЕРЗИТЕТИ. Тие ќе се прикажат и преку судски спор.

По четиригодишното вработување во Германија како научен соработник и по примањето на дипломата доктор на наука во Виена, на 04.11.1976, истиот ден тргнав за назад и кога стигнав одма се пријавив во Земјоделскиот факултет- Скопје, откаде во капиталистичкиот свет бев испратен на дошколување. На мое изненадување не бев прифатен, оти факултетот станал самоуправна интересна зедница на вработените, со интерни трудови и интерни звања. Од 1990 година на конкурси редовно се пријавувам, и како пракса одбиван или заради мене не беше извршен изборот. Тоа се случуваше и во Ветеринарниот факултет- Скопје и Институтот за сто-чарство- Скопје при Универзитетот ″Св.Кирил и Методиј″- Скопје, што важеше и за Виша земјоделска школа-Битола, која прерасна во Биотехнички факултет, при Универзитетот ″Св.Климент Охридски″- Битола.

На 14.11.2002 до Земјоделски факултет поднесов ″ПРИЈАВА

На 13.11.2002 во весникот ′Нова Македонија′ беше објавен конкурс за наставник во сите звања, во предметот говедарство. Ова е повторување на истиот конкурс од 14 јули 1999 година, на кого исто така се пријавив со свој предмет од 14.07.1999. Бидејќи изборот не беше извршен, истиот наставник продолжи да држи предавање. Јас за ова ништо не бев информиран. На 19.11.2000 итн. испратив предмет Молба за испраќање на рецензијата. До денес ги немам добиено својата пријава со документите и прилозите наведени под реден број од 1-7. Покрај моите молби, од Вас до денес сум без одговор.

Со пријавата за објавениот конкурс од 13 ноември 2002 година се пријавувам на конкурсот по предметот говедарство. Во прилог можат да се користат мојата пријава со од 1- 7 документи и прилози,кои од 14.07.1999 се кај Вас. Исто така, сите пријави за избор на наставници на кои сум одбиван, ама и не извршениот избор по предметот свињарство во 1990

година. Покрај тоа, се пријавив до Вас на конкурс за предметот општо сточарство на 18 јули 1997 година заштo немам добиено одговор. Во прилог можат да се користат предметот испратен до Деканот на Земјоделскиот факултет од 06.03.2002 со наслов Од авторот, од објавената моја четврта книга, како и исто така испратениот предмет на Деканот на Земјоделскиот факултет од 01.10.2002 со насловот Од авторот- од објавената седма книга.

Досега сум објавил седум книги:

1. Средоземјето прадомовина на Европјаните;
2. Нов Александар Македонски (тн.Скендербег);
3. Одродување на Македонците;
4. Возобновување на античка Македонија;
5. Кавказко- црноморски Албанци- Арнаути;
6. Власите-тн.Словени
7. Завера против античките Македонци.

Во надеж да се земи во предвид мојата пријава, се заблагодарувам. 14.11.2002, Д-р Ристо Ивановски, Ул.Михајло Андоновски бр.6/21, Битола. ПС: Спремен сум на Ваше барање да испратам дополнително што Вие ќе побарате, како и спискови на моите објавени трудови и написи, вкупно преку 150- нивната листа е наведена во мојата книга Нов Александар Македонски".

На 10.10.2003 до Основен суд Скопје I Скопје поднесов "ТУЖБА

За свои потреби тужениот имаше распишано конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни и насловни звања по повеќе предмети.

Кокнурсот беше објавен во весникот 'Нова Македонија' од 13.11. 2002 година.

ДОКАЗ: конкурс копија во прилог.

Тужителот на овој конкурс бидејќи ги исполнуваше условите имено е доктор а и другите услови од законот ги исполнуваше, објавено повеќе трудови и слично се пријави на конкурсот по предметот наставник во сите звања по предметот говедарство.

ДОКАЗ: Пријава во копија во прилог.

Исто така тужителот кај тужениот се имаше пријавено и по конкурс од 14.07.1999 година.

ДОКАЗ: Пријава кај тужениот да се прибави односно да се задолжи да ја донеси на расправа.

Тужениот и на двата конкурси не изврши избор на пријавените кандидати ниту пак кандидатите се известени за својата одлука.

Во конкурсот е наведен само рокот на пријавување на кандидатите не и рокот на изборот.

Со оглед на тоа дека од објавувањето на конкурсот помина подолго време дека се изминати сите законски и други рокови за избор.

Предлагам на судот да закажи и одржи расправа, ги изведе доказите а след тоа да ја донесе следната, П Р Е С У Д А

Се уважува тужбата и тужбеното барање на тужителот.

Се задолжува тужениот да изврши избор на кандидатите пријавени на конкурсот објавен во весникот 'Нова Македонија' од 13.11.2002 година во рок од 8 дена на правосилноста на пресудата.

Се задолжува тужениот да му ги плати трошоците на тужителот кое ќе се прецизира на расправа. ТУЖИТЕЛ Ристо Ивановски".

На 12.02.2004 за П.бр.3555/03,преку Основниот суд Скопје IСкопје, до Апелациониот суд Скопје беше поднесено"ЖАЛБА НА ТУЖИТЕЛОТ

Против пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје П.бр.3555/03 од 11.12.2003 година.

Тужителот во целост ја напаѓа ппресудата на Основниот суд Скопје I Скопје П.бр. 3555/03 од 11.12.2003 година поради:

Суштествени повреди на одредбите на паричната постапка;

Погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба;

Погрешна примена на материјалното право.

О б р а з л о ж е н и е

Стојат повредите од член 340 став 2 точна 13 од ЗПП бидејќи пресудата има има такви недостатоци поради кои истата не може да се испита. Имено, уште во увидот на пресудата судот го определува како поништување на конкурс, што не е точно, бидејќи тужителот го бараше токму спротивното: конкурсот да се спроведе до крај. Понатаму, судот тужбата на тужителот ја отфрла, при што својата одлука ја заснова на правилата од член 143 од Законот за работни односи, цитирајќи ја таа одредба како остварување на поединечни права од работен однос, при што наведувајќи дека работникот имал право да бара: ′право кај работодавецот, кај надлежниот суд, синдикатот, инспекциските органи и други органи во согласност со закон′,а согласно член 144 од истиот закон, работникот имал право да поднесе барање за заштита на своето право од работен однос, како и право на приговор против одлука донесена во врска со неговите права, обрски и одговорности, а рокот за поднесување на такво барање бил 15 дена од денот на врачување на одлука со кое е повредено неговото право... да после (согласно одредбата од член 147) работникот кој бил незадоволен од конечната одлука на надлежниот орган или ако тој орган не донел одлука во рок од 15 дена од поднесувањето на барањето, односно приговорот, имал право во наредниот рок од 15 дена да бара заштита на своите права пред надлежниот (орган?!!!) веројатно се мисли на суд... Прашањето поради кое тужителот ја поведе оваа постапка е: зошто не е завршена постапката по конкурсот, што го распиша тужениот и истиот да биде задолжен да изврши избор од пријавените кандидати. Ова, како што знаеме, е регулирано со Законот за високото образование (како специјален закон) и судот требаше да ја спроведе оваа постапка и да утврди дали е основано тужбеното барање и да ја донесе одлуката со примената на одредбите од тој закон. Тужителот немаше засниван работен однос и не може неговиот случај да се поведе по одредбите на ЗРО, односно да ги остварува своите права како лице во работен однос. Впрочем тужителот на два пати се обрати до тужениот ДА ПРИГОВАРА за настанатата состојба, но за тоа не беше удостоен сонекаков одговор или одлука, па мораше, поради ваквото ′молчење′ на тужениот да поведе постапка. Затоа тужителот смета дека стојат повредите погоре изнесени.

Значи, тужителот смета дека првостепениот суд погрешно утврди дека овде се работи за остварување на права од работен однос (работен спор), бидејќи тужителот воопшто не е вработен ниту пак неговиот проблем може да се поведе под ЗРО. Овде е сосема јасно, а и судот требаше да обрне внимание: дали тужителот, откако го објави огласот за избор на наставник, дали се придржувал во рамките на регулативата за спроведување на избор на наставник и дали со спроведувањето на постапката ги повредил правата на тужителот, а имајќи ги во предвид и одредбите на статутот на тужениот, статусот на постојните извршители кои ја извршуваат наставата по предметите од спорниот конкурс, зошто постапката не е целосно спроведена и завршена и сите други дејности што произлегува од Законот за високо образование. Првостепениот суд ова воопшто не го утврдил. Затоа тужителот смета дека стојат и повредите од член 341 од ЗПП.

Тужителот смета дека оваа пресуда е донесена и врз погрешна примена (односно не примена) на одредбите на Законот за високото образование, кои ја регулираат материјата и постапката за избор на наставници во високото образование. Примената на одредбите од ЗРО е погрешна, поради што и на целата пресуда му дава статус на манлив акт, а сето ова пак е во спротивност (и е повреда) на правилата од член 342 од ЗПП.

Поради сето ова, тужителот ја поднесува оваа жалба и на второстепениот суд му предлага да ја усвои истата, првостепената пресуда да ја укине и предметот да го врати на повторно одлучување и пресудување, со напаствија за остранување на сите пропусти и забелешки изнсени во жалбата. За тужителот- полномошник адвокат Томе А.″.(Самоволие,Р.И.)

На 03.04.2004 за XII П.бр.3555/03 до Основен суд Скопје I Скопје поднесов

″П О Д Н Е С О К

Кај Вас се води судски спор под наведениот број, кој е по моја жалба во Апелациониот суд.

Иако судскиот спор не е завршен, Земјоделски факултет- Скопје објави конкурс за истиот предмет за кој се води спор.

Токму затоа јас Вас ви се обраќам со мојот поднесок кој треба да биде земен во предвид дека Факултетот објавил нов конкурс.

Исто така, замолувам да се убрза постапката, зашто се заблагодарувам.

Д-р Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола".

На 05.06.2004 за П.бр.3555/03 до Јавното обвинителство на Република Македонија Скопје од тужителот- полномошник беше поднесена и "М О Л Б А Од тужителот Ристо Ивановски од Битола Ул.Михајло Андовски бр.6/21, Битола.

Со решение на Основниот суд Скопје I Скопје П.бр.3555/03 од 11. 12.2003 година, потврдено со решение на Апелациониот суд Скопје Гж.бр. 1427/2004 од 24.03.2004 година отфрлена е тужбата на тужителот Ристо Ивановски од Битола против тужениот Земјоделски факултет Скопје и утврдено е дека тужителот не постапил согласно одредбите на член 143, 144 и 147 од Законот за работни односи.

Двата судови направија суштествени повреди на одредбите од паричната постапка од член 340 став 1 и 2 точка 13 од ЗПП, бидејќи погрешно и нецелосно ја утврдија фактичката состојба. Имено и првостепениот и второстепениот суд не го зедоа во предвид фактот што постапката пред надлежниот тужителот ја поведе како граѓанин на кој му е оневозможено да учествува на конкурс за избор на професор. Тој не беше во работен однос и неговиот случај не може да се подведе под одредбите на ЗРО. Впрочем тужителот на два пати се обрати до тужителот ДА ПРИГОВАРА за настанатата состојба, но за тоа воопшто не беше удостоен со некаков одговор или одлука, па мораше, поради ваквото 'молчење' на тужениот да поведе постапка. Почитувани, овде двата судови требаа да обрнат внимание: ДАЛИ ТУЖЕНИОТ, ОТКАКО ГО ОБЈАВИ ОГЛАСОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК, ДАЛИ СЕ ПРИДРЖУВАЛ ВО РАМКИТЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОР НА НАСТАВНИК И ДАЛИ СО НЕСПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОСТАПКАТА ГИ ПОВРЕДИЛ ПРАВАТА НАТУЖИТЕЛОТ, А ИМАЈЌИ ГИ ВО ПРЕДВИД И ОДРЕДБИТЕ НА СТАТУТОТ, НА ТУЖЕНИОТ, СТАТУСОТ НА ПОСТОЈНИТЕ ИЗВРШИТЕЛИ КОИ ЈА ИЗВРШУВААТ НАСТАВАТА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД СПОРНИОТ КОНКУРС, ЗОШТО ПОСТАПКАТА НЕ Е ЦЕЛОСНО СПРОВЕДЕНА И ЗАВРШЕНА И СИТЕ ДРУГИ ДЕЈНОСТИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ. Двата судови ова воопшто не го утврдија, ниту се впуштија во утврдување на тоа.

Со оглед на изнесеното и примената, односно непримената на одредбите на Законот за високото образование, кои ја регулираат материјата и постапката за избор на настаници во високото образование се јавува како повреда на правилата од член 342 од ЗПП, поради што двете пресуди добиваат на манливи акти.

Со оглед насето погоре изнесено сметаме дека има место да се укинат двете решенија (на двата судови) и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење, поради што, молиме да поднесете барање за заштита на законитоста до Врховниот суд на Република Македонија во смисла на однапред изложеното, согласно со одредбите на член 387-394 од ЗПП.

Поднесител...за тужителот- полномошник...".

На 01.06.2004 до Наставно- научниот совет на Земјоделски факултет-Скопје и до Ректорот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"- Скопје испратив предмет: "НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРОФЕСОР САМО ВЕТЕРИНАРЕН ТЕХНИЧАР, БЕЗ НИЕДЕН ОБЈАВЕН ТРУД...

До денес Р.Македонија нема сточарски кадар. За ова цел Земјоделскиот факултет-Скопје испраќал свои личности кои требало да се усовршат и стекнат звање доктор. Како што тие оделе,сите назад се вратиле. Ваков беше и агрономот Ристо Илковски, кој не успеал да докторира во Германија. Ама тој тоа го остварил во Земјоделски факултет по предметот говедарство, а професор по предметот беше само агроном. Што Ристо Илковски постигнал во сточарството и каков кадар за потребите на сточарството од него бил образуван следи долу.

Исто така, од Замојоделскиот факултет и јас роден 1945 година бев испратен во Германија, 4 години работев во научна институција за сточарство и во 1976 година докторирав. Одма се вратив во Р.Македонија, неа да и помогнам. Одма бев одбиен, оти тие не сакале конкуренција. Инаку, во Германија објавив свои трудови, што продолжив во СФР Југославија. Бидејќи на Земјоделскиот факултет Билтенот бил само за вработените, чудо невидено, бев одбиен во него да објавувам. За ова имав добиено предмет под бр.04-81/2 од 12.03.1984, во кого стои дека Билтенот преставувал 'едиција на научни трудови на вработените на факултет-

от′, потпишано од Ристо Илковски. Токму затоа јас бев приморан да објавувам во југословенскиот часопис по сточарство ′Сточарство′. Токму кадарот на Земјоделски факултет си објавуваше во својот Билтен, но и во некои други во државава без никаква важност за сточарската струка, не дај боже наука. Бидејќи во Р.Македонија до денес нема апсолутно никаков сточарски кадар, јас објавив преку 150 написи со кои укажував дек кадарот е никаков, тие на сточарството му нанесуваат огромни штети итн. Не само тоа, досега сум објавил 12 (дванесет) книги, а 13-та излегува до 15 јуни 2004 година.

Бидејќи овде се работи за факултетот, го наведувам жалосниот случај: според нивниот препарат беше изготвен препарат за исхрана на говеда врз основа на уреа. Поради нестручност препаратот предизвика масовно труење. Јас тој го дотерав, оттогаш никогаш немаше труење, а препаратот на ′Бентомак′- Крива Паланка од Србија со Македонија го истисна препаратор на Рафинеријата ИНА на Хрватска. Токму ова ја зголеми мојата непожелност. Всушност, место јас дабидам награден што јас од пропаста ги спасив виновниците со факултетот, станав неподобен.

Без прекин на овој факултет се јавувам на конкурси. Бидејќи тој бил сопственост на вработените, редовно на најгнасен начин сум одбиван. Токму поради мене предметот по свињарство од 1990 година е без наставник, а него овие години го предава Стојан Беличовски кој никогаш не се бавел со таа проблематика и затоа за свињарство тој нема објавено ниеден никаков труд вон внатрешните македонски ′стручни′, никако научни, списанија. Токму магистратурата и докторатот се научни звања, а до нив се доаѓа со теми за пола- и матура, срам за струката и науката. Ова може да се образложи на наједноставен начин: научните звања се јавни. Ова говори дека тие мораат да бидат објавени. Само така тие ќе бидат достапни до стручната и научната јавност. За жал, ова не е така: нивните ′трудови′ се чуваат во фиоки како тајни патенти.

Најдобар пример е ветеринарниот техничар Танас Трајковски. Тој бил роден во 1940 година и како ветеринарен техничар работи од 1961 година. Бидејќи тој бил вработен во земјоделското стопанство на наведениот факултет тој поминал низ факултетските простории. Така тој си го завршил не само факултетот, дури магистрирал и докторирал. Тука бил Ристо Илковски непозната личност за сточарство во СФРЈ. Така Танас Трајковски магистрирал во 1982 година и докторирал во 1995 година. Темите биле само за пола- и матура. Секако, дали ова може да се потврди ? Ако овие би имале било каква стручна и научна намена, тие би морале да бидат објавени со што тие би биле достапни на сточарите во државава и стручните и научни кадри вон Р.Македонија. Во неговата листа на написи овие никаде ги нема. Па како нив ќе ги има ? Овие не се теми за научни звања, туку историска лакрдија за во средно сточарска школа.

Кога се објави конкурс за предметот говедарство во 1995 година јас бев одбиен, а беше примен наведениот ветеринарен техничар. Начнот на одбивањето беше ѕверски, а јас лично навреден, дури понижен токму поради оваа личност која е само ветеринарен техничар. Тогаш укажав дека тој со вакви теми нема магистрирано ниту докторирано. Бидејќи научната работа е јавна, секој граѓанин ова може да го покрене. Секако, ако подносителот во нешто претера има судови итн. Како потврда дека јас за него ова сум го направил е предметот од факултетот бр.08-1989/1 од 27.09. 1995. Значи, од 1995 година тој не може да има научно звање со историски теми на необјавени трудови и тоа токму поради тоа што со нив ќе се срамат актерите.

Ама дали се ова е вака ? Во листата со написи се наведени 10 написи, од кои само 5 се објавени, еден лажен број и 4 во печат кај него во фиоката. Не само ова, тој има само еден самостоен напис, оти тој како сточар е неписмен: тој се јавува како прв автор во под реден број 1 со уште двајца, 2 самиот, 3 нема (се лаже во броењето), 4 со уште еден, 5 со уште двајца, 6 втор е Р.Илковски а трет тој, 7 тој е втор, Р.Илковски трет уште четворица, тоа е се. Овде се битни годините: првиот објавен во 2000 година. Па каде овие се објавени и за кои тие биле наменети ? Тие не се објавени во Билтенот кој бил наменет за науката. Па кај се објавени ? Овие се објавени во државава, а се по повод на некое сретнување, добро би дошла чашка жесток пијалок за жестоко осакатеното сточарство од непријателите на струката и науката. Тој никогаш не ги заборавил своите колеги со средна стручна спрема. Кутриот, тој ништо во сточарството не работел. Всушност, тој има приватен бизнис, се бави со сточна хр-

ана. Бидејќи тој е неписмен, ова дејност ја води лице кој е доктор на наука. Што овде има суштинско ? За тие да се стекнат до звања, се потребни написи. За тие да си ги задржат приватните работни места прескапо од државата платени, објавуваат здружени написи. Со сточарски јазик: булук ′автори′. Така овчарот задоволен, а овците сити и на број. Тоа што овде се изигрува Законот за високо образование и да се прави на штета на државата, за нив не е битно. Што треба да се направи ? Под итно да се донесе европски закон за високо образование кој во потполност треба да биде препишан, во кого треба да се внеси можност: работните места да се слободни се додека не се најдат лица кои во потполност ќе ги исполнуваат условите. Се дотогаш работните места да ги држат само извршители, а не вечни лица како ветеринарниот техничар.

Токму овој требаше да оди во пензија. Ова беше повод да се објави конкурс. Како пракса јас се пријавив. Праксата си продолжи: тој продолжи да предава, јас не добив одговор. Кога почна наставната година јас нив им се обратив и им дадов рок 8 дена. Бидејќи ништо не ми беше одговорено, јас тужив. Тужбата е под П.бр.3555/03. Иако таа од 1993 година е во тек, беше објавен конкурс на 02.04.2004, на кого се пријавив. Во пријавата наведов дека сета документација е кај нив од претходниот конкурс и имам објавено 12 книги итн. Исто така, ја спомнав и тужбата.

Се ова нема крај:јас повторно на ѕверски начин од Рецензентската комисија во состав Илковски, Георги Антов (не познат за сточарската јавност на Балканот) и Беличковски сум одбиен, а предложен ветеринарниот техничар. Во нивниот заклучок и предлог што само тој се чита пред советот стои: ′Врз основа на досегашната и целокупна активност на д-р Танас Трајковски во областа на наставата, научната и апликационата дејност и објавени трудови до изборот за доцент и вонреден професор до денес (44 трудови), имајќи ги во предвид Законот за насочено образование, Правилникот за избор на наставници при Универзитетот >Св.Кирил и Методиј< во Скопје, Статутот на Земјоделски факултет, објавениот конкурс и пријавените кандидати, членовите на Рецензетската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно- научниот совет на Земјоделски факултет, да го избере д-р Танас Трајковски, досегашен вонреден професор, со звање редовен професор по предметот говедарство′.

Се гледа дека овде многу струко се лаже, што не е бадијала. Исто така најголем законски престап и дрскост е учителот да ја оценува работата на неговиот ученик кој како него треба да ги воситува учениците. Одговорот е јасен: каков учител таков ученик. Учителот никогаш не издал учебник кога тој за тоа не бил способен. Затоа неговиот ученик останал неписмен. А се ова како би можело да биде без поткуп кога за еден ветеринарен техничар без ниеден објавен труд да се говори ′44 трудови′, а токму од 1961 година има скоро 44 години работен стаж.

Овде е битно што за мене стои: ′Пријавениот кандидат д-р Ристо Ивановски, на конкурсот за избор на наставник по предметот говедарство на Земјоделскиот факултет во Скопје, има пријавено некомплетна документација, па затоа неговата пријава не е земена во предвид′ . Како нивна редовна пракса, ова е се. Ама ове се не е без пари. Ветеринарниот техничар бил преуспешен, се поткупил. (За П.бр.3555/03 судовите решиле инаку, како што тие си сакале. Значи, не бил проблем некомплетни документи, туку тоа сум бил само јас неподобен: подобриот од нив непожелен, Р.И.)

Се гледа дека потплатената тројка 100% лаже. Веќе истакнав дека за истиот предмет се води судски спор, а сета моја документација е кај оваа матрапаска дрска разбојничка група. Не само тоа: кај нив има два примероци од првата моја книга која доживеа две изданија (354 и 519 страни, за третото со 629 страни се чекана спонзор) се наведени биолошки методи за потекло на човекот (ДНК, домашни животни итн.), се наведува втората книга со две изданија (159 и 334 страни) каде се наведени моите трудови и преку 150 објавени написи, деветтата книга Исхрана на говедата е испратена, десета и единаесета книга за потекло и еволуцијата, во пријавата ја наведив дванаесета за исхрана со крвни групи од март 2004 година со 334 страни и овде ја наведувам тринесетата книга со 331 страна која треба да се објави до 15 април 2004 со која секој Македонец треба да е горд што е Македонец. (Значи, некомплетноста била поради мојата комплетност, Р.И.)

Бидејќи сиот свој живот сум го посветил на мојата Македонија, со неа завршувам: ветеринарниот техничар ако физички не е способен да ја врши својата дејност, може да биде домаќин на факултетот. Бидејќи во факултетот се приложени два примероци од првата книга, исхраната е испратена и до професорот по исхрана, а двете други книги и до професорот по генетика, тие за книгите можат да кажат по некој збор, а мојот живот е само приватен. Се надевам дека кај нив и други има искреност кои ја сакаат нивната Македонија, зашто им посакувам се најубаво. Инаку по правило натрапниците се казнуваат и се стрпуваат взатовор″.

На 17.09.2004 до Наставно- научниот совет на факултетот следи ″Предмет: Приговор за избор наставник по предметот говедарство.

Од Вашиот факултет бев испратен на дообразување во капиталистичкиот свет, каде докторирав и одма се вратив да и помогнам на Р.Македонија, која за жал до денес нема кадар. Како мене од Вашиот факултет беа повеќе испратени. Тие како што ојдоа, дома си дојдоа. Ваков беше и безвредникот Ристо Илковски. Тој докторирал на предмет каде немаше наставник доктор на наука, срам за науката и струката. Тој цел живот си го поминал, без било што да работи. Ама како рецезент беше против мене на Вашиот факултет, Ветеринарниот факултет итн. Со тоа тој на моја сметка заработил, оти бил поткупен јас да бидам одбиен, а примени како него натрапници, општествени измеќари итн.

На Вашиот факултет редовно се јавувам на конкурс.Ама исто така, редовно одбиван. Примените кандидати со со звања добиени на Вашиот факултет со теми за поламатура и матура, злостор врз науката и струката. Досега повеќе пати поради мене не беше извршен изборот- се растури конкурсот. Таков беше по предметот говодарство за кого водев и судски спор.

Инаку на првиот конкурс по говедарство се пријави и ветринарниот техничар Танас Трајковски. Тој на поклон доби звање од Р.Иковски, со историски теми кои не со за во воведот на било каков стручен труд. Спротивно на законот, со заработување, тој мене ме одби, а го предложи неговото платено галениче за во пензија, чие звање би било добро дојдено за на надгробната плоча.

За неизвршениот избор и водениот судски спор во ′Дневник′ се повтори конкурсот. Јас се пријавив, каде наведив, дека за предметот се води судски спор и за наведениот конкурс сета документација со објавени трудови и нивни примери се во Вашиот факултет од кого не добив одговор и затоа зведив судски спор. Наспроти ова за избор на наставник поднесува извештај со невистина со поткуп агрономот Ристо Илковски и др. наведувајќи произволности за Т.Трајковски лице без ниеден објавен труд, учебник и книга, а за мене само една реченица, ′некомплетна документација′. Со тоа се заработи и Танас ′победи′.

При тоа се направи повреда за законски избор, каде безаконски и на насилнички начин сум одбиен. Покрај тоа Р.Илковски како носител на неговите ′звања′ не смее да биде член на Рецезентската комисија, дури тој е претседател итн. За ова до Вас испратив приговор за ветеринарниот техничар без ниеден објавен труд, а јас досега сум објавил вкупно 14 (четиринаесет) книги. На 16.09.2004 добив Ваш предмет од 14.09.2004 бр.02-1745/2 со Одлука од 8.09.2004 каде е избран Т. Трајковски за наставник, дури редовен професор. За ова се направија две повреди: јас овде непостојам што е спротивно за правилен избор и реизбор, дури звањето наставник редовен професор е навреда за наставничкиот кадар оти во него има способни и почитувани наставници кои ќе мораат да бидат на исто ниво со ветеринарниот техничар без ниеден труд. И на крајот постапката намерно ја развлекувавте за тој да биде наставник. Затоа со приговорот да се повтори изборот а ветеринарниот техничар да продолжи да си работи со својата ветеринарна струка-техничар″.(Вештачко осеменување а и букање, ...,Р.И)

На 14.10.2004 до Основниот суд Скопје IСкопје поднесов ″ТУЖБА

Составувањето на Рецензетската комисија, нејзиниот извештај за предлог и извршениот избор за наставник по предметот говедарство не се вршени според Законот за високо образование и Законот за работни односи кои се наведени во Одлуката на Наставно- научниот совет на Земоделскиот факултет. Се ова е направено на силециски начин, со невистини и непочитување на принципите при изборот каде треба да се избираат само лица кои ги исполнуваат условите за стручна и научна дејност. Избраното лице е без научно звање и

без стручни и научни трудови што се признава во Европа. Лицето го држи работното место само како наследно право што тој цел работен век бил вработен во Земјоделскиот факултет- Скопје. Поради ова со тужбата барам да се поништи изборот и тоа да се повтори од преостанатите кандидати. О б р а з л о ж е н и е

Јас од Земоделскиот факултет- Скопје бев испратен на доусовршување во Германија и Австрија. Таму работев како научен соработник 4 години, докторирав и одма се вратив во државата. Таа до денес нема сточарски кадар и затоа таа во Европа е последна. Бидејќи факултетот станал институција за внатрешни лица, јас не бев прифатен. Инаку досега сум објавил преку 150 трудови, написи итн. Исто така, сум објавил четиринаесет (14) книги. Од нив мноштво беа испратени за избор на наставник, што важи и со мојата деветта книга ′Исхрана на говедата′. Инаку мене не ми беше дозволено да објавувам во Земјоделскиот факултет, оти нивното списание било интерно само на вработените како што важи звањето доктор на наука. Токму за интерни лица со вакво интерно звање и нивни интерни писарии сум одбиван. Ваков беше избраниот кандидат и неговиот ′татко′ доктор.

Ристо Илковски од истиот Факултет беше испратен во Германија. Бидејќи тој за тоа не беше способен, се врати назад и ′докторира′ по предметот говедарство што го предаваше наставник кој беше само со завршен Земјоделски факултет. Ова не му пречи на Ристо Илковски кај него да магистрираат и докторираат лица икако тој нема објавено ниту една книга и е без трудови објавени вон факултетот како што јас го правев во Германија, Хрватска итн. Затоа тој неговите ′детенца доктори′ како рецезент ги предлага. Со тоа што тој тоа го правеше за Земјоделски и Ветеринарен факултет- Скопје, што важи и за Сточарскиот инстутут- Скопје, тој нема да си дозволи нив да ги предалага без тој на нив да не заработи. Истото важи за предложениот кандидат за кого е тужбата. Ова говори, дека најголем законски престап е тој што ′таткото на докторот′ да го предлага совоето ′детенце доктор′ кое уште непроодело, а веќе наврши 40 години работен стаж како ветеринарен техничар. Неговите звања магистер и доктор со теми за пола- и матура добре ќе му дојдат по неговата смрт што го чека секој смртник звањето да биде напишано на надгробната плоча на која ниеден студент нема потреба да му се поклони кога тој никогаш и не бил за наука и струка, туку само за приватен бизнис и тоа за производство на добиточна храна. Бидејќи тој и за ова не е образован тој зема соделници образовани луѓе доктори на наука.

Токму Р.Илковски беше виновен што Танас Трајковски како ветеринарен техничар пред пензија кај него ′магистрира′ и ′докторира′, значи, доби звање како трагикомедија за струката и науката. Тој од него беше предложен, потоа избран, а јас одбиен итн.

Бидејќи вет.техн.Танас Трајковски требаше да си оди во пензија, во 2002 година се објави конкурс за истиот предмет. Јас се пријавив, изборот не се изврши токму поради мене, како што го прават многу често. Затоа јас во Вашиот суд заведив судски спор XIII П.бр. 3555.03. Конкурсот беше во ′Нова Македонија′. Иако судскиот спор беше во тек, го променаа весникот. Се повтори конкурсот во весникот ′Дневник′ на 2 април 2004 година. На 3 април 2004 се пријавив. Во пријавата наведив дека за истиот предмет ′се води судски спор П.бр.3555/03′, како и дека сета документација, листа на трудови, сите трудови и книги кои ги испраќав се додека не поднесов тужба, се најдуваат во Земјоделски факултет.

На сцена стапува Ристо Илковски наставник во пензија жеден за заработка, кога тој се служи со невистини и како ′рецезент′ наведува во рефератот: ′се пријавија кандидатите: д-р Танас Трајковски, вонреден професор на Земјоделски факултет во Скопје и д-р Ристо Ивановски′. Во извештајот за ветеринарниот техничар се гледа дека кутриот ништо не работел и затоа ништо самиот не објавил. Па како е можно ова ? Народот рекол, ако некој ти пречи него постави го наставник, тој само ќе предава, друго ништо нема да работи... Бидејќи Р.Илковски и тој ништо никогаш не работеле, тој него го предложи. За тој да ја сврши работата, добро да заработи како одлично поткупено дериште, за мене соопштува: ′Пријавениот кандидат д-р Ристо Ивановски, на конкурс за избор на наставник по предметот говедарство на Земјоделски факултет во Скопје, има пријавено некомплетна документација, па затоа неговата пријава не е земена во предвид′. Всушност, тој и неговиот подмитант никогаш не биле комплетни за сточарската дејност затоа македонското сточарство е последно во Европа кога него го водат лаици.

Јас ова го обжалив и добив одлука на 16.03.2004 со која се потврди изборот. Почитувајќи ја нивната правна поука на 17 септември поднесов жалба. Бидејќи до денес не добив одговор, ја поднесов тужбата.

Исто така, наведувам дека против лицето Р.Илковски, Танас Трајковски итн. имам објавено написи во кои истакнувам тие никогаш не се бавеле со струка и наука, на македонското сточарство му нанеле огромно зло и затоа нив треба да им се забрани со нивно понатамошно делување. За да се спаси Р.Македонија од заостанатост, треба да се прифати било кој закон за високо образование од Европа каде добиваат работни места само најдобрите и најспособните, а не натрапниците. Бидејќи универзитетите се државни, не е дозволено нивно приватизирање, зашто до денес страда државата. Во неа сите граѓани ги имаат сите права: да бидат бирани и да бират. Во случајот е само силеџиски чин. Затоа завршувам со почетокот, овие лаици немаат никакво стручно и научно звање, туку тоа е само нивно социјалистичко самоуправно право од кое Р.Македонија и нејзиното сточарст-во никогаш нема да се ослободи. Значи, никогаш нема да се унапреди.

Прилог: Приговор за избор наставник по предметот говедарство од 17.09.2004. Тужител″. (Една цела година од судот нема одговор, Р.И.)

На 01.11.2005 до Основениот суд следи ″ПРИЛОГ КОН ТУЖБА

Во тужбата наведив: ′со тужбата барам да се поништи изборот и тој да се повтори од преостанатите кандидати′. Ова се истакнува само поради тоа што според законите и нормите за наука и струка внатрешното избрано лице не смеело да биде избрано за наставник во Земјоделски факултет- Скопје кога тоа самостојно нема објавено ниеден труд. Ова се гледа во ′Реферат за избор на наставник по предметот говедарство на Земјоделскиот факултет во Скопје′. Токму со ова е направен најголем престап. Овој дури е зголемен кога тој без ниеден самостоен труд и никаков учебник кој мора да биде само на македонски јазик, службен јазик во Р.Македонија, од вонреден професор е унапреден ′во звањето редовен професор по предметот говедарство′. Ова е наведено на крајот на заклукот и предлогот.

Во заклучокот и предлогот на стр. 6 се наведени невистини. Од ова се истакнува само извадок: ′Врз основа на досегашната целокупна активност на д-р Танас Трајковски во областа на наставната, научната и апликативната дејност и објавените трудови во изборот за доцент и вонреден професор до денес (44 трудови), имајќи ги во предвид Законот за насочено образование, Правилникот за избор на наставници при Универзитетот >Св.Кирил и Методиј< во Скопје, Статутот на Земјоделскиот факултет...′.

Невистината се гледа во неговата приложена листа на трудови во 2000, 2001, 2002, 2002, 2003, 2003 година, а на стр. 2, 3, 4 и 5 се наведени објавени написи на повеќе автори под број: 1, 2, 4, 5, 7, 8 како и необјавени на повеќе автори под број 6 (2003 година кој бил во печат дури во април 2004 година кога бил објавен конкурсот), 9 (овој бил во 2004 во печат), 10 (2004 година во печат), 11 (2004 година во печат). Дури го нема бројот 3 (три).

Се заклучува, внатрешниот избран наставник како професор во 2000, 2001 и 2003 година вкупно коавторите објавиле 6 написи, а само во 2004 останало да се објават вкупно 4 написи. Ако се земи во предвид дека тие сите биле во Р.Македонија, значи, интерни, се гледа како се избираат наставници.

Мора да се истакне како се изигрува конкурсот. Во ′Дневник′ на 02 април 2004 година се наведува: ′...Кон пријавите кандидатот треба да приложи: диплома, куса биографија, список на научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите...′. Овде стои список на трудовите. Ваков авторот нема. Како што нив ги нема, ги немал приложено ′по еден примерок од трудовите′ сите пред 2000 година, значи, разликата од ′44 трудови′. Наведените написи од 2000 и 2003 година не се список, ниту ′44 трудови′. Овој треба да ги опфаќа сите ′44 трудови′. Овие биле објавени, што во рефератот никаде не може да се види. Бидејќи кандидатот не ја поднесол листата на објавените трудови, ниту нив сите поединечно, а јас си земам за право да истакнам написи објавени само во Р.Македонија, а не вон неа, како што важело за мене трудови во Германија и Хрватска, тој не смеел да биде кандидат, оти тој ′има пријавено некомплетна документација′, што важело само за мене. Тоа што јас овде кај мене не ја наведувам Р.Македонија не е случајно. Токму мене Земјоделски факултет- Скопје не ми дозволуваше кај него да објавувам, неговиот Билтен бил само за внатрешни лица. Само така

тие можеле да унапредуваат, можност која мене не ми беше дозволено. Наведеното се истакнува во мојата објавена книга ′Исхрана на говедата′, испратена до наведениот факултет. За повредите се говори во мојот приговор за избор наставник по предметот говедарство од 17.09.2004, што беше прилог на мојата тужба.

Инаку во тужбата имав наведено: ′...досега сум објавил преку 150 трудови, написи итн. Исто така, сум објавил четиринаесет (14) книги. Од нив мноштво беа испратени за избор на наставник, што важи и со мојата деветта книга >Исхрана на говедата<. Инаку мене не ми беше дозволено да објавувам во Земјоделски факултет...′. Само да додадам: на крајот на јануари 2005 година ја објавив петнаесетта книга со преку 330 страни, во април 2005 година шестнаесетта книга со 414 страни и во октомври седумнаесетта книга со 417 страни. Ако се најдат средства, до декември 2005 ќе биде објавена осумнаесетта книга со преку 230 страни. Сите книги, трудови и написи се само мои, самостојни.

Се гледа огромна разлика меѓу мене и избраното лице. Јас се борам да опстојам во полза на мојот македонски народ, а него несоодветни лица му нанесуваат штета.Токму затоа јас се борам против сите непријатели на мојот македонски народ, неговото сточарство итн. Секој кој него ќе го навреди и повреди, дури стопански оштети, ќе го навредувам и понижувам. Наспроти ова, од наведениот факултет не сум прифатен и навредуван. Бидејќи уредно сакам да ја водам постапката, во случајов ги наведувам фактите кои се барани од мене.

Се наведе, наставникот не поднел листа на трудови и поединечно по еден примерок од сите трудови. Според конкурсот ′некомплетните и ненавремените доставени документи нема да се земат на разгледување′. Бидејќи наставникот не ја поднел листата на трудови и по еден примерок од сите ′44 трудови′, неговата пријава мораше да биде отфрлена. Токму затоа тој не смееше да биде избран.

Иако состојбата е ваква, тој не беше одбиен, а во референтот на стр. 5 стои: ′...Пријавениот кандидат д-р Ристо Ивановски, на конкурсот за избор на наставник по предметот говедарство на Земјоделски факултет во Скопје, има пријавено некомплетна документација, па затоа неговата пријава не е земена во предвид′.

Ова не е вистина, затоа што во мојата пријава од 03.04.2004 наведив: ′ПРИЈАВА. Со неа се пријавувам за Вашиот конкурс за избор на наставник во сите наставно- научни звања, по предметот говедарство. Бидејќи кај Вас сум редовен кандидат, редовно испраќам пријави со сета документација, што ја барате во кокурсот објавен во Дневник на 02.април 2004 година, соопштувам само она што стои во пријавата за истиот предмет, за кој се води судски спор П.бр.3555/03 во Основниот суд Скопје I во Скопје... Во колку е неопходно, стојам на располагање дополнително да испратам се што ќе побарате...′. Се гледа, судскиот спор за истиот предмет уште бил во тек, сета документација била во наведениот факултет. Токму затоа не било можно таа да биде повлечена и повторно поднесена на конкурсот. Како што во претходните конкурси документацијата не била вратена, истото важело за предметот за кого се водел судскиот спор П.бр.3555/03. Се ова не е случајно.

Ова се образложува: јас сум роден на 04.10.1945 година, докторирав во Виена на 04.11.1976 година. Имам работен стаж од 04.11.1972 до 20. 05.1991 година. Потоа изгубив право навработување. Во референтот за наставникот стои: тој бил роден на 14.09.1940 година. Го завршил Средно ветеринарно училиште. Другото во референтот не е вистина. Тој по завршувањето се вработил само како ветеринарен техничар. Работел во самиот факултет, каде дошол до се она што е, редовен професор. Со то тој како ветеринарен техничар исполнил 40 години работен стаж: 1940 година + 20 години по средна школа = 1960 година + 40 години работен стаж = 2005 година.

Тоа што јас сум непожелен во Земјоделскиот факултет е и поради престиж. На факултетот беше одбиен програмот за РО ′Бентомак′- Крива Паланка, а прифатен мојот. Со него моите производи ги истиснале оние на рафинеријата ИНА од Хрватска. Ова беше повод, ние неа да ја истиснеме од Македонија, Србија итн. На мој предлог во АД Квасара- Битола се справува препарат за потсирување на млеко итн. Па се ова е повод, зашто јас сум непожелен, а не дека јас ги навредувам непријателите на македонското стопанство со интерни звања, со важност само во Р.Македонија. За жал ваква е вистината.

Само да дополнам за избор на наставници од следните конкурси: Во 1990 година се пријавив на конкурс. Со предмет бр.03-503 од 23.03.1990 ми се соопшти, не се извршил избор. Секако, виновен сум бил само јас. Токму само поради мене предметот немаше наставник. Сега него го предава лице, кое како рецезент е трет по ред во рефератот од 2004 година, предмет на прилогов.

Во 1995 година, одма по добивањето звање доктор на наставникот против кого е тужбата, со ист рецезент за кој подолу се говори, кој е прв во рефератот за кого е тужбата, тој беше избран, а јас одбиен. Иако јас морав да го добијам рефератот, тоа не се случи.Ова било неопходно јас да не ја сознам вистината дека наставникот немал објавени самостојни трудови, што важи и денес, внесено погоре. На ова самоволие протестирав. Нивниот одговор бил дека јас сум бил тендеционален и навредувам. Нека биде така, тој и во 2004 година безниеден самостоен труд е реизбран за наставник. Иако спротивно на законите за високо образование кои важат во Европа, но не кај нас со самоуправни закони, јас навредувачот сум на улица, што неважи за навредуваниот реизбран наставник и оние кои него го предложија и избрале. Во рефератот постои рецензија за моите објавени трудови.

Во 1996 година јас бев одбиен, а примено внатрешно лице без самостојни трудови објавени во Р.Македонија. Во истиот реферат се наведени моите трудови објавени само во странство. Се гледа, за мене немаше потреба да се врши рецензија, таа вторпат била извршена итн. Овде е истиот рецезент, за прилогов на тужбата прв рецезент.

Од изложеното барам, како што наведив на почетокот на прилогов: ′Со тужбата барам да се поништи изборот и тоа да се повтори од преостанатите кандидати′.

01.11.2005 Битола Д-р Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21...

Прилог: Реферат за избор на наставник по предметот говедарство на Земјоделскиот факултет во Скопје (фотокопија)″.

На 27.12.2005 до Основен суд Скопје I Скопје, за П.бр.3556/04, испратив ″ДОДАТОК КОН ТУЖБАТА

Во весникот ′Дневник′ на 2.04.2004 беше објавен конкурс, а на о1. 10.2005 започна наставата. На 31.10.2005 и 26.12.2005 имаше две сретнување по 4 минути, без да се одржи расправа. Тужителот како губитник, обесправничко искуство, нема да му плати на застапникот само за среттнување и негови формалности за развлекување на судската расправа и тоа само за лични цели, само на штета на сточарството од несоодветнно лице, порадишто е тужбата. Тужителот ќе плати само една расправа. Исто така, тужителот предага да биде ослободен од трошоци за судењето и за застапникот, и тоа се додека тој не се вработи. Поради материалната состојба натужителот постои можност, тој на 06.03.2006, во 9,20 часот, да не учествува. Поради ова расправата да се одржи и без присуство на тужителот.

Застапникот првото сретнување го злоупотреби за допрецизирање на тужбата: таа е најпрецизна во Земјоделскиот факултет- Скопје што тој го застапува.Тужителот до денес не смее да ги допрецизира силеџиските дејанија на Земјоделскиот факултет вршени само врз тужителот. Токму овој успеал да биде научен соработник од 02.11.1972 до 04.11.1976 во Германија, а во Австрија да докторира. Ова е воспротивност на оние од Земјоделскиот факултет, кои таму отидоа, престојувале и како такви се вратија. За нив беа успех само девизни дневници. На второто сретнување на застапникот му недостасувале конкурсот на Земјоделскиот факултет, што го застапува. Ако тужителот го нема конкурсот, тој мора да го изгуби спорот. Дури тој не го добил приговорот. Ако тужителот го изгубил приговорот, а тужбата на тужениот би била тој да не биде убиен, без приговорот судот на тужителот главата ќе му ја отсечи. Токму ова го бара застапникот. Ако тој како застапник не си ги насобрал потребните документи од оној што го застапува, неговата залутаност еогромна. Дури прилогот до судот Приговор за избор наставник по предметот говедарство од 17.09.2004 не бил битен.

На 26.12.2006 тужителот замоли да се одржи расправа, а конкурсот и приговорот нахнадно ќе го испрати. Ова не го прифати застапникот. Како од пушка овој одговори: ′Кога ќе ги добијам конкурсот и приговорот, на се ќе дадам одговор′. Меѓутоа, тој може да ги одговори само правничките работи, ништо друго. Токму тој за неправничките работи не е надлежен и не е достоен да одговори. Истото важи за наставниците, кои докторирале со историски теми, без било каква врска за наука, зашто тужителот има пишувано во јавни гласила. Бидејќи досега тужителот никој не го тужил, се е јасно. Исто така, само тужителот има ра-

ботено во научна установа во Германија, докторирал во Австрија, објавувал трудови вон Македонија, има мноштво книги итн., што не важи за наставниците во Земјоделски и Ветеринарен факултет во Скопје, Вишата земјоделска школа- Битола и стручните лица во Институтот за сточарство. Иако во овие установи само тужителот ги исполнува условите за научна и стручна работа, само тој е без работа. Ова е повод застапникот да донесе само материјални докази од правничкиот делокруг, а не дрдорење за наука и ука за сточарство и ветеринарство. Токму овој со тоа никогаш не се бавел.

Застапникот не смее да изуми, факултетите се само наставни, институтите само научни установи. Бидејќи звањето доктор е научно, тоа може да го доделат факултет и институт. Со тоа што сточарската катедра е во Земјоделскиот факултет, Институтот за сточарство посебна установа, а звањето доктор го доделува само Земјоделскиот факултет, овој не важи. Исто така, бидејќи Институтот за сточарство нема сточарски кадар да се бави со наука, тој не може да учествува во доделување звања доктор. Ова се потврдува со тоа што тој досега никогаш не се бавел со наука. Ова се образложува и со тоа што по предметот говедарство на наведениот факултет бил наставник само лице со завршен Земјоделски факултет. На неговиот предмет докторирале првиот член на Рецензовата конисија (предмет на тужбата), од овој избраниот наставник (предмет на тужбата) и магистрите и докторите по говедарство во Институтот за сточарство со теми за поламатура и матура, срам за науката. Токму затоа ниеден труд не е објавен. Па тие се срамат од звањата кои се само со формален карактер итн. И на крајот учебник по говедарство има издадено само наставникот со завршен Земјоделски факултет, а не членовите на комисијата за рецензии од Земјоделскиот факултет, ниту избраниот кандидат, никако лицата од Институтот за сточарство.Всушност, тие ништо немаат напишано. Тие си поминале убав живот, без ука и наука.

Бидејќи постои можност, тужителот да не биде присутен на единствената расправа, тој со додатоков ја завршува расправата.

Предлогот и изборот за наставник како доцент, вонреден и редовен професор не е извршен според член 133, од Законот за високообразование. За доцент се бара, кандидатот да е доктор. Бидејќи звањето доктор е научно, трудот мора да биде објавен. Само така, неговите истражувања ќе бидат достапни за научната и стручната јавност. Бидејќи трудот не е објавен, тој е тајна за лицата кои треба да знаат дали лицето се бавеле со наука. Токму затоа неговото звање е факултетска тајна, без важност за на конкурс. Исто така, се бараат трудови. Тој такви нема. Неговите се само писарии, дури полоши од на новинари читани од купувачите на новини. За вонреден професор се бара самостојни трудови. Вакви тој нема. Исто така, тој нема ни самостојни писарии. За ова звање наставникот треба да има објавено, во множина, учебници. Вакво нешто тој нема. Другото наведено, за наставникот е излишно итн. За редовен професор се бара уште повеќе. Иако тој не ги исполнува условите за доцент, тој бил предложен и избран за редовен професор.

Се потсетува застапникот, тужителот на силеџиски начин е одбиен. Ова произлегува поради тоа што тој по ред испраќал комплет документи и поедини книги, а тие назад не се враќале. За тужителот во Земјоделскиот факултет се извршени рецензии. Дури за истиот предмет- говедарство, на ист конкурс, за тужителот и предложениот-избраниот. Значи, за тужителот е се завршено. Во предност е само тужителот. Овој објавувал книги (исхрана, две за еволуција, други со домашни животни итн., сите испратени до Факултетот, наведено во пријавите), трудови и написи. Бидејќи тужителот не е избран, застапникот мора да образложи само за избраниот пензионер. Никој не може него да му го оспорува правото тој да говори за конкурсот, приговорот и комплет документи. Ако важат нормите во Европа само тужителот ќе беше избран, ниеден наставник по сточараство на Земјоделски факултет. Конкурсите се само злоупотреба да се избере член на самоуправниот факултет. За него инвестира државата, а не наставниците, кои самите си се предлагаат и избираат. Кога во државата ќе важи ист европски закон за високо образование, се ќе се разреши.

Само да се повтори: на тужителот не му се испраќале документи-те, за тој да не тужи. Со вакви кадрова политика нема ука ниту наука. Затоа Р.Македонија заостана во сточарството; со препораката се изигрува Наставно- научниот совет (се шират невистини); со неа тој се излага, наставникот нема ниеден труд, а не 44; нема рецензија, што се гледа што за ниеден напис нема цел и ефект на пишаното- само листа со свој редослед на заеднички написи;

збирни написи, со што се изигрува законот (пример: 5 x 5 = 25. Во случајов 5 автори немаат вкупно 25 написи, туку само 5); наставникот кој доделува звање го предлага својот миленик- неозбилни дејствија на штета на државата итн.

Завршен збор, што во двата предмети беше напишано: ′со тужбата барам да се поништи изборот и тоа да се повтори од преостанатите кандидати′... Поднесител...Прилог: конкурс и приговор″.

″Врска: П.бр.3556/04 ПРИМЕНО 30.01.2006 ОСНОВЕН СУД Скопје I...
насрочен за 06.03.2006 г. ДО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I

Тужител: Ристо Ивановски Уло.Михајло Андоновски бр.6/21

Тужен: Факултет за земјоделски науки И храна Ъ Скопје

застапуван од РадеЈовчевски адвокат од Скопје Ул,11 Октомври...

Основ: работен спор ОДГОВОР НА ТУЖБА

Тужениот Факултет за земјоделски науки и храна го оспорува тужбеното барање на тужителот Ристо Ивановски во целост од следните причини:

Наводите на тужителот изнесени во тужбата со кои тврди дека тужениот ја повредил постапката на избор на наставник по предметот говедарство по конкурсот од 02.04.2004 г. не се основани бидејќи изборот е извршен во согласност со Законот за работни односи, Законот за високото образование и Единствените критериуми за избор на наставно- научени, наставни, наставно- стручни и соработнички звања донесени од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија на 20.02.2003 г.

Доказ: Увид во документите на тужениот за извршениот избор по конкурсот од 02.04.2004 г., во прилог.

Во тужбата тужителот како главен аргумент за оспорување на изборот на избраниот кандидат ја наведува неговата стручност.

Тужителот нема законско право да го оспорува извршениот избор од вакви причнин ниту пак судот може да ја утврд стручноста на избраниот кандидат. (Само според трудови... книги..., предвидено со Законот..., Р.И.)

Дали избраниот кандидат ги исполнувал условите од конкурсот во делот на неговата стручност било предмет на утврдување на рецензентската комисија по чиј предлог Наставно- научниот совет на тужениот ја донел одлуката за избор. (Спротивно на Уставот, Законот зависоко образ...,Р.И.)

Од тие причини му предлагаме на судот откако ќе ги изведе предложените докази да донесе одлука со која тужбеното барање на тужител-от Ристо Ивановски од Битола ќе го одбие неосновано/ И ќе го задолжИ истиот да ги надомести трошќоците на постапката на тужениот″.

Застапникот ги приложи конкурсот, Одлуката за избор на наставник, решение за распоредување на работно место, Билтен бр.852 од 1 јуни 2004 за рефератот за кого е извршен изборот со групните писарии и Универзитетски гласник бр.25 од 7 март 2002 година. Овој тој не го исполнил.

На 22.02.2006 до Основниот суд Скопје I Скопје испратив предмет ″ОДГОВОР НА ОДГОВОР НА ТУЖБА

Денес, 22.02.2006, го добив одговорот на тужба. Со неа се потврдува дека тужителот е во право кога тој кажува дека избраниот нема магистрирано ниту докторирано. Ова се гледа по тоа што неговите трудови за магистратура се историски, кои не се за дипломски работи, камо ли за научно звање: магистер и доктор. Ова се гледа по тоа што тој магистрирал на 15.05.1982 и докторирал на 09.04.1993. Никаде не стои каде тој нив ги објавил. Бидејќи научните звања се јавни, кои мораат да бидат објавени и на увид на стрчната и научната јавност, тој нема магистрирано и докторирано. Ова е повод што неговите трудови како такви се кријат во фиоките како негова и факултетска тајна, што не може да има врска со струка и наука.

Адвокатот наведе дека никој ′нема законско право да го оспорува извршениот избор′ и ′неговата стручност′. Па токму според нив се извршува избор: научно звање и објавени трудови. Тужителот кога докторираше во Виена, тој прочита заклетва, со која истакна дека верно ќе и служи на науката, нема да се служи со фалсификати, инаку звањето доктор ќе му биде одземено...Што значи, за некој да се бави со наука, тој мора да го има објавено својот

научен труд со што ќе може да се види дека тој се служи со вистина, само со вистина, а не со фалсификати. Со тоа што на избраниот ′научните′ трудови не се објавени, не може да се види дека тој нешто работел или тоа е само плагијат на некој друг автор. Токму затоа научното звање е предмет на оспорување, а не лично звање кое ќе биде напишано на надгробната плоча на мртовецот, оти тој само како доктор умрел, ама не научник. Истото важи и за тужителов со избраниот пензиониран ветеринарен техничар. Вториов како вработен во Земјоделскиот факултет од него добил диплома за завршен факултет, за магистер и доктор, дури станал наставник со сите звања, привилегија што ја нема секој граѓанин, со исти права како пензионираниот ветеринарен техничар без објавен ниеден научен труд според кого се врши избор итн. Значи, ако тој не бил привилегиран, тогаш тој звањата ги купил. Не случајно, тужителот при првиот конкурс, во 1995 година, го оспоруваше неговиот докторат. Ова останува на сила затоашто секој граѓанин може да оспорува научно звање. Ако ова не е така, тоа не е научно, туку само силеџиско звање. Ова се гледа и по тоа што звањата се доделени од лице кое докторирало кај предмет со наставник кој не бил доктор. Дури се прави најголем престап, кога ′таткото′ на докторот го предлага својот пуленик, во рефератот: Ристо Илковски- претседател на Рецезентската комисија итн.

Се гледа дека во предметот на адвокатот стои ќ на Галичанецот Ѓурчин Кокале, кој е познат како Вуков, кој се најдува во Билтенот на рефератот, на стр.86 на првата писарија на избраниот. Се гледа дека директ-но постапката ја води Земјоделски факултет. Исто така, на Билтенот со хемиско стои: проф.др.Танас Трајковски. Значи, збирна одбрана: на Факултетот и избраниот, против тужителот поради кого по ред од 1990 година се растураат конкурси и се избираат интерни лица со интерни звања, никаде не објавени- тајни за научно-стручната јавност. (Патенти на Тесла, Р.И.)

Во одговор на тужбата стои и: ′...Единствените критериуми за избор на наставно- научни, наставни, наставно- стручните и соработнички звања донесени од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија на 20.02.2002 г.′. Ова е во спротивност, што јас го приложив во додаток кон тужбата. Битно е едно, за избор на наставник важат оние постарите критериуми кои важеа кога постоеше СФРЈ со многу посоодветен однос отколку што е случај за внатрешните избори со никакви критериуми. Бидејќи Р.Македонија сака да влезе во Европска заедница, важат нејзините закони според кои не може да биде избран за наставник лице без меѓународно признат докторат, за кого во Европа неговиот труд мора да е достапен, а не за во фиока. (Да не му ги украдат патентите на Н.Тесла, Р.И.)

Па токму и ′Единствените критериуми′ како такви избраниот не ги исполнува за доцент. Во рефератот, под 3, се наведени писарии објавени: 1) во Факултет и Стопанство- Скопје (не е научен, само информација); 2) во Струга, симпозиум (исто како под 1); 3. го нема; 4) (информаци-ја за В.Британија); 5. (само информација); 6. (информација за Норвешка); 7. (информација); 8. (информација за ′кај нас и во светот′); 9 (само...само информација, ништо повеќе); 10. (информација за расовиот состав во Р. Македонија, ништо и секогаш ништо повеќе) и 11. (информнација за ′технологијата′, никако и никогаш повеќе). Сиве овие писарии се на повеќе автори Пример, место 5 лица по 5 писарии вкупно да имаат 25 писарии тие заедно се 11, без под број 3- само 10. Значи, избраниот пензиониран ветеринарен техничар нема ниедна самостојна писарија. Никаде не паѓа збор за стручни и научни трудови.

Токму затоа избраниот не ги исполнува ′Единствените критериуми за избор во наставно- научни, наставни, наставно- стручни и соработни-чки звања′, приложено кон одговор на тужба. Кај ′Единствени критериуми′ за избор во звање а) Наставно научни звања, под член 7 стои: ′научен степен доктор на наука′ во оспорителна постапка од страна на тужителот од 1995 година кој бил избран за доцент без ниеден труд, оти првата негова писарија била од 2000 година (Билтен). Со ова др потврдува, тој никогаш не се бавел со струка и наука, потврдено до денес. Ова е повод, што тој не го исполнува вториот став од член 7 ′објавени најмалку 3 научни трудови′. Со тоа тој тој не го исполнал третиот став. Како ќе ги исполнува кога тој треба да има издадено според четврти став ′издадено интерна скрипта од вежби или практикум, или најмалку 10 стручни (научно- популарни) трудови′, а тој има само збирни писарии, НИШТО ДРУГО; тој како ваков не е способен да го исполнува и последниот став учество...Се ова се потврдува со она што следи: ′Научните трудови од став 1 на овој член треба

да бидат водечки (главен) автор (само 6 писарии на колектив писари, а не само негови информативни написи кои не се за дневни весници), треба да бидат објавени (вакво нешто не постои) или преставени (пред ненаучни лица од фармите во кои има агрономи и техничари) на начин на кој струката му признава меѓународно значење (само во Р.Македонија, никаде вон неа) или значење за националната или за државната самобитност или култура (за општествени науки)′.

Значи, тој не бил магистер ниту доктор на наука и не ги исполнил условите да биде избран за доцент на Земјоделски факултет.

Со приложеното се гледа, избраниот за наставник со лаги бил избран за наставник од 1995 година. Ова се гледа по тоа што тој нема објавен ниеден труд. Напротив, во Билтенот постои заклучок и предлог со кого пензионираниот ветеринарентехничар не бил избран за она што има завршено, а во него се ЛАЖИ: Тој ′областа на наставата, научната и апликативната дејност и објавените трудови до изборот на доцент и вонреден професор и потоа до денес (44 трудови)...′. Бидејќи тој нема ниеден труд, а не 44, ′Наставно- научниот совет на Земјоделскиот факултет′, во кого има и надворешни лица, е излаган, Рецензовата комисија треба да се гони по службена должност. Што тоа до денес не е направено, веројатно ваквата постапка се употребува за други лица.

Бидејќи за мене има рецензија во 1995 година кога јас приложив трудови, а тој тогаш се до 2000 година немаше ни една објавена писарија, нема збор за некомплетни документи. Токму вакви во Факултетот има многу мои комплетни невратени документи, со мноштво книги: исхрана на говеда, еволиција итн.

Токму поради од 1995 година избраниот лаик, во прав смисол, јас сум навреден, понижен, материјално оштетен и стручно- научно уништен. Иако ваква е состојбата, јас објавив вкупно осумнаесет (18) книги, со околу 4000 страни, формат А5. Напротив, избраниот ветеринарен техничар нема ништо објавено, а до денес предметот кој го предава, поткупувајќи ја Рецензовата комисија, со ист член за кого се води спорот кој исто така ништо нема објавено, двата предметот го предаваат според наставник само со завршен Земјоделски факултет. Значи, овој исполнил некои услови, а рецензентот и избраниот ниеден. Се друго што беше наведено во претходните предмети важи. За нив преставникот не приложи ниеден доказ. Ова важи и да бидам ослободен од трошоците, се додека не се вработам, што го имам тоа граѓанско право. Ова е повод да не земам адвокат, а не таков да плаќам на тужениот кој намерно ја развлекува постапката.

Поради се кажаното, барам да се укини изборот и изврши избор од преостанатите кандидати.

Моето вакво водење на постапката е поради тоа што како невработен немам средства за патни и дневни трошоци. Поради ова постои можност, на расправата нема да дојдам. Ако јас не дојдам, молам таа да се одржи во мое отсуство, зашто се заблагодарувам. Тужител...″.

На 31.03.2006 е ″Предмет: Закаснат или намерно затаен одговор.

На 06.03.2006 беше договорено, Земјоделскиот факултет да се произнесе на мојот Одговор на одговор на тужба, што беше изјавено од страна на тужениот. Бидејќи до денес, 31.03.2006, не добив одговор, моите наводи во сите мои предмети 100% се потврдуваат. Со цел на 19.04.2006, 11, 20 часот, конечно да се заврши расправата, за судскиот спор со кого веќе одминаа две наставни години, го приложувам мојот предмет. Застапникот на Земјоделски факултет, во колку и овој предмет не го добие, истиот е моја изјава. Ова е само поради тоа што,јас и ако дојдам, со овој предмет, кој се надоврза на претходниот, воглавно се е кажано. За преостанатото стои во тужбата итн.

Овде истакнувам само нешто:

1. Од 1995 година го оспорувам неговото звање магистер и доктор. Ова право го има секој граѓанин. Ова произлегува поради тоа што овие звања како научни се јавни. Ова се потврдува по тоа што звањата не се објавени. Поради тоа тие не постојат, или се фалсификати или плагијати. Нивното оспорување до денес важи. Тоа што Земјоделскиот факултет не поднел кривична пријава за злупотреба на звањата само за приватни цели е потврда дека ова лице не е единствено.

2. ′Татко′ на звањата е и рецезент, две работи неспоиви и незаконски. Бидејќи ова е вака, кога има интерес има поткуп. Ова беше во 1995 година кога тој беше избран за доцент, што се повтори кога тој беше избран за вонреден професор, а се заврши во случајов за редовен професор. Значи, ништо не е случајно.

3. Примениот кандидат не е доктор. Поради тоа тој не ги исполнува условите за доцент, а тој е избран за редовен професор. Ова се потврдува и по тоа што тој нема ниеден самостоен труд, ниту учебник. Затоа тој 100% не ги исполнува условите за избор и реизбор на наставник.

4. Ова се потврдува по тоа што тој е избран со НЕКОМПЛЕТНИ ДОКУМЕНТИ, недостасуваат два документи:

а) Во рецензијата нема 44 поединечни трудови.

б) Во рецензијата нема листа со вкупно 44 труда.

5.Тој е избран само со лага. Имено, Рецензовата комисија го излага Наставно-научниот совет. Нејзиниот претседател, мој рецезент и ликвидатор, прочита дека тој имал 44 труда, а тој нема ниеден, туку само 10 интерни писарии со одлика на ветеринарен техничар, кој никогаш и друго не бил. Тоа што Факултетот не поднел кривична пријава, и тоа по службена должност, е потврда дека во него има други како него.

6. Јас имам повеќе комплети на документи кои назад не се вратени. Значи, проблемот за некомплетни документи е измислен.

7. За мене од 1995 година има извршена рецензија. Таа е вршена од ист рецезент, кој е и сега. Како пракса на Факултетот, јас рецензијата не ја добив. Иако тоа го барав писмено, за мене таа не беше достапна. Со ова се потврдува на нечесното дејствување на личностите на Факултетот, кои него го приватизирале, а тој не е приватен, туку државен. Државата со државни средства финансира неработење, што се одразува штетно врз државата, што е казниво.

8. Рецензијата покрај за мене важеше и за примениот кандидат. Овде постои само една разлика: тој од 1995 година нема објавено ниеден самостоен труд. Исто така, тој нема објавено ниеден самостоен напис, што важи и за писарии. Тој има само 10 групни писарии, објавени во неговиот Факултет. Напротив, јас сум објавил самостојно 18 книги, преку 200 трудови и написи. Овие се објавени вон Земјоделскиот факултет, каде ми е забрането да објавувам- да не напредувам со факултетски писарии. Исто така, сум објавувал во Германија и Хрватска.

9. Во Р.Македонија ми е забрането да објавувам. Оваа забрана се гледа и од службениот предмет испратен лично до мене од Рецензентот. Овој наведува дека Билтенот на Земјоделскиот факултет- Скопје бил само за вработените на Факултетот. Вработен до денес е примениот кандидат, кој до денес ништо нема објавено. За предметот од Рецензентот пишувам во мојата книга, Исхрана наговедата. Токму оваа е испратена до Факултетот, што го правев на конкурс, што важи и за три други книги: во нив се пиши за потекло, еволуција итн. Првата моја книга, од 1998 година, е испратена дури на двапати.

10. Следејќи ги списанијата и часописите по сточарство во СФР Југославија, како што е Билтенот на Земјоделски факултет- Скопје, никаде не сум видел објавен труд или напис на примениот кандидат. Ова говори, дека тој ништо не работел, сладок живот си поминал, нанесувајќи и штета на македонското сточарство, директно од него, и индиректно со од него произведениот кадар кој не можел да биде подобар од него.

Како што беше, истото е и денес. Ова е жалосно, кога се тоа се прави без било каква промена. Ова се потврдува и денес што се гледа со сегашниот здружен заговор: Застапник, Земјоделски факултет и Наставник

Тие договорно го одвлекуваат судењето. Ова е во полза на пензионираниот ветеринарен техничар, кој непречено предава една година со претходниот судски спор и две години со овој судски спор. Значи, цели три години.

Токму затоа, било како било, повеќе нема одлагање.

З а в р ш е н з б о р: Укини изборот и изврши повторен избор од преостанатите кандидати.

Исто така, да бидам ослободен од судски трошоци се додека не се вработам. Не признавам трошоци за застапник, кој е на штета на науката и струката, значи на државата, а во

полза на непријатели на македонското стопанство, против кои отсекогаш се борам. Застапникот лично нека си го плати ветеринарниот техничар, кој ништо не работи. Тој има и други средства. Тој дури приватно произведува добиточна храна, што е казниво. Бидејќи тој е свесен дека тој не е образован за исхрана, што важи за предметот кој го предава итн., со себе како сосопственик зел доктор на наука (академик проф. д-р Ѓ.Ефремов, Р.И.), кој не докторирал во Македонија. Истото важи и за мене: јас имав свои проиводи во РО ′Бентомак′- Крива Паланка во Фабрика за добиточна храна со 50 вработени; на мој предлог е препаратот ′Кваско′ за потсирување на млеко во Фабрика за квасец и алкохол- Битола; на мој предлог се подигна фабрика за добиточна храна во Демир Хисат. Токму мојата активност е виновна, јас да бидам неподобен. Јас понатаму работам и творам, не сум на државни јасли, како оние од кои сум прогонуван.

Бидејќи состојбата е ваква, по завршување на судскиот спор, ќе поднесам кривична пријава и тужба против Рецезентот и Замјоделски факултет. (Бидејќи не сум материјално способен се откажав, Р.И.) Поради нив и слични на нив, Македонија до 1913 година беше пред соседите, потврдено од патеписци, а денес таа е последна″.

На 13.06.2006 до Основниот суд Скопје I Скопје испратив предмет за 28 П.бр.3556/ 2004 ″З А М О Л Н И Ц А

На 19.04.2006 беше одржана усната главна расправа. Од застапникот на тужениот беше даден писмен одговор. Бидејќи јас тој не го добив, не видов дали во него има произволности. Со ова се потврдува, за предметот беше доволно само за една расправа. Ова говори, само за едно застапување, кое јас би го исплатил по моето вработување. Истото важи за судските трошоци- во понатамошна постапка. Своето право застапникот на тужениот го злоупотреби.

Исто така, во дадениот писмен одговор од страна на застапникот на тужениот не беше приложен ниеден материјален доказ, кој би ги оспорил моите наводи. Најбитна беше заверената комјутерска листа за пензиски стаж, дури и фотокопија на работничката книшка која лесно се фалсификува, на пензионираниот наставник, и тоа само јас да не бидам избран наставник во Земјоделскиот факултет, со кого бес прекин се спорам од 1990 година.

На усната главна расправа, во записникот од 19.04.2006 стои: ′донесувањето и објавувањето на одлуката се одлага за 03.04.2006 година во 09,30 часот. Се соопштува на странките дека објавувањето ќе се одржи и во отсуство на странките′.

Јас замолив, поради трошоци не сум во состојба да дојдам. Исто така, и застапникот изјави, поради зафатеност и тој нема да биде присутен.

Замолницата ја пишам само поради тоа што јас досега не сум добил решение. Ова го пишам со единствена цел, да не бидам виновник-поради отсуство итн.- не сум добил решение. Во оваа пригода соопштувам, од Битола никогаш не сум бил отсутен.

Во надеж, да се прифати замолницата, се заблагодарувам″.

На 29.08.2006 до Основниот суд Скопје I Скопје испратив предмет

″З А М О Л Н И Ц А- повторена.

На 03.04.2006 година во 09,30 часот се донесе и објави одлуката за 28 П.бр.355/62004.

На 13.06.2006 се обратив со Замолница, со која завршив:

′Замолницата ја пишам само поради тоа што јас досега не сум добил решение. Ова го пишам со единствена цел, да не бидам виновник-поради отсуство итн.- не сум добил решение. Во оваа пригода соопштувам, од Битола никогаш не сум бил отсутен.

Во надеж, да се прифати замолницата, се заблагодарувам′.

Бидејќи до денес од Вашиот суд ништо немам добиено, ја повторувам замолницата. Исто така, наведувам, од 01.10.2006 година почнува третата наставна година за истиот предмет, на што му претходеше претходниот воден во истиот Суд.

Се надевам, ова ќе биде земено во предвид, со завршување на постапката до следната наставна година.

За наведеното се заблагодарувам″.

На 07.09.2006 за П.бр.3556/04, преку Основниот суд Скопје I- Скопје, до Апелациониот суд Скопје испратив ″ЖАЛБА ОД ТУЖИТЕЛОТ

Против пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје П.бр.3556/04 од 03.05.2006.

Тужителот во целост ја напаѓа пресудата на Основниот суд I Скопје П.бр.3556/04 од 03.05.2006 поради:

Суштествени повреди на паричната постапка;

Погрешна и нецелосна утврдена фактичка состојба;

Погрешно примена на материјално право О б р а з л о ж е н и е

Кога од 1990 година постанав член на ВМРО-ДПМНЕ и нејзин кандидат за пратеник, почнаа моите страдања. Дури со монтиран маратонски судски спор, кој го изгубив 7 : 6 останав без работен однос...Истото важи со судскиот спор со Земјоделскиот факултет, за чиј наставен предмет се водеше и води судски спор веќе четири години. За второв, П.бр.3556/04, од 01.10.2006 почнува трета наставна година.

Иако само јас имам работено во научна установа 4 години во Германија и докторирано во Австрија, како спротивност на кадрите во Земјоделскиот факултет- Скопје само со интерни звања, сум неподобен. Јас редовно се јавувам на конкурсите. Токму поради мене конкурсите редовно се растураат...

Ваков беше случајот за П.бр.3555/03, воден во Вашиот суд. Следи Пресудата од Основниот суд П.бр.3556/04 во која се одбегнуваат доказите:

Во Замолницата од 13.06.2006 наведив: ′На 19.04.2006 беше одржана усната главна расправа. Од застапникот на тужениот беше даден писмен одговор. Бидејќи јас тој не го добив, не видов дали во него има произволности. Со ова се потврдува, за предметот беше доволно само за една расправа. Ова говори, само за едно застапување, кое јас би го исплатил по моето вработување. Истото важи за судските трошоци- во понатамошна постапка. Своето право застапникот на тужениот го злоупотреби.

Исто така, во дадениот писмен одговор од страна на застапникот на тужениот не беше приложен ниеден материјален доказ, кој би ги оспорил моите наводи. Најбитна беше заверената комјутерска листа за пензиски стаж, дури и фотокопија на работничката книшка која лесно се фалсификува, на пензионираниот наставник, и тоа само јас да не бидам избран наставник во Земјоделскиот факултет...′.Втора замолница беше на 29.08.06

Најбитно е што Пресудата П.бр.3556/04 е преселективна. Избраниот, ветеринарен техничар, вработен во факултетот, го завршил факултетот и во него магистрирал, дури докторирал, со историска тема за поламатура и матура. Ова тој го добил од наставник кој магистрирал и докторирал кај наставник, кој не бил магистер ниту доктор. Со тоа што овој бил и негов рецезент, се потврдуваат самоволијата и личните интереси, недозволено самиот себеси да си се избира. Се ова било повод што тој нема ниеден самостоен труд, дури ниеден самостоен напис. Затоа тој бил избран со заклучок, во кој се наведени 44 трудови, своевиден фалсификат итн. Токму со фалсификатот е предложен и избран наставникот. Значи, Пресудата е донесена во штета на државата. Во неа намерно се одбегнува најголемото државно зло, фалсификатот.

Дека во Пресудата не се земени моите наводи, е доказ мојот предмет, Закаснат или намерно затаен одговор, од 31.03.2006, во 10 точки итн. Од овој, што важи и за претходните предмети, испратени само поради тоа што имало потреба да има повеќе расправи, а не само една, кога адвокатот ништо не изјавуваше и приложуваше, видливо е дека во Пресудата имало само една странка: избраниот кандидат, кој не ги исполнувал условите за наставник. Затоа постапката за предлагање и избор биле само со единствен фалсификат, без ниеден труд да стане дури редовен професор. Со ова се потврдува, приватизирање на конкурсите, а вакви се два, еден по друг, за истиот предмет, воден во Вашиот суд.

Поради наведеното, тужителот ја поднесува оваа жалба и на второстепениот суд му предлага да ја усвои истата, првостепената пресуда да ја укине и предметот да го врати на повторно одлучување и пресудување, со напаствија за остранување на сите пропусти и забелешки изнесени во жалбата. Во тужбата се бараше да се укини изборот на лицето кое не ги исполнува условите за наставник, зашто од личен интерес на предлагачите следел и фалсификат. Потоа да се изврши избор само од преостанатите кандидати″.

На 26.09.2006 преку Основниот суд Скопје I Скопје за П.бр.3556/04 до Апелациониот суд испратив ″Предмет: Прилог кон жалбата од тужите-лот од 07.09.2006 и Дополна на жалба на тужителот од 15.09.2006.

На 21.09.2006 од Основниот суд Скопје I беше испратен предмет за наведениот предмет за да платам судски такси 4700 денари, со наведување: средствата да ги уплатам ′во рок од 15 дена по приемот на оваа опомена на жиро сметка и тоа за′ сметката 840-033-03359.

Одма отидов да ја уплатам побараната сума. Изгубив денови, а Поштата не сакаше да ја прими уплатата. Ова било поради тоа што сметката била стара...да го закасни рокот...

Бидејќи за вакви нечесни дејствија не сакам да губам време за пишење на предмети, ниту да плаќам поштарина, со предметот додавам:

1. Во прилог кон тужбата од 01.11.2005 наведив: ′Во рефератот за наставник стои: тој бил роден на 14.09.1940 година. Го завршил Средно ветеринарно училиште. Другото во рефератот не е вистина...тој како ветеринарен техничар исполнил 40 години работен стаж...′. Тужениот не даде писмен доказ, заверена компјутерска листа за пензискиот стаж.

2. Во П.бр.3556/04 се говореше како поради мене се растураат конкурси, и како за предметот говедарство во 1995 година сум одбиен. Тн.рецензија беше за двата кандидати: предложениот и за мене. Рецезент беше Ристо Илковски. Овој докторирал на предметот говедарство, кој го предавал агроном. Токму затоа тој никогаш не можел да биде доктор. Следниот наставник рецезент, од истиот факултет, никогаш не се бавел со говедарство. Ова говори, тн.рецензија била од несоодветни лица. Поради тоа, тие не дале рецензија, туку тие само опишале што било во заедничките писарии.

3. Ветеринарниот техничар, кој завршил интерен Земјоделски факултет, од него добил звање магистер и доктор кај Ристо Илковски, бил избран за доцент во 1995 година. Тогаш со силеџиски чин јас бев одбиен. Членови на Рецезентска комисија биле Ташко Токовски, Никола Тодоровски и Ристо Илковски. Првиот и вториот никогаш не се бавеле со говедарство. Цела постапка била само за лични цели, на предложениот и Ристо Илковски, кој на моја сметка заработил. Од Земјоделскиот факултет го добив П.бр.08-1989/1 од 27.09.1995, во кој се гледа дека јас ја започнав постапката ′за преиспитување на магистерските и доцторските дисертации′. Се додека постапката не заврши, се запира изборот. Иако ваква е состојбата, предложениот е избран и до денес предава...Покренување постапка за некој да не може да има научно звање е граѓанско право на секој граѓанин. Ова произлегува поради тоа што од несоодветни лица се доделуваат звања, со историски теми за поламатура и матура. Дури тој од најнесоодветни лица се предлага за наставник, и тоа со невистина и само на штета на државата. Во истиот предмет за мене се наведува: ′Дописите се пишувани невообичаено и тенденциозни со што се навредува угледот на Земјоделскиот факултет и неговите професори без да се наведат посебни факти за што истите се неприфатливи′. Кога без ниеден објавен самостоен труд кандидатот се предлага и избира за наставник, дури со невистини, е загрозен ′угледот на Земјоделскиот факултет и неговите професори′. Ако овие би имале некаков углед немаше да си дозволат јас да не бидам предложен и избран. Ако кон ова се додаде дека јас во Германија бев испратен од Земјоделскиот факултет, и тоа за неговите потреби, а само јас сум одбиван и навредуван, кадрите во Факултетот се ′невообичаено и тенденциозни′, без самостојни трудови, учебници и книги. Поради ова студентите студираат студено како во 19 век и тоа кај наставници во 21 век, што е срамно и неиздржливо. (Дури тие учат на странски јазици: српски, бугарски..., Р.И.)

4. Јас рецензијата од 1995 година никогаш не ја добив. Ова се потврдува со П.бр.08-1989/1 од 27.09.1995, во кој стои: ′факултетот нема обврска да ги доставува рецензиите′, што е самоволен чин, непримерен во ниедна земја. Во друг случај, за конкурсот од 18.07.1996, за избор на наставник по предметот овчарство, јас бев одбиен, а беше примено интерно лице Владимир Џабирски,со интерен магистрат и докторат двата необјавени. Затоа тој немагистрирал ниту докторирал. Тој самостојно ништо нема објавено: тој е прв под број 2 и 3 и под 2. Тоа не пречи, тој да биде предложен од Ташко Токовски, Никола Тодоровски и Ристо Илковски. Овде се среќава Ристо Илковски, кој никогаш не се бавел со овчарство. Инаку тој на моја сметка многу заработил, што истото се случило во Ветеринарниот факултет итн. Првиот иако многу постар од мене докторирал по мене, кој без трудови докторирал кај вториот. Кај овие двава докторирал Владмир Џабирски, а истите се среќаваат како рецезенти. Видливо е непочитување на никаква законитост, што е самоволен чин. Бидејќи се надевам дека еднаш во Земјоделскиот факултет ќе се најдат луѓе со човечност и достоинство не тужив. Затоа се излагав. Важно е дека при овој конкурс, за мене има рецензија. Овде постои

разлика. Јас сум објавил седумнаесет трудови: под 1. по мојот професор во Виена и директор во Минхен јас сум втор; под 2. мојот професор...сум трет; под 3. сум сам; под 4. јас сум прв... професорот е трет. Овие се објавени во Германија. Еден е објавен во Битола, јас сум прв, а има уште еден коатор. Сите други самостојно се објавени во југословенскиот часопис ′Сточарство′- Загреб. Мене не ми беше дозволено да објавувам во СР Македонија, што опстои до денес, од лица кои на државава и нанеси ја штети, порадишто се судам и плаќам за се и сешто.

5. ЗА МЕНЕ ДОСЕГА СЕ ИЗВРШЕНИ ДВЕ РЕЦЕНЗИИ. Со ова се потврдува, моето одбивање е лична цел на група луѓе кои по секоја цена опстојуваат само на штета на државава. Јас имам прекомплетни документи и книги од 1990 година, дури две рецензии, а ветеринарниот техничар се до објавување на конкурсот за П.бр.3556/04 само една тн.рецензија од нерецензирани доктори според законите за високо образование, кои важат во Европа. Овие не важат кај нас. Па како ќе важат, кога ниеден наставник не исполнува ниеден услов за да биде предложен и избран. Следниот став го поправа претходниот, а со последниот став се избира секој кој се сака, иако без ниеден труд...″.

На 07.10.2006 преку Основниот суд Скопје I Скопје до Апелациониот суд испратив ″Предмет: Прилог кон жалбата од тужителот од 07.09. 2006. Дополна на жалба на тужителот од 15.09.2006. Прилог кон двата предмето од 26.09.2006.

Предметот на тужбата и жалбата беше самоволно избраниот ветеринарен техни-чар. Тој без никава работа бил предложен и избран за вонреден професор и тоа само со повторена рецензија на неработникот Ристо Илковски, за истиот предмет. Токму затоа кај двете лица по струка и наука немало никогаш напредок. Ова важело во Земјоделскиот факултет-Скопје, со неговиот кадар избиран самиот од себеси. Така тој до денес се одржал, но не сточарството. Ова беше упропастено.

Бидејќи Факултетот немаше кадар, што важи се до денес, продолжувајќи до на век, во Западна Германија беа испратени на дообразување. Пред мене имаше претходници. Тие како отишле, така дома си дошле. Ваков беше и Ристо Илковски. За него неговиот факултет му стокмил звање кое прилега на него, со неговата наставна придружба.

1. Ваков бил ветеринарниот техничар, внатрешен кадар, предмет на тужбата, што важело и за други техничари, со поклонети звања, денес дури редовни професори, срам за струката и науката.

2. За ваквиот кадар звањата биле доделувани од наставници, кои немале издадено учебници. Според Законот за високо образование на Европа, на пример Германија и Австрија, за доцент да има издадено книга, за вонреден професор учебник, а за редовни професори учебници. Токму затоа во Факултетот лицата кои немаат книги и учебници не смеат да бидат наставници. Истото важи и за другите наведени институции.

3. Во Факултетот добиле звања лица, кои можат да бидат само помошен персонал на Факултетот, истоветни се делачите на звањата. Кај овие магистрирале и докторирале со теми за полуматура и матура лицата Боне Палашовски, Петар Мицевски, Митре Стојановски, Михајло Адамов итн. Дури вториот магистрирал со плагијат на мој труд објавен во југословенскиот часопис за сточарство ′Сточарство′- Загреб. Поради првиот изгубив право да се вработам во Институтот за сточарство- Скопје, кој беше и е директор, а дури го избрале наставник во Вишата земјоделска школа-Битола, денес факултет, а таа како непотребна требаше да се укине по 1980 година. Во неа третиот станал наставник, а четвртиот во Ветеринарниот факултет- Скопје. Главен рецезент бил. кој друг ако не Ристо Илковски. Бидејќи тој на мене многу заработил, барем еднаш да ми се заблагодареше. Па јас не барам ни еден денар негова заработка.

4. Како потврда дека ваквиот факултетски кадар е ништожен, е пример избраниот доцент, вонреден и редовен професор, лицето, кое редовно завршил само средно Ветеринарно училиште-Битола, предмет на тужбата. Спротивно на законите во државата тој брка приватен бизнис, спрема производи за мешање во фабрики за добиточна храна. Со него главен носител е лице кое редовно завршило факултет, редовно магистрирало и докторирало, редовно секогаш работело и токму затоа редовно во струката и науката се постигнало.

5. Дека се ова е и одмазда, е и доказот, што Земјоделскиот факултет- Скопје со Институтот за сточарство- Скопје за РО ′Бентомак′- Крива Паланка направил препарат за исх-

рана на говеда на база на уреа. Бидејќи тој беше многу отровен, јас ја презедов нивната дејност. Беше преземен пазарот на ИНА- Кутина (Хрватска), чиј пазар беше во Србија и Македонија, меѓу Суботица се до со Битола. Само така факултетот го спасив од најголем срам и работната организација од нејзина ликвидација. Меѓу нас постоеше договор во установата надлежна за авторства. Со распадот на СФРЈ состојбата се промена. Затоа од Факултетот требаше да добијам најголема благодарност, а не најгнасни ѕверства и одмазда.

Со тоа што јас во Р.Македонија сум неподобен и тоа за злосторници и ништожници кои на државичката и нанесле огромни штети, зашто во Обвинителството сум пријавувал и пишел, многу загрижува и застрашува″.

На 09.01.2007 следи за ″П.бр.3556/04 Преку: Основниот суд Скопје I- Скопје До: Врховниот суд на Македонија- Скопје Тужител: Ристо Ива-новски од Битола Ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Тужен: Земјоделски фа-култет- Скопје

Р Е В И З И Ј А  О Д  Т У Ж И Т Е Л О Т

Против Пресудата на Апелациониот суд Скопје Гж.бр.7667/06 од 30.11.2006, во кои постои само една странка, само тужениот, без да се прифати било што на тужителот. Бидејќи тужениот не приложи ниеден доказ за се она што пишувам во тужбата за П.бр.3556/04, како и дека предложе-ниот и избраниот кандидат не ги исполнува условите за наставник по сите звања, според закон за високо образование, всогласен во се со европските, а тој веќе е во пензија, со Ревизијата не само да барам да се повтори постапката, туку да се преиначи одлуката, да се изврши избор само од преостанатите кандидати, а не од избраниот кандидат, кој е срам за науката и струката.  О б р а з л о ж е н и е

Со решението на Основниот суд Скопје I Скопје П.бр.3556/04 од 3.5.2006, потврдено со решение на Апелациониот суд Скопје Гж.бр.7667/06 од 30.11.2006, добиено 21.12.2006, отфрлена е тужбата на тужителот Ристо Ивановски од Битола против тужениот Земјоделски факултет Скопје. Ова е само повторена иста постапка за П.бр.3555/03 од 11.12.2003 и Гж.бр. 1427/ 04 од 24.03.2004, да се избираат само лица со интерни звања, дури со необјавени трудови за звањата, значи, неважечки. Ова не е во согласност со Законите за високо образование на Европа, срам за Р.Македонија. Исто така, тужителот токму од Факултетот бил испратен на доусовршување во Германија, каде тој четири години роботел како научен соработник и докторирал во Виена на 04.11.1976. Досегаваков нема во наведениот факултет. Тој има објавено 19 книги, формат А5 со околу 5400 страни, и преку 200 трудови и написи во Германија, Хрватска и Македонија. Ова не важи за предложениот и избран кандидат, кој нема објавено ниеден самостоен труд ниту напис. Се тој што објавил биле само интерни групни писарии, што го руши достоинството на научното звање доктор на наука.

При предлогот и изборот на интерното лице се прави најголем престап: Ристо Илковски, наставник на Земјоделски факултет- Скопје, кој на ветеринарниот техничар му ги доделил сите звања (дипломиран инжинер, магистер и доктор), е истото тоа лице кое е и главен рецезент ветеринарниот техничар да биде предложен во сите звања (доцент, вонреден и редовен професор). За ова наставникот убаво си заработил. Ако кон ова се додаде, дека истиот тој наставник е рецезент и на друго лице, кое исто така како ветеринарен техничар ги добил сите звања, а од него како рецезент бил предложен во Ветеринарниот факултет-Скопје, навистина′таткото′ на овие лаици, во прав смисол, со мене многу заработил, ама ја оштетил државата. Дури Ристо Илковски магистрирал и докторирал на предметот говедарство кај наставник само со завршен Земјоделски факултет. Во случајов, исто така, и кај двата кандидати, кои ги предлагал Ристо Илковски. Па овој не можел да магистрира и докторира кај дипломиран инжинер, агроном. Се ова говори, изборите на двете негови ′детенца′ биле само за лични цели, само на штета на државата. Ова се гледа и по тоа што ветеринарниот техничар пред пензионирањето докторирал во 1995 година, а во ист миг бил предложен и избран за доцент без ниеден објавен самостоен труд и напис. Ова е навреда во струката и науката на Р.Македонија. Ова е повод, што Р.Македонија по сточарство е само пред Албанија.

За ова да се спречи, јас во 1995 година се расправав за предлогот и изборот на ветеринарниот техничар. Бидејќи јас во Виена, според Законот за високо образование, полагав заклетва, дека добиениот степен доктор може да се одземе во повеќе случаеви, како и дека секое знаучно звање е јавно, секој граѓанин има право да покрене постапка, да се преиспита како се дошло до тоа звање, како што е во случајот со наведениот ветеринарен техничар.

Бидејќи јас постапката уште тогаш ја започнав, а се додека за таа прозваното лице и Факултет не сакаат да расправаат, постапката не е завршена. Значи, додека таа не заврши, лицето не е доктор на наука. Се ова говори, тој додека овој спор не го заврши, не ги исполнува условите, кои беа наведени во конкурсот, кој се објавува според Законот за високо образование. Токму Законот најповеќе мора да го почитува и Факултетот.

Како потврда, дека ветеринарниот техничар не е доктор на наука, тој со доктор на наука, вон Земјоделскиот факултет- Скопје, има фабрика за добиточна храна. Бидејќи ветеринарниот техничар си бил и си останал само техничар, тој со него има доктор. Докторот во фабриката за се одговара, а техничарот е само потрчко. Бидејќи техничарот е основач на фирма, се потврдува, тој не е крив што тој не се усовршил, туку не постои закон, со кого тој ќе биде принуден, тој да се усовршува, нешто повеќе да научи од она што го знае како техничар: вештачко осеменување...Тој како техничар образува лоши кадри, а тој со неговата фирма си профитира. Затоа неговиот Факултет него само му обезбедува една социјална грижа, на сигурност, уште едно лице да изрдржува, а на некој чесен човек, кој сака да и се посвети само на науката, а со тоа да се грижи за своето семејство..., ова право му е одземено, и тоа на штета на државата. Па на вакво лице, од самиот почеток, кога тој станал сосновач на фирма, по службена должност итно мораше да му престане работниот однос. Со тоа што ова во Факултетот се подржува, во него има мрачни слики, само за лични цели, на штета на државата.

Дека кадарот на Земјоделски факултет не е способен да се соочи со проблемот по сточарство е доказот, што од неговиот кадар беше предложен препарат, на база ура, за исхрана на преживни животни. Овој се произведуваше во РО ′Бентомак′- Крива Паланка. Бидејќи тој беше отровен, дојде до масовни труења. Бидејќи јас фирмата и факултетот ги спасив од ликвидација, кои при помасовна употреба на препаратот ќе морале да ги надохнадат огромните штети, јас него го презедов, а оттогаш тој повеќе не-беше отровен. Исто така, на мој предлог беше направен друг препарат за апсорција на отрови итн., со кои Рафинеријата ИНА- Загреб беше потисната од Србија и Македонија...Во Фабриката за квасец и алкохол- Битола на мој предлог беше прифатен препаратот ′Кваско′ за потсирување на млеко итн. Токму овие мои активности се повод, јас за нив да не бидам пожелен.

Тие не сакаат да има конкуренција, тие во неа ќе се изгубат. Па тие си предложиле и си избрале ветеринарен техничар, нивна слика. Со стариот закон тој ги исполнуваше условите за во пензија. Па следи конкурс. Се промена законот, и со него е веќе во пензија. Во Билтенот бр.852, од 1 јуни 2004 година, е извештајот за ветеринарниот техничар, Танас Трајковски. Тој се вработил пред 1961 година. До 2001 година тој веќе имал 40 години работен стаж. Тој бил роден на 14.09.1940 година. Тој до истиот датум во 2004 година бил во пензија. Конкурсот бил објавен на 02.04.2004, а на 29.04.2004 е извршен избор на Рецензова комисија. Тој ги исполнувал условите за во пензија на 14.09.2004 година. Судот во 2005 година ја разгледувал судската расправа, дури во цела 2006 година. Така тој спротивно на законот ќе работи, се додека не се објави нов конкурс, во некое гласило, кое не пристига во Битола или било кое, што јас нема да го видам. Така техничарот ќе произведува техничари на факултетот. Овој поради лични цели нема да има свој кадар, што важи за државата. Се ова што е наведено и што следи е наведено во моите предмети на постапката.

Двата судови направија суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, бидејќи погрешно и нецелосно ја утврдија фактичката состојба. Имено и првостепениот и второстепениот суд не го зеде во предвид фактот што постапката пред надлежниот суд тужителот ја поведе како граѓанин на кој му е оневозможено да учествува на конкурс за избор на наставник со сите звања. Јас бев одбиен поради тоа што јас на конкурсот сум немал комплет документи, што не е вистина. Ова се гледа и по тоа што јас редовно конкурирам од 1990 година. Никогаш моите документи назад не ми ги вратија. Ова било поради тоа што со нивниот одговор сум стекнувал право на тужење. Иако јас ги барав документите, со кои беа приложени трудовите, по еден пример од секој труд, нишо не ми беше вратено. Ова без прекин трае се до за П.бр.3556/04.

На 15.09.2006 во Дополна на жалба на тужителот, под точка 11, за П.бр.3555/03, кој претходеше за П.бр.3556/04, напишав: ′На 13.11.2002 во весникот >Нова Македонија< беше објавен конкурс за наставник во сите звања, по предметот говедарство. Ова е повторување

на истиот конкурс од 14 јули 1999 година, на кого исто така се пријавив со свој предмет од 14.07.1999. Бидејќи изборот не беше извршен, истиот наставник продолжи да држи предавања. Јас за ова ништо не бев информиран. На 19.11.2000 итн. испратив предмет Молба за испраќање на рецензијата. До денес ги немам добиено својата пријава со документите и прилозите наведени по реден број од 1- 7. Покрај моите молби, од Вас до денес сум без одговор.

Со пријавата за објавениот кокурс од 13 ноември 2002 година се пријавив на предметот говедарство. Во прилог можат да се користат мојата пријава со од 1- 7 документи и прилози, кои од 14.07.1999 се кај Вас. Исто така, сите пријави за избор на наставници на кои сум одбиван, ама и не извршениот избор по предметот свињарство во 1990 година. Порај тоа, се пријавив до Вас на конкурсот за предметот сточарство на 18 јули 1997 година зашто немам добиено одговор. Во прилог можат да се користат предметот испратен до Деканот на Земјоделскиот факултет од 06.03.2002...′.

Ова ништо не се прифаќа, а ветеринарниот техничар со години предава без тој да биде предложен и избран, потврдувајќи се дека во Факултетот не се почитуват Уставот и законите на државата. Па тој бил само за внатрешни лица, неспособни на пазарот да се понудат како стручни лица, никако како научни. Затоа никој од нив ништо нема изнесено или објавено вон нивниот Факултет, само за интерни употреби.

Како потврда дека не е вистина дека јас сум немал комплетни документи, се гледа според мојот навод од мојот прилог од 26.09.2006, под број 4, стои: ′за мене досега се извршени две рецензии′. Првата беше во 1995 година. Таа беше токму за предметот, за кого се расправа. Се ова говори, ова нема врска со наука и струка, никако со некаков закон, туку ова е само самоволен чин. Ова се гледа и по тоа што, овој предмет мораше да се заврши само со една расправа. Меѓутоа, судијата се грижел да заработи адвокатот. Јас не признавам повеќе од една расправа и барав да бидам ослободен (од плаќање) се додека не се вработам, приложувајќи и потврда дека сум без приходи. Двата суда тоа не го прифатија, па сум задолжен да го платам адвокатот во износ 22.620,00 денари, што е срамота. За потврда, дека моиве наводи не се произволни, е доказот, што Рецензијата е пишена на ист комјутер од лице, која ја користи Вуковата буква ќ, всушност оваа се среќава и пред Вук Караџиќ, кај нашиот Ѓурчин Кокале, а од тоа исто лице, секретарот на Факултетот, е испратен и единствениот предмет и тоа преку адвокатот, што јас го добив преку Судот.

Со ова се потврдува, одземенето право на секој граѓанин да конкурира, што е негово уставно право, што важи и непочитувањето на Законот за високо образование, кој мора да биде во склад со нормите кои владеат во Европа, предност да имаат само оние кои ги исполнуваат условите. Токму ова неважи со реизбраниот пензиониран ветеринарен техничар. Овој интерно го завршил наведениот факултет, кај него магистрирал со тема за поламатура и докторирал со тема за матура. Бидејќи звањата се јавни, а тие никаде не се објавени, значи, тие се кријат од научната и стручната јавност, тие самите се срамат и плашат, звањата никако не се важечки. Исто така, тој без ниеден објавен самостоен труд и самостоен напис прво бил избран за доцент, потоа за вонреден, а со последниот конкурс за редовен наставник. Па тој нема издадено ниеден учебник, што е основ, тој да биде предложен, а тек потоа избран. Овој од 1995 година образува кадар во државава, и неа само и нанесува штета, без ниеден за тоа да не одговара. Токму поради ова, во мојата 9-та книга ′Исхрана на говедата′, досега на Факултетот никој не издал книга за исхрана, на задната корица наведив, според патеписците, Македонија до 1913 година била пред соседите, а денес е само пред Албанија. Жалосно и срамно.

Со оглед на сето горе изнесено сметам дека има место да се укинат двете решенија (на двата суда) и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење, поради-што, молам да поднесете барање за заштита на законитоста до Врховниот суд на Република Македонија во смисол на однапред изложеното, согласно со одредбите на член 387- 394 од ЗПП. Ова беше испратено до Јавното обвинителство на 21.12.2006. Од него на 06.01.2007 добив предмет ГО.бр.1125/2006 од 03.01.2007, испратено преку пошта на 05.01.2007. Тој не бил надлежен. Исто така, до него сум испратик: Кривична пријава на 09.09.2006, за се што овде е наведено итн., Дополна на жалба на тужениот од 15.09.2006, до него испратена на 16.09.2006, Прилог... од 26.09.2006 и Прилог...од 07.10.2006″.

**11.** ПОЛИЦИСКО ДОСИЕ: Откога се вратив од Германија бев на дневен ред, за мене се водеше и евиденција. Кодошите опстоиле од пред 1913 година се до денес.

Ваквите кодоши известуваа во полицијата, ми го полнеа моето досие. Таков беше и Никола Лазаревски, Коларов, кој ми беше благајник во Развојната служба на ЗИК ″Пелагонија″... Тој имаше кодошено а и во 1985 година за граната, поставена во печка во ООЗТ ″Нов живот″ с.Кременица за да биде убиен Вангел Гагачев. Меѓутоа, место таа да го убие В.Гагачев, таа по запалување на печката убила друг.

**12**. Моето уништување продолжи и вон Комбинатот...Дури во МАНУ. Во него во 2005 година бев наречен и лаик. Ова било само поради тоа што јас бев и останав единствен автор кој по Григор Прличев има пишувано и објавен книга за животот на Геогри Кастриот, тн.Скендербег...

**13.** ПОШТА: Моите пратки не стигаат во Скопје, во Чаир...